Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“

Владимир Талевски

# МЕТОДИКА НА МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

## ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ



Скопје, 2018

**Издавач:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

**Уредник за издавачка дејност на УКИМ:**
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

**Уредник на публикацијата:**
проф. д-р Владимир Талевски, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски"

**Рецензенти:**
1. проф. Запро Запров
2. проф. д-р Томе Манчев

**Техничка обработка:**
проф. д-р Владимир Талевски

**Лектура на македонски јазик:**
Емилија Величкова

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.3:78(075.8)

ТАЛЕВСКИ, Владимир
Методика на музичкото воспитание : предучилишно воспитание / Владимир Талевски. – Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2018. – 212 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 210-212

ISBN 978-9989-43-417-4

а) Музика – Предучилишно воспитание – Наставни методи – Високошколски учебници COBISS.MK-ID 108961546

**Содржина:**

**ВОВЕД** - - - - - - - - - 7
**I ОПШТИ ПОИМИ** - - - - - - - 10
*- ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА ПО МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ* - - - - - - - - 10
- Цел на методиката по музичко воспитание - - 10
- Задачи на методиката по музичко воспитание - - 11
*- ПОИМ ЗА МУЗИКА* - - - - - - - 12
*- ПРВИТЕ ПОЧЕТОЦИ НА МУЗИКАТА, ЗНАЧАЈНИ МУЗИЧКИ ПРАВЦИ И КОМПОЗИТОРИ* - - - - - - 14
- Првите почетоци на музиката - - - - - - 14
- Музиката кај старите источни цивилизации - - 17
- Средновековна музика - - - - - - - 20
- Ренесанса - - - - - - - - - 22
- Барок - - - - - - - - - 24
- Класицизам - - - - - - - - 24
- Романтизам - - - - - - - - 27
- Музичката уметност во Македонија - - - - - 30
*- ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПО МУЗИЧКО* - - - - - - - 32
- Воспитно образовниот процес по музичко во Р. Македонија 37

**II ПСИХОФИЗИЧКИТЕ И МУЗИЧКИТЕ ОСОБИНИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ** - - *39*
*- ПСИХОФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ* - - - - - - 40
*- МУЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛШНА ВОЗРАСТ* - - - - - - - - - 43
- Музичкиот развој во првите три години - - - 43
- Музичкиот развој од четвртата до шестата година- - 47
*- ЗНАЧЕЊЕТО НА МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ* - - - - - 49
- Влијанието на музичкото воспитание врз развитокот на сензорните способности кај децата - - - - 51
- Развитокот на моторните способности - - - 52
*- ОДРАЗОТ НА МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВРЗ РАЗВИТОКОТ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕЦАТА* - 52
- Развивањето на детското внимание со неговите главни карактеристики - - - - - - - - 52
- Развивањето на способнста на намерно помнење - - 54
- Развитокот на мислењето и творечката фантазија - - 56

- *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И РАЗВИТОКОТ НА СПОСОБНОСТИТЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА, ДОЖИВУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ЕСТЕТСКИТЕ СВОЈСТВА НА МУЗИКАТА* - 57
- Развивање на способноста за перцепција на естетските својства на музиката - - - - - - - - - 57
- Развивање на способноста за доживување на естетските својства на музиката - - - - - - - 57
- Развивање на способноста за вреднување на естетските својства на музиката - - - - - - - - - 58
- *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И ФОРМИРАЊЕ НА МУЗИЧКИОТ ВКУС* - - - - - - - 58
- *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ФОРМИРАЊЕТО НА ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА* - - 59

**III ФОНОТАРЕН СИСТЕМ** - - - - - - 60
- АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА - - - - 60
- Органи за подготовка на гласот - - - - 62
- Органи за создавање на гласот - - - - 65
- Органи за појачување на гласот - - - - 67
- ДИШЕЊЕ ПРИ ПЕЕЊЕ - - - - - - 70
- НЕГУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА ДЕТСКИОТ ГЛАС - 71
- Вежби за развој на градниот кош - - - - 72
- Вежби за вдишување - - - - - - 73
- Вежби за издишување - - - - - - 73
- Важноста на правилното дишење - - - - 74
- ПОСТАВУВАЊЕ НА ГЛАСОТ – ИМПОСТАЦИЈА - - 75
- Дикција - - - - - - - - - 78

**IV ДИДАКТИЧКО – МЕТОДСКИ СОДРЖИНИ** - 80
- *ДИДАКТВИЧКИ ПРИНЦИПИ* - - - - 80
- Принцип на свесност и активност - - - - 81
- Принцип на постапност и систематичност - - - 82
- Принцип на нагледност - - - - - - 83
- Принцип на соодветна детска возраст - - - 84
- Принцип на дожививање - - - - - 85
- Принцип на интерес и љубопитност - - - - 85
- Принцип на трајност - - - - - - 86
- Принцип на различност - - - - - - 86
- Принцип на индивидуализација - - - - 87
- *МЕТОДИ И ПОСТАПКИ* - - - - - 87
- Методи засновани на зборови - - - - - 88

- Методи засновани на набљудување - - - - 91
- Методи засновани на практични активности - - 93
- *ФОРМИ НА РАБОТА* - - - - - - - 95
- *СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА* - - - - 97
- *ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА* 98
- Макро планирање - - - - - - 100
- Глобално – тематско планирање - - - - 100
- Микро планирање - - - - - - 126

**V МУЗИЧКИ АКТИВНОСТИ** - - - - 131
- *ПЕЕЊЕ* - - - - - - - - - 131
- Улогата на песната во развојот на детската личност - 133
- Избор на песни - - - - - - - - 134
- Методски пристап на обработка на песна - - - 136
- Креативно пеење - - - - - - - - 138
- Пеење песна за возрасна група од 2 до 3 години - - 140
- Пеење песна за возрасна група од 3 до 4 години - - 142
- Пеење песна за возрасна група од 4 до 5 години - - 143
- Пеење песна за возрасна група од 5 до 6 години - - 145
- *СЛУШАЊЕ МУЗИКА* - - - - - - 148
- Цели и очекувани резултати на возрасни групи - - 150
- Избор на музика за слушање - - - - - 153
- Подготовка на воспитувачот за слушање музика - - 154
- Методска постапка за слушање на музика - - - 155
- *ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ* - - - 162
- Поделба на детски музички инструемнти - - - 163
- Музички инструменти со неодредена висина на тонот - 165
- Музички инструменти со одредена висина на тонот - 170
- Подготовка за свирење - - - - - - - 173
- Свирење на детските музички инструменти - - 174
- *МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ* - - - - - - - 183
-*МУЗИЧКИ ИГРИ* - - - - - - - - 187
- Значење на музчичките игри - - - - - 187
-Бројалки - - - - - - - - - 189
- Игри со пеење - - - - - - - - 197
- Игри со инструментална музика - - - - 200
- Игри со народни ора и песни - - - - - 202
- Кртеативни игри (танци, импровизации) - - - 203
- Музички драматизцации - - - - - 204
- *ОСНОВИ НА МУЗИЧКОТО ТВОРЕШТВО* - - - 205
- КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА - - - - 210

*„Не некое дете, туку секое дете има право на музичка култура”*
*Ели Башиќ*

# В О В Е Д

Воспитниот процес на личноста започнува од најмала возраст. Првите седум години од детскиот развој претставуваат фундамент на кој се надоградуваат сите чинители во развојот на детската личност. Како еден многу важен сегмент е музиката, застапена во секојдневниот живот, која претставува култура на живеење, а како таква има значајна улога и во воспитно – образовниот процес на младата индивидуа.

Музичкото воспитание има големо влијание врз развитокот на детската личност, како што се развитокот на музичките способности, естетските чувства, способност за разбирање и доживување на музиката, поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста, музичкото изразување, стекнување култура на однесување, подготвување за активно вклучување во музичкиот живот во општествената средина. Но, исто така, музичкото воспитание и образование има примарна улога за развојот на интелектуалната функција на децата. Тоа влијае во формирање и развитокот на музичките способности, поврзани со целокупниот психички развиток на децата, како што се нивните емоции, осети и перцепции, вниманието, мислењето и говорот, помнењето, фантазијата итн. Затоа музичко воспитно–образовниот процес има далеку поголемо значење за сестраниот развиток на детската личност, како што се сензорните, моторните, интелектуални способности, способностите за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката, формирање на музичкиот вкус и развивање на способностите за естетско изразување, како и творечките потенцијали.

Како основен предуслов за изучување *Методика на музичкото воспитание,* потребно е да бидат совладани основите на музичката теорија, поточно „музичката азбука“, која претставува основа за проширување на знаењата во областа на музичката педагогија (звук, тон, ноти, паузи, линиски и тонски систем, музички клучеви, имиња на тоновите, бележење на истите на петтолиние во Ге клуч); метрика (нагласени – ненагласени метрички делови); ритмика (едноставни тактови со мерна единица: четвртина нота, осмина нота и половина нота, сложени рамноделни и нерамноделни тактови); мелодика (основна скала, стапало, степен, тетракорд, дурски и молски скали – до три предзнаци); интервали (поим, основни

интервали); артикулација; динамика; темпо; помошни знаци и кратенки; повишени, снижени и разрешени тонови.

Учебникот *Методика на музичкото воспитание*, наменет е за студентите на педагошките факултети за предучилишна воспитна група. Конципиран е според основи на програмата за воспитно–образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки при Министерството за труд и социјална политика од 2007 година, како и според наставната програма на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, како и програмите од педагошките факултети во Република Македонија.

Учебникот е конципиран во пет поглвја:

*I – Општи поими*, содржани се основните поими за музичката уметност воопшто; првите почетоци на музиката и значајни музички периоди и композитори; музичката уметност во Република Македонија; историскиот преглед на музичко воспитно–образовниот процес; воведни методско-дидактички забелешки; предмет, цели, задачи и значењето на методиката на музичкото воспитание; значењето на музичкото воспитание за развитокот на детската личност; одразот на музичкото воспитание врз развитокот на интелектуалните способности кај децата; музичкото воспитание и развитокот на спсобностите за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката; музичкото воспитание и формирање на музичкиот вкус; музичкото воспитание и неговото влијание врз формирањето на особините на личноста – темперамент и карактер.

*II – Психофизичките и музичките спсобности на децата од предучилишна возраст,* објаснети се општите начела, од самото раѓање до наполнување на шест годишна возраст, со кои треба да бидат запознаени воспитувачите за развојните процеси на децата од предучилишна возраст. Посебно е објаснето значењето на музичкото образование, како и влијанието во развитокот на сензорните, моторните, способност за намерно помнење, творечката фантазија, развитокот на способноста за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката.

*III – Фонотарен систем,* содржани се објаснувањата за создавањето и реализацијата на човечкиот глас, во кои се вбројуваат: анатомија и физиологија; дишење при пеење; негување и развивање на детскиот глас; поставување на гласот – импостација.

*IV – Дидактичко–методски содржини,* ги содржи основните начела за организацијата и реализацијата на тематските содржини, како што се: дидактичките принципи, методите и постапките, формите на работа, средствата за реализација, како и планирањето на воспитно–образовните задачи.

*V – Музички активности,* се распределени според возрасната група на децата, проследени со сите музички активности: пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење и основи на музичкото творештво.

# I ОПШТИ ПОИМИ

## *ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МЕТОДИКАТА ПО МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ*

Музиката е исклучително важен сегмент на човековото културно реализирање и како таква има потреба да има свое значајно место во воспитниот процес во детските предучилишни установи. Активностите по музичко од најрана возраст, претставуваат комплексно делување врз целокупниот психофизички развиток кај децата (когнитивен, емоционален, социјален, морален и психомоторен), а тоа е насочено кон неговото делување врз развитокот на позитивните емоции, љубовта кон музиката, желбата за активна работа и посветеност со музика, музичко изразување, како и одделните карактерни особини–самостојност, кооперативност, одговорност и културно однесување.

Во основите на програмата за воспитно–образовната работа со деца од предучилишна возраст, дадени се основните начела за развојот на детската личност: социјалниот, емоционалниот, моторичкиот развој, развојот на комуникација и творештво, како и развојот на интелектуалните способности. Во сите параметри музичкото воспитание има важна улога за развој на детската личност.

Методиката по музичкото воспитание покрај што е воспитно–образовно научна, исто така има и примарна улога. Како дел од програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст, музичкото воспитание придонесува за сестраниот психофизички развиток на детската личност–нејзините сензорни, моторни, интелектуални способности, способност за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката, формирање на музички вкус, развивање на способностите за естетско изразување како и таоречките потенцијали.

### ***Цел на методиката по музичко воспитание***

Како наставна дисциплина (во плановите и програмите во високообразовните институции и програмските нормативи од министерството за социјална политика), методиката на музичкото воспитание има за цел студентите да се оспособат за реализација на програмските содржини по музичко воспитание

во предучилишните установи, развивајќи ги своите потенцијали, музичкиот вкус, секој студент да се насочи кон креативност и самостојна работа во поставените барања.

Главни цели на музичкото воспитание во воспитно–образовната работа со деца од предучилишна возраст се:

- развивање на интерес и љубов кон музиката;
- поттикнување на интерес, развивање желба и култивирање на детското природно тежнение за учество во различните музички активности (пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење, основи на музичкото творештво);
- формирање и развивање на музичкиот вкус;
- развивање способности за емоционално восприемање и доживување на музиката;
- создавање услови за откривање на богатството и разновидноста на звуците;
- поттикнување на желбата и навиката за активно слушање на музиката;
- негување и развивање на различни форми на спонтано музичко творештво;
- развивање интерес и љубов кон уметничкото и народното творештво;
- негување на љубов кон татковината, националниот и културниот идентитет;
- доживување на музичката уметност како дел од општественото и културното живеење;
- откривање, негување на индивидуалните специфични способности и надареност и развивање на инстиктите;
- доживување на музичкиот уметнички јазик и неговите изразни средства;
- поттикнување на животниот оптимизам и облагородување на детската личност;
- навикнување на соодветно и културно однесување при општење со музиката, во концертна сала и други институции.

### *Задачи на методиката по музичко воспитание*

Со така поставените цели методиката на музичкото воспитание, можат да се конкретизираат и задачите, мора да ги реализира во системот на воспитно–образовната работа. Задача на предметот по методика на музичкото воспитание во работата со студентите е да се оспособат за:

- запознавање со концепцијата на музичко воспитно–образовната работа со деца од предучилишна возраст;

- воведување во содржините на наставната програма, теоретски и практично, во суштината на развојот на музичките способности како и градење на личноста на детето преку музика;

- да ги оспособи и да ги упати студентите за самостоен избор на музичка литература, со тенденција за понатамошно самостојно стручно надоградување и усовршување;

- да се оспособат стекнатите знаење да ги применат во пракса, користејќи синтеза во различните воспитно-образовни области;

- да развијат правилен однос кон воспитно–образовната работа со соодветната возрасна група (мала, средна, голема);

- да развие способност и индивидуален пристап, како и индивидуален пристап кај надарените деца.

## *ПОИМ ЗА МУЗИКА*

Музиката е една од најстарите уметности, која се применува во секојдневната работа, како и во слободното време. Музика е уметност со чија помош човекот ги изразува своите емоции, мисли, желби и доживувања. Често заедно со танцот ги дополнува сите важни настани во животот, како што се верските обреди, семејните и општествени свечености, сите големи и мали животни радости и таги. Непосредно со перцепцијата и разбирањето на музичките односи, поставени во уметничкото дело, кои имаат, пред сé интелектуален карактер, тие исти односи можат да предизвикуваат чувства, емоции и доживувања кај слушателот, кои зависат од поврзаноста на организацијата и структурата на дадениот музички материјал со вон музичките поими, слики, предмети, емоции, состојби, по пат на асоцијации. Исто така, се засноваат на сличностите кои постојат меѓу нашето доживување на музичкиот материјал и неговата организација, од една страна, и нашето доживување на немузичкиот свет на поими, предмети, квалитети и состојби на умот, од друга страна.

Музичката теорија и практика на разните култури, во разни епохи покажуваат дека музиката може да соопштува референцијални значења. Така, темпото, тонските висини и ритамот се поврзани со поимите, емоциите и моралните својства кои ги изразуваат. Почнувајќи од средниот век, многу западни

композитори употребуваат музички симболи кои сликаат дадени дејства, карактери и емоции. Музиката може да предизвика слики и мисловни текови кои, поврзани со внатрешниот живот на одредена единка, можат да кулминираат во дадени емоции. Тие може да бидат индивидуални, ако се однесуваат на посебни доживувања на одделна единка или, колективни, ако се заеднички за цела група единки во рамките на дадена култура и тогаш се нарекуваат конотации. Конотацијата може да биде одредена и со присуство на текст, дејство или програма, утврдена од композиторот. Конотациите не се јавуваат како исти индивидуални доживувања, бидејќи секоја конотација, и покрај разликите во нејзиниот обем, повеќе или помалку е кононативен комплекс, кој се реализира како индивидуално доживување на пooделен слушател, во зависност од припадноста на дадена култура, познавање на музичката уметност, повторливо музичко искуство, возраста, интелектуално и емотивно животно богатство.

Според начинот на музичкото изразување (произведување на музичкиот звук – тон), музиката уметност може да се подели на неколку групи:

*Вокална музика* – музика изведувана од еден или повеќе човечки гласови;

*Инструментална музика* – музика изведувана од еден или повеќе музички инструменти;

*Вокално – инструментална музика* – изведувана од еден или повеќе човечки гласови и музички инструменти.

Музичките тонови се само дел од звуците кои ги слушаме околу нас, кои во текот на столетијата човекот ги издвоил од останатите звуци, поставувајќи ја така основата на музиката. Тие се звуци со одредена висина на тонот, кои можеме да ги репродуцираме со помош на човечки глас или одреден музички инструмент.

Комплементарно музиката ја сочинуваат следните музички изразни средства: ритамот, мелодијата, хармонијата, музичкиот метар, темпото, динамиката, тоналитетот и бојата на музичките тонови.

## *ПРВИТЕ ПОЧЕТОЦИ НА МУЗИКАТА, ЗНАЧАЈНИ МУЗИЧКИ ПЕРИОДИ И КОМПОЗИТОРИ*

Во рамките на изучувањето предметот *Основи на музичкото образование со методика,* потребно е студентите да се запознаат со основните податоци на музичката уметност, како што се основните правци во музичката уметност, како и највлијателни музички педагози. Во интерес создавање на сестрана образована личност на идниот наставник, неопходно е пошироко познавање на основните начела, за успешна реализација на воспитно–образовниот процес. За таа цел во скратена форма следат сознанијата за првите почетоци на музиката, најзначајните епохи, како и за нивните преставници.

Музи *(Mousai)* – божици заштитници на поезијата, уметноста и науката. Имало девет музи, а нивен предводник бил богот Аполон. Се верувало дека музите биле инспирација на сликарите, музичарите и поетите, а зборот муза се користи во преносно значење за она коешто го инспирира уметникот.

### ***Првите почетоци на музиката***

Народите на древните цивилизации сметале дека музиката, како моќно средство, имала големо влијание и можела да делува во промена на карактерот на поединецот. Остатоците од глинени плочки, пронајдени во Мала Азија и Сумерија, потврдуваат за местото и важноста која ја имала музиката во тогашните општествени заедници.

Кај примитивниот човек, природни појави предизвикувале загрозување на сопствениот живот, при што луѓето мислеле дека станува збор за невидливи моќни суштества. Тој најпрво се плашел од нив, се трудел да им угоди, а подоцна и да ги потчини. Во тие настојувања кај сите примитивни народи и племиња се применуваат посебни ритуали како на пример цртање на песок, мешање на разни напитоци, спалување, играње, но исто така и пеење. Свеста дека може да се произведат такви тонови, а друго живо суштество околу него не може, кај примитивецот се создаваат посебни верувања со далекугледна цел на верувања.

Сите природни појави (дожд, ветер, грмотевица, сонце), човекот им ги препишувал на натприродните сили. Да се заштити од нив изведувал примитивни обреди, обраќајќи се на невидливи и моќни суштества со магична песна. Магичната

песна служела како за одбрана така и за напад, за повикување на дожд, за сончево време, за припитомување на диви животни, за среќа во борба со други племиња и др. Имајќи ја улогата на музиката во магиските ритуали, со текот на времето во магиското пеење му се давало посебна важност за грижата на ритуалната изведба, со еднакви динамички нијансирања, во спротивно имало можност да ослабе магичното делување. Со реализација на магиските обреди, доаѓа до поврзување на тонот, зборот, движењето и мимиката, а тоа се првите зачетоци на музичко–сценската уметност (балет, опера, драма).

Конфучије верувал дека музиката има големо влијание на она што луѓето во текот на животот го работат, дека во себе содржи и добро и зло. Познатата негова изрека гласи: „Ако сакате да знаете каква е државата на еден народ и дали се нејзините закони добри или лоши, испитајте ја музиката која во таа држава се слуша“.

Во времето на Платон (427–347 год. пр.н.е.) и Аристотел (384–322 год. пр.н.е.), музиката заедно со геометријата, математиката, астрономијата, се сметала како еден од четирите столбови на образованието.

Во периодот на ренесансата од секој образован човек се очекувало да знае да свири на еден музички инструмент и да чита ноти.

Најчесто поставувано прашање е како настанала музиката. Сите одговори поврзани со потеклото на уметничките и други појави, од областа на творештвото, ги интересирало голем број на научници и истражувачи. Истите давале најразлични објаснувања за настанокот на музиката, но повеќето биле плод на фантазијата и досетливоста, отколку научни согледувања за конкретните податоци. Првите зачетоци настанале во старо камено време – палеолит.

Во текот на XIX век, се јавуваат голем број на истражувачи кои се занимавале со истражување на музиката, но не биле образовани музиколози, истите настапувале со сериозни теории, а ги имало во голем број. Како на пример, теоријата на англискиот филозоф Херберт Спенсер (1820-1903), тврдејќи дека човечкиот глас, како и кај животните е резултат на вишокот на енергија, кој се манифестира во моментален афект, кога интезитетот на емоциите се зголемува или намалува, со убрзување или успорување на гласот кој се манифестира во музичка изведба. Познатиот биолог Чарлс Дарвин (1809-1882),

се обидел да објасни за настанокот на музиката по биолошки пат, тврдејќи дека музиката во прв момент е само средство со кое суштествата од спротивниот пол се привлекуваат. Економистот Карл Букер (1847-1930), кажува дека музиката е тесно поврзана со производството, сметајќи дека музиката се родила со звуци кои следат одмерени движења. Карл Штимф (1848-1936), смета дека музиката уште кај примитивните луѓе се развивала како потреба за давање на сигнал, дека човекот пеел како потреба за комуникација, обидувајќи се да ги имитира звуците од природата итн.

Францускиот музиколог Жил Кобарје (1859-1916), тврди дека музиката се темели на интелект–развиена ментална способност. Со разните експедиции и истражувања во африканските и амазонските прашуми, открива заедници (племиња), со низок степен на развој. На тие обреди и ритуали, задолжително застапена била музиката и според тоа се доаѓа до заклучок дека прво настанала музиката, а потоа се развива магискиот обред. Таквата музика била наменска и строго функционална, не смеела да се пее секојдневно и се сметало дека може да ги разбесне боговите. Најчесто преовладувал ритамот, а како инструменти им користел човечкиот глас и човечкото тело, со учество на цело племе во обредот. Луѓето плескале со дланките или се удирале по телото. Музиката била многу изразена и гласна, сметајќи дека на тој начин полесно ќе допре до натприродните сили – боговите.

Во втората половина на XIX век, американскиот истражувач и научник Томас Едисон, со помош на апаратот фонограф (прв апарат со можност за снимање и репродуцирање), ги снима американските Индијанци кои живееле во резервати. Споредувајќи ги овие снимки со други научни истражувања се потврдува теоријата на Жил Кобарје.

Кога човекот почнал да произведува звук удирајќи со рацете по телото, тропајќи со нозете по земјата, со раце по некој предмет, или предмет со предмет, се појавуваат првите форми на музичките инструменти. Се користеле ударни инструменти, како на пример удирање камен на камен, дрво на дрво, камен во шупливо дрво, удирање на распната кожа (претходник на тапанот) и друго. Првите тропалки биле тикви исполнети со камења, зрели плодови или семки, а дувачките инструменти се изработувале од коски, трска, школки и шупливо дрво. Подоцна се појавува и првиот, ако може да се каже, жичан музички

инструмент – музички лак (обичен лак од стрела со резонантна кутија), на кој се изведувале едноставни мелодии.

### *Музиката кај старите цивилизации*

Кај источните цивилизации: Месопотамија, Египет, Кина, Индија, Палестина, се стретнуваме со нова социјална структура, како што владее робовладетелското уредување кое се разликува од првобитните општествени заедници. Државите коишто економски и социјално се темелат на робовладетелско уредување, на сите подрачја имаат допирни точки во доменот на материјалниот и духовниот живот. На основа на нивните уметнички манифестации, а посебно на музичките, можат да се применат сродни појави, кои даваат заеднички карактеристики за музичката култура кај старите источни цивилизации. Извори од музичката култура кај старите цивилизации и остатоци од практично музицирање и од фиксирана нотација нема, но најчесто се користат посредни извори, како на пример од сочувано сликарство, релјефи, скулптури од палатите, храмовите, гробниците на кои често се прикажани музички инструменти, како и нивната форма, големина и начин на држење при изведба. Во сите држави кај источните робовладетелски цивилизации постои голема разлика помеѓу робовладетелите и широките народни слоеви. Музиката зазема важна улога во секојдневниот живот, а посебно значајно место има во формирање на карактерот на младите личност. Најразвиени земји во тој период биле: Египет, Кина, Индија, Палестина, Античка Грција, Античка Македонија.

*Египет,* се смета за земја со најголема култура на стариот век. Таа била земја на фараони и пирамиди, а покрај останатите уметности музичкиот живот имал посебно значење. Монументалноста на египетската архитектура се одразува и во музиката, посебно во масовни изведувачки групи како во хорските, така и во инструменталните ансамбли. Музичарите имале посебен третман и се сметале за роднини на фараонот. Дворските свирачи на инструменти ги придружувале настапите на пејачите и играчите, забавувајќи ги фараоните и богаташите.

*Кинеската* цивилизација во историјата се појавува околу 1500 години пред нашата ера. Познатата мисла на кинескиот филозоф Конфучие гласи: „Добрата музика претставува ред во државата, а лошата неред во државата“. Во општествениот живот на старите Кинези музиката има многу важна улога, ја

користеле дури и претставниците на различните филозофски правци во меѓусебните спротивставувања. Кинеските пишувани документи изобилуваат со голем број докази за улогата на музиката, додека теоретските расправии сведочат за високиот степен за значењето на кинеската музика, како и сродноста на кинескиот надзор со грчкиот, во поглед на етичката функција на музичката уметност. Кинеската музика има посебна релјефност и физиономија, со карактеристични мелодиски движења, со строга симетрија одразена во метро – ритмичката поделба, но пред сè со истакната пентатоника (пентатоника – музички тонски систем базиран на скала од пет тонови), која подеднакво се применува во кинеската музика, како во старата така и во современата, во духовната и световната, во инструменталната или вокалната, со лирски или драмски карактер.

*Индија* во рамките на музиката има посебно место, со тоа што музикалноста се сметала за „дар божји“. Подеднаквиот степен на развој условувал сродни појави, од магиската моќ која се препишува на музиката и нејзиното божествено потекло, до границата која ја дели културата на владеачката класа на народот. Во музичката пракса постоела голема разлика во световната и духовната музика. Духовната музика била смирена, со мирна мелодиска структура, и цитирајќи текст од ведите, додека световната музика била послободна, конкретно насочена кон широките народни маси и со претходно утврдено време на изведба. Располагале со богат и разновиден музички инструментариум, со застапеност на сите видови инструменти, од ударни: разни видови кастањети, гонга, ѕвона, тапани, тимпани; од дувачки: разни видови фрули, обои, гајди, труби, рогови; од жичани има голем број, а некои од нив се сметаат за претходници на денешните современи гудачки музички инструменти (виолата, виолината).

*Палестина,* земја во којашто религијата се дематеријализира и спиритуализира, а музиката има важна улога во храмовите, во војните походи и во разни свечени прилики. Во почетокот на новата ера, кога на подрачјето на Јудеја се зацврстува класната држава, со доминантна улога на централната власт, кралевите истовремено стануваат врховни свештеници. Првите христијани потекнувале од еврејските редови, така што голем број на старохебрејски напеви го продолжуваат својот развој во старохристијанската мелодија. Се зголемува бројот на разни инструментални состави, посебно со венчавката на Соломон. Од

музичките инструменти најчесто биле застапени: харфата, рогот и тапанот. Тие инструменти подоцна ги презеле и други народи.

*Античка Грција.* Во Јужниот дел на Балканскиот полуостров се развива култура, доминантна над сите останати култури на источните цивилизации. Величественото античко духовно творештво, во кое се употребува силината на мислата во одразот на реалноста, претставува врв во создавањето на уметничките дела, која може да ја достигне една робовладетелска држава. Богатството на античката архитектура, вајарството и сликарството, многу добро се познати. За разлика од античката архитектура, вајарството и сликарството кое го има во изобилство, остатоци од музичката култура има малку. Сепак, за музиката во овој дел на Балканскиот полуостров може да се каже многу повеќе, за разлика од музичката култура на државите од Стариот Исток, поточно големиот број податоци се наоѓаат во бројните сочувани расправии на античките музички теоретичари и филозофи.

Музиката на античките Грци се развивала на темелите од критско – микенските и малоазиските подрачја, кои понатаму ја развиваат и усовршуваат наоѓајќи сопствен изворен уметнички јазик. Како во јавниот, така и во приватниот живот, музиката кај античките Грци имала важна улога и била често застапувана (за венчавања, за полски работи, за погреби, за верски обреди: пренесување на жртви, заеднички молитви и др.). Музиката посебно е збогатена за време на големите јавни свечености, игри и натпревари.

*Античка Македонија.* Кога се говори за равитокот на музичката уметност во Македонија, не може да се одбегне античкиот период. Така, на пример во еден од своите дијалози, познатиот реторичар и филозоф Дион Хризостом напоменува дека Филип II и неговиот син Александар Македонски, по враќањето од војна (338 година, п.н.е.), им поднеле во Пиерија жртва на музите, кои тогаш еднакво биле популарни и кај Македонците и кај Тракијците. „Тракијците и Македонците ја сакаат музиката“ – констатира атињанинот Конон.

Според некои писатели, легендарниот митолошки пејач Орфеј, за кого се верувало дека навистина постоел, бил од тракиско–македонско потекло. Една од многуте верзии на легендата за него, вели дека Орфеј бил син на Калиопи, ќерка на Македонецот Пиер, кој во Јужна Македонија ја основал државата Пиерија. Пиерија била центар на музички школи, во

која област Орфеј имал своја школа, од која произлегуваат традициите на таканаречениот орфичен култ. Со текот на времето орфизмот станал влијателно струење во религијата, филозофијата и секако во уметноста.

Во античка Македонија, бил многу распространет култот на богот Дионис, чиј лик од историскиот развој на античкиот свет, се спојува со ликот на митолошкиот Орфеј. Очигледен пример за негување на овој култ на нејзината почва претставува во наше време откриената бронзена статуа на тетовската Менада, која потекнува од IV век пред нашата ера, во карактеристична кореографска поза.

Сведоштво за музиката во Македонија дава и грчкиот географ Страбон, кој живеел во првиот век пред нашата ера. Зборувајќи во своите списи за Дарданците, чија држава била на територијата на Македонија, авторот меѓу другото вели: „Дарданците се мошне диви, така што под ѓубриштата прават длабнатини и таму живеат. Па сепак, тие секогаш грижливо ја негувале музиката, служејќи се и со флејти и со жичени инструменти“.

Од традиционалните свечености на римскиот период, богати со музика треба да се споменат така наречените „розалии“– празник на мајското цвеќе, обредни песни со инструментални мелодии и игри, се задржале кај македонското население и по прифаќањето на христијанската религија.

***Средновековна музика***

Средновековната култура, е период речиси од десет века (од втората половина на V до XV век). По пропаѓање на западно Римското царство во крајот на V век, се случуваат значајни општествено–политички промени во Европа, како резултат на новото општествено уредување – феудализмот. Во структурата на потполно развиена феудална држава се формираат повеќе сталежи, но се развива една нова класа, која не припаѓа ни во владеачката класа, ни во експлоатираната. Тоа е така наречената „меѓукласа“ на граѓани, која се јавува континуирано со развојот на градовите, за специфичните градски потреби во тој период како што биле: трговијата, училиштата, занаетчиски работилници, општински власти и друго, се создаваат услови за нова владеачка класа – буржоазијата. Сите тие околности влијаеле за доминација на црквата, која долг период ќе управува со науката, уметноста и општо со новите сознајни процеси во

образованието. Што се однесува до музиката, почнува постепено да преовладува и световниот дух, каде што уметничкиот дух се концентрира на нови емоции. Средновековниот развој на музиката пред сè, се одвива во манастирите и катедралите, но со зацврстување на феудализмот, музиката навлегува во витешките дворови, со нова функција каде што ќе преземе нови задачи во секојдневниот средновековен живот. За разлика од градовите, во селата долго време музиката не била позната и не била запоставена од причина што немало кој да се занимава, но сосема е сигурно дека народот имал свои напеви, игри и обичаи каде што улогата на музиката имала значајно место.

Папата Гргур I (540-604), е важна личност за тој период за зачувување на црковното пеење, но позначајно за реформирање на црковното пеење. Направил избор на највредните едногласни старохристијански песни, подредувајќи ги во збирка, позната како Грегоријански корали. Музиката била во служба на црквата, а за таа цел се отворале црковни пејачки училишта во кои се учело пеење на изуст.

Развојот на музичката теорија, развојот на музичката нотација и методите на работа почнуваат во X век. Првите нотни знаци биле наречени *неуми*. Музичкиот педагог Гвидо од Арецо (995-1050), успеал да го развие неуматското писмо, поставувајќи ги темелите на нотниот систем, во кој го одредува начинот на бележење на нотите на четири различни обоени линии. Потребата од бележење се наметнува само по себе, како резултат на зголемениот број на духовни мелодии со специфична мелодиска и ритмичка структура, што претставувало невозможно да се препушти на усно пренесување.

Споротивно на старата црковна музика, кај обичниот народ се појавува едногласна народна песна. Во забелешките од XII век, може да се видат примери од детски и овчарски песни, љубовни и војнички, како и приспивни песни. Тоа е период на едногласни народни песни изведени од *трубадурите*. Трубадури биле патувачки пејачи на средновековните дворови во Јужна Франција, од крајот на XI до крајот на XIII век, изведуваните песни сами ги компонирале. Во Германија таквите патувачки музичари биле познати под името *минизенгери*. Песните биле со љубовна содржина, конкретно на витезите кон некоја убава девојка, најчесто изведувани во дворовите, истовремено проследено со жонглерски вештини.

Во овој период припаѓа и Византиската музичка култура, во рамките на Византиското царство (395 – 1455), но од голем број различни причини не е доволно истражувано.

Во овој период Македонија е лулка на источно–европската писменост и култура, преку Св. Климентовиот Универзитет, прв во светот, и Охридската школа како најмоќен културен центар. Македонија можеби има најзначајно место во историскиот континуитет за развојот на светската наука, во педагогијата и музичката наука.

Значајна личност од тој период е Јован Кукузел – реформатор на византиското црковно музичко пеење, поточно реформатор на византиската црковна – музичка нотација. Неговиот животен пат не е доволно расветлен, во кој век живеел овој истакнат културен деец, сѐ уште не е точно разјаснето. Започнувајќи од некои претпоставки, според кои Кукузел живеел и создавал во XII век, неговата активност се продолжува и се одвива во текот на XV век. Напишал голем број на композиции од вокално–виртуозен карактер, со исклучително тешки интерпретациски барања.

Во XIV век, со освојувањето на балканските простори од Османлинската империја, згаснува византиската цивилизација, а исто така и македонската, поточно доаѓа до прекин на развојниот континуитет. Турската империја донесува своја култура, која директно влијае и во музика, поточно прекината е природната врската со западно – европската музичка култура.

Во временскиот период од 500 години, турската империја со себе ја донесе и значајно ја прошири исламската религија, додека православната христијанска религија, како двигател на византиската култура, го изгуби својот духовен елан и континуитет. Таквата настаната состојба придонесе двете христијански култури – православен Исток и католички Запад, да се развиваат во различни правци, додека првата стагнираше, втората се развиваше поставувајќи ги основите на музичката теорија и практика.

### *Ренесанса*

Ренесанса е временски период во уметноста кој означува прекин на средновековната уметност и појава на нова уметност од XIV до крајот на XVI век. Ренесансата е најголемо движење во културата на Западна Европа, која се одразува во науката, филозофијата, книжевноста, ликовната и музичката уметност.

Истовремено со развојот на материјалната се развива и духовната култура, која сè повеќе пројавува интерес за античката уметност. Носители на таа нова култура се така наречените *хуманисти,* културата ја насочиле кон човекот, спротивставувајќи се на схоластичката наука и технологија. Хуманистите ги проучувале античките ракописи, учеле грчки и латински јазик, ги истражувале остатоците на античката архитектура и скулптура.

Периодот во кој е создаден ренесансниот уметник бил многу сложен од светот на неговите претходници. Уметникот не бил само пријател на уметноста, филозофијата и книжевноста, туку бил универзално образован и сестран творител. Голем број уметници истовремено биле архитекти, скулптори, сликари, научници и поети. Се појавува тежнение старата уметност (античката), да се прикаже во нова, преработена форма, така наречено *„повторно раѓање на уметноста“,* односно *„преродба“.*

Во рамките на музичката уметност, првите влијанија на ренесансата во музиката не започнуваат во Италија, туку во Белгија, Холандија, Северна Франција. Во средината на XV век, композиторите и пејачите делуваат во Европа, доаѓајќи до Рим, кај папата, кај земјопоседниците, кај војводите. Основни форми на духовната музика биле: мисата и мотетот, а од световните: шансоната (балада, рондо), фротолата, канцоната, а подоцна и мадригалот. Инструментални жанрови за играње (танцување), биле павана, гаљарда и други. Пронаоѓањето на штампарската машина и машината за печатење, придонесува за ширење како на литературните дела, така и на музичката култура во останатите земји на Европа, посебно во Франција.

Во средината на XVI век, се случуваат голем број на промени во сите уметности, исто така и во музичката уметност. Позначајни композитори од тој период се: Џовани Перлуиџи де Палестрина – пишувал само вокална музика за потребите на црквата Св. Петар во Рим; Орландо ди Ласо – пишувал дела со световен карактер; Јакоб Галус и Клаудио Монтеверди познати по своите мадригали.

Најзначајна, најреволуционерна појава која се случила во Франција (1570-1580), е Флорентинската камерата (група на музичари и композитори), која се занимавала со обновување на музиката на старите Грци. Плод на нивната работа е појава на нова музичко сценска форма–опера. Првата опера е напишана

1600 година, која означува крај на ренесансата и почеток на нов правец во уметноста и секако во музиката, а тоа е барокот.

### ***Барок***

Барок, стил во целокупната европската уметност (архитектурата, вајарството, сликарството, декоративната уметност, литературата), се јавува од крајот на XVI до средината на XVIII век, чии главни карактеристики се голем декоративен раскош и бомбастичност во пишувањето.

Како во останатите уметности, така и музичкиот барок се карактеризира со раскошна и богата мелодија. Се менуваат темелните сознанија за музиката и во прв план се дава значење на поединецот. Тоа е време на познатите градители на виолини – Страдивари, Амати, создавање на музика за инструменти со типки (оргуљи и клавичембало).

Најзначајни композитори на барокната музика се: Јохан Себастијан Бах, Георг Фридрих Хендл, родени во иста година, имале различни животни патишта, но никогаш не се виделе.

*Јохан Себастијан Бах,* (1685-1750), најистакнат член од музичко семејство од 60 членови, од кои педесетина се занимавале со музика. Својот животен работен век го минал во Германија, а од 1723 година, како оргулјаш во црквата Св. Тома во Лајпциг. Пишувал композиции за голем број различни инструменти, најмногу за оргули и чембало, но и за оркестар и вокално–инструментални форми (300 кантати). Полифоното совршенство го достигнал со *фугата* (композиција каде што темата по одредени правила се имитира и спроведува во сите гласови).

*Георг Фридрих Хендл* (1685-1759), германски композитор, оргулјаш и чембалист, еден од најзначајните музички творци во првата половина на XVII век. Пишувал инструментални дела, но најмногу се занимавал со пишување опери (сценско пеено музичко дело во кое драмскиот текст се прикажува со пеење на солисти, хор со придружба на оркестар). Напишал 40 опери, 20 ораториуми (ораториум е вокално – инстумрнтално дело слично на операта).

### ***Класицизам***

Класицизмот како правец во уметноста се јавува во Франција, во кралскиот двор на Луј XIV од каде, се проширува на другите европски држави. Класицизмот е временски период,

во кој француската буржоазија била во прогресивни движења, со општествено – политички цели, како и кај античката идеологија која на народот му овозможува слобода. Класицизмот претставува временско историски период каде што уметноста достигнува подем од трајни вредности. Овој правец во музичката уметност посебно внимание посветува во негувањето на гласот, образование на слухот и чувство за ритам.

Почетокот на класицизмот е поврзан со првата половина на XVIII век, а крајот не може точно да се одреди, бидејќи класичните струења се јавувале во текот на XIX век.

Различните влијанија во музиката на осумдесетите години на XVIII век, доведуваат до урамнотеженост на формата, содржината и стилот. Желбата за постигнување на пристапност, ја пробудува желбата за народната уметност. Се развива мелодиската концепција на еден глас, поддржана со едноставна акордска придружба. Во овој период голем број композиции достигнуваат совршенство како на пример: сонатата (композиција од три или четири ставови, најчесто за еден или два инструменти); симфонијата (оркестарска композиција од неколку ставови, по форма слична на сонатата); гудачките квартети (композиции за четири гудачки инструменти – две виолини, виола и виолончело), и секако операта.

Класичната музика, или сериозната музика, или уметнички вредна музика, е гранка од музичката култура која се сведува на уметничка музика. Во секојдневниот говор, поимот класична музика најчесто служи за разликување на уметничката музика од народната, забавната, комерцијалната или едноставно од шунд музиката, која се создава и изведува само за забава.

Во класичниот период твореле голем број на композитори – големи мајстори на европското музичко минато, а како најпознати звучни имиња можеме да ги наведеме: Јозеф Хајдн, Волфганф Амадеус Моцарт и Лудвиг ван Бетовен.

*Јозеф Хајдн* (1732-1809), е австриски композитор, како мал пеел во познатиот Виенски хор, каде ја совладува техниката на пеење, учи клавир и виолина и запознава голем број на дела со црковен карактер. Кога почнал да му мутира гласот, морал да го напушти детскиот хор, а живеел од давање часови по пеење и свирење на клавир, свирел на оргули, пеел во возрасни хорови и свирел како виолинист во помали оркести, за кој ги пишува и првите дела. Во 1760 година, стапува во служба кај унгарскиот кнез Естерхази, каде работи триесет години како учител по

музика, диригент и композитор. Јозеф Хајдн е творец на симфонии и гудачки квартети. Сакал да патува поради запознавање на народни песни, кои му служеле како тема за симфониите. Напишал 125 симфонии, 24 опери, 163 сонати за клавир и други дела.

*Волфганг Амадеус Моцарт* (1756-1791), роден е во Салзбург, во познато музичко семејство, татко му бил виолински педагог и композитор. Благодарение на неговиот татко неговиот талент е рано откриен. Моцарт се смета за „чудо од дете“ во Европа. На пет години одлично свири на чембало (претходник на клавирот), а во шестата година со помош на неговиот татко ја пишува првата композиција. Со својата сестра, која свирела клавир, настапуваат кај виенскиот цар Јосиф I, свири по голем број аристократски салони низ Австрија, турнеи во сите поголеми музички земји низ Европа како: Франција, Англија, Германија, Холандија и Швајцарија. Средбата во Лондон со Бах и Хендл има големо влијание за формирање и созревање на Моцартовиот стил.

Моцарт компонирал симфонии, сонати, дела за гудачки оркестри, а најпопуларни се неговите опери *Фигарова свадба, Дон Жуан, Вошебната флејта* и други. Моцартовиот краток живот згаснува во беда и болест, умира на 35 години, а погребан е во заеднички гробишта за сиромашни.

*Лудвиг ван Бетовен* (1770-1827), е германски композитор, роден во Бон, потекнува од благородничко семејство со фламанско потекло. Неговиот татко бил пејач во дворската капела, човек со груба природа и склон кон пиењето. Забележувајќи го талентот на својот син за музика, со сила сакал да направи „чудо од дете“, така што неговото детство станувало неподносливо. Како осумгодишен клавирист, заедно со неговата мајка, патува за Холандија, каде приредува низа концерти. Почнува да изучува музичка теорија, клавир и оргули, но неговиот успех како клавирист почнува да опаѓа, кога ги почувствувал првите симптоми на глувост.

Творештвото на Бетовен опфаќа три периоди. Во првиот период е под влијание на Хајдн и Моцарт, во вториот период гради сопствен стил, а во третиот период создава слободни форми отворајќи пат кон романтизмот. Бетовен е најтрагична и најзаслужна личност од крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Има напишано девет симфонии, клавирски сонати, сонати за

други инструменти, концерти, увертири, една опера, гудачки квартети и други дела.

### *Романтизам*

Романтизмот како правец во уметноста се јавува на крајот на XVIII век, а својата полна зрелост ја постигнува во првата половина на XIX век. Појава на нов правец во уметноста е резултат од општествено – историските промени и национални движења, во време на дотраеното и распаѓањето на феудалните општествени односи и зајакнување на граѓанството. Показатели на таквите општествено–историски промени се значајните историски настани, како на пример Француската револуција 1789 година, воздигнувањето на Наполеон Бонапарта и неговите освојувања, голем број востанија во Русија и друго. Овие општествени потреси влијаеле и на животниот идеал. Формирањето на новиот животен идеал се остварувал преку сентиментализмот и меланхолијата кои одговарале на расположението на буржоазијата во предреволуционерниот период, додека песимизмот буржоазијата ја зафаќа по завршетокот на буржоаската револуција, а со падот на Наполеон, разочарувањето добива општи размери. Романтизмот во уметноста се јавува како реакција на идеологијата, но исто така и на уметноста на претходниот период – класицизмот.

Како во сите уметности, така и во музичката уметност, романтичарските тенденции се слични, тежнеење кон потполна слобода во изразот и мислата. Темелна карактеристика на романтичарската музика е инсистирање на непосредност во музичкиот израз, разноликост во музичката форма, нагласената мелодизација и обоеноста на музичката фраза. Творците на тоа време најчесто ја напаѓаат инспирацијата за своите дела во творештвото на значајните книжевници како Ламартин, Иго, Бајрон, Гете, Шилер и други. Најзначајни претставници на европскиот музички романтизам се:

*Франц Шуберт* (1797-1828), австриски композитор, роден во близината на Виена. Покрај симфониите, во центарот на Шубертовото творештво се неговите шестотини соло песни. Поради спонтаноста во изразот, текот на мелодијата и хармонскиот јазик, голем број Шубертови композиции станале популарни во текот на романтичарскиот период, меѓу нив се вбројуваат: *Серенадата, Аве Марија, Музички момент бр. 3, Скерцо, Валцер* и многу други.

*Робер Шуман* (1810-1856), германски композитор, почнал да компонира на многу мала возраст – седум години. Претежно компонирал камерни дела (композиции за помали инструментални состави, наменети за мал број на слушатели, изведувани во помали простории), симфониски етиди и соло песни.

*Феликс Менделсон – Бартолди* (1809-847), германски композитор, клавирист и диригент. За разлика од своите современици живеел во раскош, со голема поддршка во средината во која го опкружувала. Неговиот композиторски талент созрева многу рано, на седумнаесет годишна возраст ја пишува увертирата *Сон на летната ноќ*. Се истакнува со збирката клавирски минијатури Песна без зборови, голем број на оркестарски дела како увертири и симфонии.

*Карл Марија Вебер* (1786–1826), германски композитор и прв композитор на германската национална опера, меѓу кои се истакнуваат *Волшебниот стерелец, Еуријанте и Оберон.*

*Хектор Берлиоз* (1803-1869), француски композитор, го отворил патот на програмската музика. Познато негово дело е *Фантастичната симфонија.*

*Фредерих Шопен* (1810-1849), полски композитор и клавирист. Ја збогатил интерпретацијата на клавир, како и високо поставување на полскиот национален стил. Во неговото творештво посебно место заземаат стилизираните игри: валцерот, мазурката (полски народни игри), и полонезата (умерено–брза народна игра во тричетвртински такт), скерцата, ноктурните, етидите и баладите.

*Франц Лист* (1811-1886), унгарски композитор, клавирист, диригент и музиколог. Посебно се истакнува како клавирски виртуоз, активен музички писател и критичар. Покрај големиот број дела пишувал и рапсодии (инструментални композиции со херојски карактер со цитати од народните песни).

*Рихард Вагнер* (1813-1883). Германски композитор, еден од најзначајните и највлијателните творци на XIX век. Тој сметал, музичките сценски дела, потребно е да бидат конципирани на синтеза на повеќе уметности, со цел постигнување единство во музиката, како поезијата, драмската уметност, сликарството и танцот. Оркестарскиот колорит го збогатува со лимените дувачки инструменти.

*Џузепе Верди* (1813-1901), италијански композитор, чии опери и денес не се симнуваат од светскиот оперски репертоар, како на пример: *Риголето, Трубадур, Травијата, Аида* и други.

*Беджих Сметана* (1824-1884), најголем чешки композитор. Активно учествува во уличните борби на револуционерните случувања во 1848 година, а понесен од желбата за слобода ги пишува: *Маршот на народната гарда, Маршот на студентските легии, Свечена увертира и Песна на слободата.* Симфониската поема *Моја татковина*, ја компонира кога го губи слухот. Операта *Продадена невеста* се смета за чешка национална опера.

*Антонон Дворжак* (1841-1904), чешки композитор, пишувал симфонии и опери.

*Петар Илич Чајковски* (1840-1881), најпознат руски композитор и сестран творец. Денес во целиот свет се изведуваат неговите опери: *Евгеније Онегин, Пикова дама*; балетите: *Лебедова езеро, Заспаната убавица, Шчелкунчик* и други.

Во крајот на XIX век, се јавува нов правец уметноста (книжевноста, сликарството и музиката), *импресионализмот,* кој се стреми во уметничкото создавање да внесе индивидуално претставување на појавите во природата. Најзначајни претставници на овој правец во музичката уметноста се француските композитори Клод Дебиси (1862-1918), и Морис Равел (1875-1937), како и италјанскиот оперски композитор Џакомо Пучини (1858-1924).

Пред почетокот на Првата светска војна се јавува *експресионизмот,* како правец во музичката уметност кој се карактеризира со отстапки од сите претходни правила, со постепено конституирање во нови методи.Воедно тој се карактеризира со внатрешно субјективно доживување, во недостаток на правила, повторувања и одредени форми. Основоположник на совремиот музички стил секако е Арнолд Шемберг (1874-1951).

Овој период е време на нова, современа модерна музика во кој се вбројуваат делата на Бела Барток, Игор Стравински, Сергеј Прокофјев, Карл Орф и други.

## *МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА*

Периодизацијата на македонската музичка историја се темели според општествено–историските промени. Првите почетоци на македонската музичка уметност потекнуваат од византискиот период (од крајот на IV век, до средината на XV век), на која голем прилог и дале токму музичари кои се родени во Македонија.

Кон крајот на IX век, благодарение на создавањето и делувањето на Охридската школа на просветителите Климент и Наум, се создава организирано музичко образование (црковно-пејачка школа), во манастирите, како центри, во кои се образувале голем број музичари за потребите на црквата.

Истата, имала големо влијание врз оформувањето на другите, соседни школи (српската, бугарската), морала да задржи низа карактеристични елементи во идните фази од својот развиток. Но, исто така во Македонија имало отпор кон елинизаторската политика на грчкото духовенство и во рамките на црковното пеење. Во тој период (според досегашните сознанија на музикологијата), во Македонија настануваат мошне сложени процеси во практиката на црковното пеење и во создавање на невматската нотација (нотно писмо).

Во текот на наредните векови на целиот балкански простор ќе се чувствува влијанието од делувањето на Охридската школа.

Вториот период се дели на две етапи: првата етапа е од доаѓањето на Турците до средината на XIX век, а втората од средината на XIX век до крајот на Првата светска војна.

Речиси пет столетија, од почетокот на турското владеење до епохата кога под влијание на силното граѓанство и на идеите на Француската буржоска револуција доаѓа до националната преродба, македонскиот народ ја создаваше ризницата на својот богат музички фолклор, за да може потоа, врз база на народниот мелос, од средината на XIX век, одново да започне авторизираното творештво, забележано со модерно западно и реформирано источно нотно писмо, за разлика од средновековните творби, запишани со соодветни знаци од претходните фази на византиската невматска нотација. Во овој период се создадени првите културно –уметнички и музички друштва во Македонија.

Во втората половина на XIX век и првите години на XX век, се појавува првиот образован музичар Атанас Бадев, роден

1860 година, своето музичко образование го стекнал во Русија. Неговата професионална музичка дејност е доста обемна. Работел во повеќе градови во границите на тогашна Македонија, како и во Бугарија. Познатото дело *„Златоустова литургија“*, претставува ретко црковно ремек дело, кое до денешни дни е застапено во служба на црквата, како и на репертоарот на хорската музика.

Третиот период од историјата на македонската музика го опфаќа времето помеѓу двете светски војни (1918-1941). Во години на војните, бил прекинат творечкиот тренд. Македонија станала жариште на судири, не само на оние земји кои со години преку својата пропаганда подготвувале терен за идните освојувања, туку и на завојуваните европски сили. По завршувањето на Првата светска војна, во времето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, угнетувањето на македонскиот народ продолжува. Во услови на буржоаската, а со текот на времето и монархо–фашистичка диктатура, не можело да се очекува стимулирање на културните активности во Македонија. Музичкиот живот главно се сведувал во делување и формирање на аматерски колективи. Но, голем дел од новоформираните пејачки друштва, како и неколку хорови, станале пунктови–центри спрема великосрпската хегемонистичка политика и идеологијата на буржоаското општество.

Во овој период изразена тенденција покажува хорското творештво за создавање на национална насока во развојот на македонската музика.

Да се биде музички творец во триесетите и четириесетите години на минатиот век, значело да се компонира вокална музика за потребите на градските и училишните хорски колективи, кои биле носители на музичкиот живот. Македонски музичари школувани во Белград околу 1930 година, се најстарата генерација современи композитори. Меѓу нив се вбројуваат:Стефан Гајдов(1905-1992), Живко Фирфов(1906-1984), Трајко Прокопиев(1909-1979), Тодор Скаловски(1910-2004).

По Втората светска војна, следи наредната генерација на македонски композитори која своето творештво претежно го остварува во сопствената држава, создавајќи високо професионални музички дела, што ги следат тековите на современата европска музика, потпирајќи се на традиционални базични елементи. Во оваа генерација на композитори спаѓаат: Благоја

Ивановски; Глигор Смокварски; Кирил Македонски, со своите опери: *Гоце, Цар Самоил и Илинден*; Властимир Николовски, со симфониите: *Барбара, Рустика*, вокално инструменталните дела *Клименту, Кирилу, Сердарот* и друго; Драгослав Ортаков, пред сѐ музиколог, музички естетичар и композитор; Тома Прошев, плоден македонски композитор со интернационална ориентација, школуван во Загреб, Љубљана и Париз, напишал неколку симфонии, концерти за повеќе инструменти, како и камерни дела и минијатура; Љубомир Бранѓолица; Александар Лековски; Томислав Зографски, неговото творештво е исполнето со македонско музичко наследство и стремеж кон неокласицизмот; Михајло Николовски, своето творештво го базира врз неокласични и урбано фолклорни елементи;

Македонската музичка уметност доживува експанзија во рамките на сите творечки жанри посебно по седумдесетите години на XX век, по отворањето на Факултетот за музичка уметност во 1964 година, со творештвата на Сотир Голабовски, Благоја Цанев, Стојан Стојков, Ристо Аврамовски, Димче Николевски, Стојче Тошевски, Драган Шуплевски, Томе Манчев, Димитрие Бужаровски, Живоин Глишиќ, Гоце Коларовски, Вања Николовски, како и најмаладата генерација македонски композитори: Јана Андреевска, Мирослав Спасов, Панде Шахов, Евдокија Данајловска, Никола Кочабашија, Сони Петровски. . .

## *ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПО МУЗИЧКО*

Развојот на воспитно–образовниот процес по музичко, е тесно поврзана со општествено историскиот развој на државата. Таквиот развој влијае во целокупниот општествен живот, во целокупниот образовен систем, односно ја отсликува реалноста во државата, во рамките на соодветната проблематика. Таквиот развој доведува до општа промена во државата, а тоа се манифестира во целокупниот образовен систем во кои спаѓа и музичкото образование. На тој начин доаѓа до неопходна промена во образовниот процес во училиштата. Тоа се одразува периодично, што претставува своевиден напредок во рамките на воспитно – образовниот процес. Според тоа, секој нов елемент е прогресија во развојот на методиката на музичкото воспитание и образование, како резултат на постојаните активности со

различни предлози, решенија за прогресивни форми и методи на работа.

Од првите почетоци на музичкото образование сè до денес, биле применувани различни системи, сознанија, ставови во наставата по музичко образование. Првите, кои се создадени нè насочуваат со голем акцент во нотното описменување. Подоцна се создаваат системи за целосно – комплетно, музичко образование на личноста на детето. Некои од таквите системи, се задржуваат краток временски период, некои се надополнуваат или се заменуваат со нови, а пак другите благодарение на квалитетот, покажуваат исклучителна „живост“, и својата актуелност ја задржуваат до денес. Тоа е одраз на врвот на различните национални системи (методи), во музичкото образование. Такви се методите на: Емил Жак Далкроз, Карл Орф, Золтан Кодаљ, Дмитри Кабалевски, Глегис Андрјус Флеминг.

***Емил Жак Далкроз***

Е.Ж.Далкроз (1865-1950), е швајцарски композитор, кореограф, музички педагог, автор на методот за вежби насловен како „ритмичка гимнастика“, која ги нагласува составните елементи: ритам и пластичност (елеганција), импровизација и солфеж. Оспособувањето, односно со активности се започнува од предучилишна возраст, при што се користи природното, предиспонирано движење кај децата. Суштината на методот е преку специјалните селектирани вежби кај децата да се развие музичкиот слух, музичката меморија, вниманието, ритамот, елеганција на изразување во движењето. Жак Далкроз, сметал дека целта на примена на ритмиката е „да го доведе таквиот приврзаник до своите сознанија, да можат да кажат не колку јас знам, туку колку јас чувствувам и пред сè, да создаде кај децата желба за сопствено изразување, кое може да се постигне со нивните емоционални способности и нивното творечко изразување“.

Во процесот на работата, Далкроз посебно внимание посветува на чувството на радост, на детската игра како модел за понатамошо развивање. Емоциите предизвикани од музиката, треба да се изразуваат преку движења, изразувајќи го својот карактер. Вежбите се реализираат со придружба на клавир, односно импровизација на клавир. Овој систем на работа се препорачувал за сите детски возрасти (од најмала до најголема возраст), без разлика на потенционалниот карактер на музи-

калноста. Неговата цел е кај учениците да пробуди непосредна активност и почетна творечка работа, за понатамошно надградување и развивање.

***Карл Орф***

К.Орф (1895-1982), е германски композитор, педагог, познат со сценските кантати *Кармина Бурана* и *Кармина Катули*, но исто така познат со воведување на детските музички инструменти во воспитно – образовниот процес во музичкото образование. Во првата половина на XX век, К. Орф, експериментира во создавањето на помагала за развојот на метро–ритмичките чувства. Тоа е почеток за понатамошна градба на поврзаноста на музика и движење преку импровизација. Првата варијанта ја промовирал со работа на возрасни луѓе, во која главна улога има метро–ритмичката компонента во музиката, наспроти хармонската и тоналната.

К.Орф и Ж.Далкроз, имаат големо значење за воспитанието да делува преку музиката и можноста преку нејзе да се пробуди човечноста на индивидуата. Таа сила Орф преку музиката ја гледа во индивидуалното детско творештво, кое треба да биде едноставно, индивидуалните детски откривања да се скромни, индивидуалните детски мисли да се наивни.

Во основа, во неговиот систем преовладува синкретизам во музиката, поврзувајќи ги „гласот, ритамот, говорот и пеењето“. Трите поими *движење, пеење, свирење,* формираат една целина.

Музичките инструменти кои се користат за таа намена, специјално се селектирани за соодветната возраст на децата, со тоа што нема потреба од претходна подготовка, за да можат на истите да музицираат. Тоа се музички инструменти кои се застапени во симфониските оркестри, но за разлика од нив нивната примена е едноставна и дадена во помала форма (минимизирани). Се сретнуваат под името Орфови музички инструменти, селектирани во две групи:

- музички инструменти со определена висина на тонот: ѕвончиња (сопран и алт); металофон (сопран и алт); ксилофон (сопран, алт и бас); блок флејта;
- музички инструменти со неопределена висина на тонот: кастањети, чинели, дајре, барабанче, тропалки, дрвена кутија, стапчиња, прапорци, мал тапан.

Целта за свирење на овие инструменти е заедничко музицирање. Основна појдовна препорака за овие инструменти е да имаат чиста интонација и секако квалитетен звук. Во системот на К.Орф, нема конкретна методика за нотно изразување, се користи истовремено релативниот и апсолутниот систем на солмизација и на нотација.

***Золтан Кодаљ***

Кога се говори за музичкото образование во Унгарија, се поврзува со името Золтан Кодаљ (1882-1967). Неговата професионална работа е сестрана и многу значајна во областа на музичката кулура воопшто. Делува како композитор, диригент, фолклорист, етномузиколог и музички педагог. Музичкото воспитание и образование во Унгарија, се реализира преку музичко – педагошкиот систем, кој ги опфаќа децата од предучилишна возраст до професионалното високо музичко образование. Во основа на таквиот изграден систем, разработена е концепцијата на Золтан Кодаљ, дополнета, усовршена од неговите следбеници.

Методската музичка основа на Золтан Кодаљ се реализира преку: релативната солмизација и восприемање на скалите; народните песни и музичките вредности во истите; пеење и музичка фантазија. Нотното описменување се реализира низ релативната солмизација во самиот почеток преку унгарската народна песна и детското творештвото во процесот на наставата.

Сопствените погледи за музичкото образование, З.Кодаљ ги изразува преку: развивање на внатрешниот слух; постигнување на внатрешна воспримност; усвојување на широка музичка култура; усогласување на националните традиции; голем степен на квалитетни учебници и учебни материјали; музиката како средство за воспитание на човековата личност.

Во детските градинки се започнува со народните песни придружувани со движење. После неколку години следат три елементи кои се реализираат преку:

- *мелодија* – солмизиран мотив;
- р*итмизиран такт* – ритмички вежби;
- *движење* – чекорење во ритам.

Уште од градинка детето се насочува кон осознавање на музичката форма. Започнува со прашања и одговори, импровизација со повторување на одредени мелодиски фрази.

Во унгарскиот систем се користи импровизацијата, но како кај К.Орф и З.Кодаљ не се практикува слободната, неограничена импровизација, бидејќи води кон дилентантизам. Импровозацијата потребно е да биде организирана, целно насочена, контролирана од наставникот, во рамките на соодветните зададени музички елементи.

Совладувањето на мелодиските движења се реализира со движење на раката пред телото, т.е. во унгарскиот систем се користи како петтолиние, со распределување на петте прсти.

Распоредувањето на посочената музичка содржина се определува по години (одделенија), во зависност од видот на образованието, како пример во основни училишта, во музички училишта итн.

За усвојување на ритмички и мелодиски елементи се применуваат различни вежби како на пример: пеење на имињата на своите другарчиња во интервалско растојание од мала терца, ритмички вежби во четвртини и осмини нотни вредности.

Золтан Кодаљ е против користење на клавирот како инструмент во изучувањето на народните песни, затоа што темперираниот звук ја менува бојата на карактеристичниот и специфичен звук на народната песна. Препорачува да се пее без придружба, со тоа што се зацврстува контролата на квалитетот на изведбата. Приврзаник е на почитување на емоционалното и интелектуалното во восприемање на музиката. Кодаљ сметал дека *„задолжителен услов за тоа е познавањето и чувствувањето на формата со научна анализа на произведеното...“.*

## *Дмитриј Борисович Кабалевски*

Дмитриј Кабалевски (1904-1987), ја открива и поставува суштината на системот за музичкото образование, обработена во негов концепт. Кабалевски, гради свои системи на основа на восприемање на музиката. Навлегувањето во музиката се манифастира со трите музички жанрови: песната, танцот и маршот, кој ги нарекува *„китка“* на музиката. Според него „песната, танцот и маршот, даваат можност големото искуство да се поврзе во музичката настава во училиштата, потврдувајќи ја при тоа тесната врска на таквите знаења во животот“. Подоцна песната прераснува во пеење, танцот во танцување, маршот во марширање. Тие три жанра, учениците ги восприемаат и откриваат, ги следат постапните сложености во музичките поими, за да стигнат до крупните музички форми. Според Кабалевски, со

таа *„китка“,* потребно е учениците да осознаваат дека со изучувањето на музиката го изучуваат животот, да ја почувствуваат тесната врска помеѓу музиката и животот.

Предложената програма на Д. Кабалевски, е поставена на основа на тематските принципи. Тоа значи, кај секоја зададена задача има своја тема и се развива и продлабочува од секоја нова тема. На тој начин секоја тема има определена конкретна цел, поврзана со основната тема на новата лекција. Предложената тема за секое одделение ги опфаќаат основните, клучните знаења за музиката, кои треба да ги усвојат учениците.

***Глегис Андрјус Флеминг***

Системот на музичкото воспитување, разработено од Г. А. Флеминг, се експериментирал од 1972 година, во основните училишта во САД. Тоа не укажува на влијанијата на развитокот на методиката на музичкото воспитание, туку нејзината оргиналност е повод да биде претставен заедно со Ж. Делкроз, К. Орф, З. Кодаљ и Д. Кабалевски.

Системот е граден на творечките искуства на музичките ритмички движења за совладување на основните елементи на играта (танцот): ритамот, движењето, творештвото.

Авторот ги определува најважните фактори во вежбите по танци, вежбите за различни движења искористени во просторот, совладување на различните ритмови, индивидуални и колективни вежби, потрага по нови идеи. Движењето го третира како средство за зголемување на сопственото чувство, за помагање на учебниот процес, за создавање на мислење за сопствен заклучок.

Наставникот создава ситуации каде што децата осознаваат дека движењето е многу пријатно, создавајќи услови за изразување на чувствата, идеите и мислите.

Флеминг не го ограничува изборот на движењата. Тој препорачува секој да насочува движење, но во рамките на можностите, во којшто самиот е уверен и компетентен.

***Воспитно–образовниот процес по музичко во Р.Македонија***

Воспитно–образовен процес по музичко се одвива парарелно со развојот на музичката уметност во Р.Македонија. Голем број композитори паралелно делувале и како творци на музички дела, но исто така придонеле и во равојот на музичката педагогија.

Еден од првите образовани музичари секако е Стефан Гајдов (1905-1992). Тој е еден од основоположниците во развојот на музичката култура, а тоа се должи на неговото стратифицирано музичко образование, претставувајќи се како композитор, диригент, музички организатор, а секако и во областа на музичката педагогија, посебно со првите учебници по предметот музичко во основното образование.

Ѓорѓи Смокварски (1927-2010), еден од најплодните музички педагози во областа на учебникарството по музичко образование. Своето високо музичко образование го стекнал во Белград, каде што и работел краток период, потоа како професор по стручни музички предмети во средното музичкото училиште во Скопје, како професор на Педагошката академија „Св. Климет Охридски“ во Скопје. Неговата творечка биографија и повеќестрана: истражувач и креативен музички педагог, автор на голем број на учебници, композитор на хорски творби, диригент, музички организатор и др.

Тоде Радевски, роден е 1936 година, во с.Бујковци – скопско. Своето целокупно образование го стекнал во Скопје, има завршено: Учителска школа, Педагошка академија – група музика и Висока музичка школа – наставно теоретски оддел. Т. Радевски е основоположник на современата македонска музичка педагогија, дидактиката и методиката на наставата по Музичко образование. Својата професионална ориентација ја посветил во континуирана, плодна, богата стручна и педагошка активност. Половина работен век го поминува како наставник, а другата половина како советник по музика во Педагошкиот завод на Р. Македонија. Учествувал во сите реформи на образовниот процес од 1958 до 1996 година, до неговото пензионирање. Фундаменталните современи музички тенденции ги елаборирал во своите стручни и научни трудови за наставниците: две методики по музичко образование, 14 методски прирачници за одделенска настава, како и учебници по Музичко за предучилишно и основно образование. Сите негови учебници се современи, концепциски, исполнувајќи ги сите дидактичко – методски димензии. Со посебен акцент секој негов учебник е посветен во изразување на културниот и музичкиот идентитет на државата.

# II ПСИХОФИЗИЧКИТЕ И МУЗИЧКИТЕ ОСОБИНИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Стручно–научните анализи и согледувања укажуваат дека првите седум години од животот на човекот се фундамент во воспитанието и образованието на секоја индивидуа. Овој период е важен за севкупниот развој на детската личност. Истражувањата, теориите и анализите (на Хант, Брунер, Блум, Пијаже, Ериксон, Виготски и др.), укажуваат на значењето на музичкото воспитание за развојот на интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на детската личност.

Музиката помага во детскиот развој, децата да го спознаат светот што ги опкружува, но и да го изразат своето лично искуство. Бидејќи музиката е интегрален дел секојдневниот живот и од културата, на детето му е полесно со нејзина помош да осознае за себе, за сопствениот однос кон другарчината и кон другите, но исто така да воспостави контакти со семејството, предучилишните установи, училиштата и средината на живеење.

Музиката најчесто се поврзува за уживање и изразување на некое задоволство. Меѓутоа, нејзината едукативна улога е многу значајна, со оглед на поттикнувачко делување на целокупниот развој на детската личност. Големиот број на истражувања го потврдуваат и ја истакнуваат нејзината важна улога за развојот на детската личност. Карактеристиките и структурата која ја сочинуваат музиката, се мисли дека се идентични со оние со кои функционира човековиот мозок. Досегашните истражувања докажуваат и потврдуваат дека човекот се раѓа со вродена музикалност, а со тоа музиката влијае на начинот на мислење и начинот на однесување. Најголемото влијание на музиката се изразува во процесот на учењето, развитокот на мозокот, на организационите способности, како и на целокупниот нервен систем. Истовремено со музиката се искажува човечката емоционална природа. Во секој случај, музиката има есенционално значење за човечкиот живот, бидејќи ја поседува моќта да нѐ претставува на другите.

Воспитувачите во предучилишните установи (градинките), имаат многу значајна улога во реализацијата на воспитно –образовната работа. За реализација на поставените цели и задачи, воспитувачите неопходно е да се запознаат со психофизички карактеристики, а исто така и со музичките особини и

способности на гласовниот апарат (говорно – пејачкиот), дишењето и импостацијата на гласот кај децата од предучилишна возраст.

## *ПСИХОФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ*

Развојот на децата од оваа возраст е изразен индивидуално и периодично. Секој период претставува скалична поврзаност, со претходниот и периодот што следи, додека преминот од еден во нареден период е незабележителен. Детскиот развој зависи од повеќе фактори, како што се: наследното, воспитанието во семејството, опкруженоста на општествената средина во која детето живее и расте, како и застапеноста на работните активности.

Детето се раѓа беспомошно и како такво потребно е да се посвети големо внимание, нега и грижа. Веднаш по доаѓање на свет, сетилата за вкус, како и останатите сетила, многу брзо се развиваат. Во третиот–четвртиот месец, почнуваат да ги разликуваат предметите, радосно реагираат на родителите, се смеат, мавтаат со рацете и мрдаат со нозете. Во состојба се да ја држат главата со сопствените мускули. Сите активности децата ги изразуваат преку игра, и во тој поглед значајна улога имаат играчките во разни бои, формата, тежината, големината, како и разни звучни играчки (тропалки, музички кутии и др.).

Во нормалниот развој, во шестиот месец се појавуваат првите почетоци за говор – првите зборови кои детето најчесто ги слуша и кои се најлесни за изговарање. Со доаѓањето на првата година, се обидува да оди. Првите детски движења се во вид на лазење, на најразлични начини. Возрасните не треба во тоа да го спречуваат, ниту да го поправаат, односно треба да му овозможат поголем простор за лазење и одење, така што го помагаат природниот развој на таквите движења.

Во втората година, децата ги интересираат посложени игри кои поттикнуваат умствена развиеност (игра со коцки: составување, растурање), така стекнува искуства, ја развива имагинацијата, говорот и мислењето. Во овој период главна задача на родителите и предучилишните установи е на децата да им обезбедат услови за нормален развој како на физичките, така и на психичките функции. Планиран ред и режим на живеење,

хигиенски навики, спиење, исхрана, чист воздух и игра, имаат пресудно значење за правилен развој на децата.

Од предучилишна возраст, од наполнети три до седум години, децата брзо се развиваат, така што годишниот раст во висина може да изнесува од шест до осум сантиметри, а во тежина добиваат од еден до два килограми. Истовремено со брзото растење, се зајакнуваат (окоштуваат) долгите и 'рбетните коски. Сепак, коските сè уште се меки, имаат можност лесно да се деформираат, посебно до петтата година, кога не се препорачува подолго стоење и подолго седење. Во шестата-седмата година, скелетот станува поцврст и поотпорен, со што организмот на детето е поспособен да се прилагоди на училишните услови.

Растот (равојот) на градниот кош, во кои се сместени важни органи, покажува поголеми индивидуални разлики отколку растењето во висина. Пластичноста и гипкоста на градниот кош, мускулатурата и еластичноста на белодробното ткиво, од кои зависи квалитетот на вдишувањето, надворешните фактори, посебно телесните вежби на чист воздух, можат да имаат значајно влијание во развојот на градите. Истовремено со равојот на градниот кош се зголемува способноста за длабоко дишење. Поради недоволно прочистениот вдишан воздух (во затворена просторија), потребно е детето да дише свеж воздух, односно почесто да престојува во природа. Срцето на детето во овие години лесно се вознемирува, има можност често да подлежи на аритмија.

Во предучилишната возраст почнува да се формира и мускулатурата. Во почетокот се развиваат големите мускули, нивниот вкупен волумен (маса), во однос на тежината на телото сè уште е мала. Децата добро реагираат на крупни автоматски движења, за разлика од ситните движења (прстите на дланката), кои многу заостануваат поради задоцнетиот развој на малите мускули.

Чувствата кај децата од предучилишна возраст се нестабилни и создаваат променливи реакции. Децата многу брзо преминуваат од едно расположение во друго и брзо се заморуваат. Карактеристично за децата е тоа што перципираат тоа што одговара на нивната желба и чувствата со кои непосредно и активно доаѓаат во контакт. Меѓутоа, животното искуство на детето е прекратко да може да одделува тоа што е важно и она што е неважно. Тоа се гледа во една целина. Во процесот на

воспитување, детето стекнува способности за перцепција и разбирање на врските и односите помеѓу предметите и појавите. Перцепцијата добива сè повеќе аналитички и синтетички карактер.

Детското внимание и активности се зависни од многу различни влијанија, нестабилни се и површни. Постепено, посебно по петтата година, се забележува зголемување на концентрацијата и вниманието. За равитокот на намерно внимание најмногу влијаат игрите, поради што е потребна шаренилост, привлечност, емоционална поврзаност и траење на активноста.

Детето лесно го помни она што го интересира и привлекува. Од ненамерно и краткотрајно помнење, постепено се развива трајно и до извесна мера и намерно помнење. Волевата компонента на оваа возраст покажува дека детето може да се концентрира на десет минути, во игра на учење, ако пројави интерес. Меѓутоа, децата се склони и подлежат на сугестија набљудувајќи ги другите.

Психичкиот живот на децата од предучилишна возраст, претежно е исполнет со имагинација, која посебно се исполнува во детските игри. Целокупниот предучилишен период карактеристичен е со изразена пластичност и адаптација. Изборот на активности кои содржат интересни игри, опишани со зборови, слушање музика, пеење песни, овозможуваат децата да се развиваат умствено и естетски. Во извршувањето на разни задачи во текот на играта, кај децата се развива смисла за организација, заедники живот, почитување кон другиот, позитивен однос кон предметите и кон секоја корисна работа.

Разбирливо е дека поединечни психички и телесни процеси не се одделуваат и не се развиваат посебно, одделени една од друга. Нивниот развој се одвива во рамките на една целина и зависи, како што на почетокот кажавме, од наследното, воспитанието во семејството, опкруженоста на општествената средина во која детето живее и расте, како и работните активности.

# *МУЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛШНА ВОЗРАСТ*

## ***Музичкиот развој во првите три години***

Со раното излагање на структурираното музичко искуство, активно учество во музиката, со активноста на возрасните, со почитување на детските потреби сами да истражуваат, експериментирајќи со тоновите, како и низа на други фактори, придонесува за темпото и нивото на музичкиот развој кај детската личност, овозможувајќи достигнување на повисоко ниво во музичките способности. Секако за таквиот развој делуваат разни наследни причинители, одредувајќи го времето кога ќе се појават некои видови на реагирања на детето, како и темпото на неговиот развој. Но, сепак, значајна улога во целокупниот развој на детската личност, како и на музичката, има средината во која детето расте, воспитувачот и родителите.

Во развојот на перцептивните сетила за допир, за вкус, за мирис, за вид, за слух, се одвиваат спонтано, во атмосфера на заемна комуникација дете-возрасен, каде активностите се проследени со разбирлив и едноставен говор, т.е. коментар од страна на родителот/негувателката.

Првите контакти на детето со музиката се во пренаталниот период – во утробата на мајката. Активното учество на идната мајка во музичкиот живот, или пеење, свирење и само слушање на музика, е од исклучително значење за развојот на детето. Децата кои биле под влијание на музички активности на мајката, побрзо напредуваат во музичкиот развој: брзо ги забележуваат звучните влијанија од околината.

Со доаѓањето на свет, детската музичка активност се базира на потребите за остварување на звучен контакт со средината која го опкружува. Слушниот апарат, со самото раѓање е оспособен за извршување на своите функции, така што кај новороденчето може да се забележат првите реакции на звукот, како на пример мали движења на главата и рацете, трепкање со очите. Детето реагира кога ќе го слушне гласот на мајката. Мајката, радувајќи се на првите детски реагирања често му пее кога го бања, кога го повива и заспива. На искажаната радост на мајката, детето одговара со смешкање и во тој контакт весело ги движи нозете и рацете, произведува гласови, ја набљудува околината и прислушува сè што може да се слушне.

Во првите месеци (од трети до шести месец), музиката на детето не делува само смирувачки, слушајќи се врти во правецот

на звукот. Мајката тоа прва го забележува, кога го лула и кога му пее приспивни, народни или детски песни. Детето реагира на мелодијата, без оглед на карактерот и ритмичката структура на композицијата, радосно гуга и се смее. Овој период во процесот на детскиот развој е познат како период на слушање.

Следната етапа во процесот на развој на детето може да се нарече период на движење. Се појавува од петтиот до осмиот месец, период кога кај децата се развива моториката, а тоа се манифестира со нишање лево – десно; напред – назад. На детските песни и на инструменталната музика најчесто реагираат со движења, но дури откако внимателно ќе слушнат.

Во овој период и подоцна со појавата на првите движења, како одговор на музиката, кај детето може да се слушнат првите радосни звуци и гугање. Тоа се јавува во вториот и третиот месец во животот и претставува прва фаза во развојот на говорот. Започнува со вокали, потоа со консонанти, потоа гласовите често се повторуваат и така се формираат слогови, односно зборови. Со гугањето децата изразуваат радост, која е потикната од музиката.

Потпевнување се јавува во подоцнежната развојна фаза на говорот, кога детето е оспособено да произведува потешки гласови и пред првиот изговорен збор. Тоа нема никаква сличност со песна, ни во односот на висината на тонот, ни во односот на ритамот, но сигурно е дека потпевнувањето е одговор на слушнатата музика. Со навршување на првата година од животот почнува да се развива говорот кај детето, така што кај некои деца може да се види сличноста на песната, како случајна сличност со звучниот текст.

*Првите игри со движења на музика*

Детето за да ја прифати музиката, слушањето треба да го поврзе со движење, кои со нив ги изведуваат возрасните. Наједноставните ритмички игри се движења на детските раце и нозе, проследени со говор и пеење, кај децата предизвикуваат радост и ведро расположение. Таквите игри, во разни прилики, можат да ги изведуваат родителите или други лица, почнувајќи од третиот месец. Важно содржината на тие игри да не се менува често, со текот на времето детето да може да ги усвои. Најчести игри во првата година од животот на децата се оние со кои се развива осетот за ритам, претежно ги изведуваат возрасните (негувателката, воспитувачката, родителот), како на пример:

- игри со прсти – ја изведува возрасно лице, допирајќи го секој прст од палецот до малиот прст, со ритмички говор на некој текст;

- возрасното лице со показалецот кружи по детската дланка изговорајќи текст или пеејќи;

- со плескање на рацете и ритмички изговарање на текст или пеење во мал обем на тонови;

- возрасното лице го држи детето за двете раце, се движи заедно со него изговорувајќи римувани зборови во ритамот што одговара.

Со такви активности се следи развојот на детето, со можност да се забележат промените кои се случуваат примајќи ја музиката со движењата во играта.

Важен период во развојот кај децата е втората година, кога детето веќе почнува да оди и да зборува. Движењата на рацете и прстите се развиени, со што има можност вешто да ракува со играчките. Многу лесно ги забележува гласовите кои може да ги изговори. Голем напредок се забележува во развојот на говорот, кога детето започнува да ги разбира зборовите, ги разбира имињата на предметите, составува кратки реченици и води разговор. Покрај тоа музичките можности сѐ уште се ограничени и се сведуваат на слушање музика и музички игри. Со оглед на фактот дека детето почнало да оди, потребно е да му се овозможи слушање на музика во природа, бидејќи со песната и цвеќето е поубаво, посилно ќе ја доживее доаѓањето на пролетта, убавината на летото, раскошната есента, како и зимската радост.

Детето со музиката почнува да се врти, а со тоа и да пее. Тоа претставува важна етапа во развојот на движењето со музика. Развиената моторика, како и говорот, придонесуваат развивање на чувствата за ритам, со што се подобрува ритмичкиот говор. Добрата моторика во голема мера придонесува кај децата да се пробудува интересот за „танц“. Тие имаат желба да танцуваат со кукла, со возрасни, а посебно со други деца, со своите другарчиња. Радосните емоции кои танцот ги предизвикува влијаат на создавање на нови движења на кое детето реагира спонтано на музиката. Така децата плескаат, тропаат со нозете, ги дигаат рацете, ги спуштаат, се вртат во круг, го нишаат телото.

Ограничените гласовни можности, несовладаниот говор и неразвиениот музички слух, се главните причини што пеењето,

како најсложена музичка активност се појавува на крајот во втората година. Тогаш кај децата во пеењето се забележува континуирано повторување на вокали или група на едноставни, лесни слогови.

Во текот на третата година ужива во слушање на музика, седејќи мирно до пет минути и подолго, протестирајќи, ако некој во тоа му пречи.

Потребно е воспитачите/родителите, да ги упатуваат во содржината на композицијата која ја слушаат и во деталите со кои ќе придонесе за подобро разбирање на музиката, како на пример: насловот на композицијата која ја слушаат; ликот или појавата за која во музиката ќе се зборува; да се отпее со литературен текст; да се отсвири на еден или на повеќе различни инструменти. Така детето стекнува навика за слушање на текстот со мелодијата. Како прво го доживува текстот на песната, звучноста на зборовите и содржината, а потоа мелодијата. Децата ја препознаваат песната по мелодијата со наполнување на третата година. Но оваа возраст, се зголемуваат бројот на движењата и се појавуваат повеќе нови варијанти на исти движења. Во развивањето на чувството за ритам посебно се значајни ритмичките текстови, кои децата ги доживуваат како музика. Затоа потребно е почесто да се користат игри во вид на плескање, цупкање и бројалки.

Во текот на третата година децата пеат почесто, во почетокот своите сопствени – спонтани песни. Таквите песни ги пеат повеќето со мумлање, односно пеат со затворена уста со согласките „*м*“ или „*н*“, некои со вокали или со слогови. Понекогаш може да се слушне дел од збор или цел збор. Покрај сопствената спонтана песна, детето може да отпее песна слична која ќе ја отпее возрасна личност, да може мелодијата да се препознае. Просечниот обем на спонтаното пеење на песна е една октава, а централен тон е *fis*$^{1}$.

Кога родителите сакаат кај децата и понатаму да ги развиваат музичките способнсти, мораат да им овозможат уште организирано слушање на музика, примена на музички игри и да пеат. Во таа насока треба да избираат народни и уметнички детски песни и инструментални композиции за годишните времиња, за Дедо Мраз, за мајката, за природни појави, за животинскиот свет, потоа приспивни песни и танци и друго.

Од претходно изнесеното, за музичкиот развој на децата во првите три години од животот, во основни црти се запознавме

со основните показатели и можностите кои ги поседуваат децата, на кои треба да се обрне внимание во воспитно – образовната работа.

### *Музичкиот развој од четвртата до шестата година*

Во текот на четвртата година од детскиот музички развој, се јавуваат првите така наречени „творечки песни“. Музичкиот развој е стимулиран од интелектуалниот, песните се различни и претставуваат оргинално творештво. Тоа се комбинација на веќе познати и нови песни, мелодиски богати, а ритмички скромни. Во креативните песни детето измислува мелодија на познат текст или текст на претходна усвоена мелодија. Најчесто формата на детското творештво е потполна измислена мелодија и текст. Влијанието на средината за целокупниот развојот на детето, а посебно развојот на музичките наклоности, има голема улога. Тоа го потврдуваат децата кои се музикални, или потекнуваат од музички семејства. Овој временски период претставува доживување на песната преку играта, а како стимулација пожелно е да се користат различни музички игри.

Во петтата година со разбирање го усвојува текстот на песната и чувствува поврзаност на мелодијата со зборовите, го препознава карактерот на музиката, како и некои инструменти со која мелодијата се изведува. Децата можат да ја отпеат мелодијата во целосно точнен ритам, но забележлив е напредокот во одржување на ритамот. Сепак, мал број на деца успеваат да ја прилагодат брзината на своите движења со промената на темпото на музиката. Исто така карактеристично е што во овој период детскиот глас станува ѕвонлив и интонативно постабилен.

Шестата година, е период во кој се забележува нагло развивање на мелодиските и ритмичките способности на децата. Во оваа возраст децата можат да перцепираат кратки музички фрагменти во една целина, што е многу важно за разбирањето и доживувањето на естетските вредности на музиката, како и нејзиното адекватно прифаќање. Гласовниот апарат уште повеќе се развива, а дијапазонот на гласот се проширува. Движењата веќе се слободни, разновидни и во корелација со музиката. Ритмичките фигури се посложени, детето е во можност со удирање да повтори различни едноставни кратки мотиви. Период на најголема чувствителност на музиката се од шестиот

месец до две години, но исто така и периодот од петтата и шестата година.

Во претходните две поглавја во кратки црти се запознавме со основните психички карактеристики и со музичкиот развој на децата од предучилишна возраст. Со наполнување на три годишна возраст, може да се отпочне со систематско воспитување на поставените цели и задачи. Со првите почетоци на работата, се забележува дека меѓу децата има индивидуална разлика во музичките способности и потреба од интервенција. Тоа претежно се манифестира во развојот на *слухот*, чувството за *ритам* и музичката *меморија*. Меѓутоа, тоа не значи дека детето нема способности. Причините за таквите недостатоци често може да бидат разновидни, како на пример, погрешно избрана песна (претешка или премногу лесна), која по содржина, така и со изразните музички елементи не го мотивира детето да внимава, да помни и да мисли. Појавата на отсутност на музичките способности има минливо значење, бидејќи целосно немузикални деца нема, или тоа се ретки случаи. Со такво дете потребна е групна работа, која од воспитувачот бара знаење, љубов и трпение.

Воспитувачот има можност да забележи деца – поединци со бавен развој на слухот. Причините за таквите случувања треба да се бараат во психичкиот развој на дете/поединецот, како на пример: недоволна концентрација на вниманието, неразвиени способности за забележување на тонските разлики, мислењето, како и бавното реагирање. Покрај психичките причини, таквата појава може да биде и од физичка природа: слаба подвижност на органите за пеење, мускулатурата на вратот, устата и усната шуплина, во кои се формира гласот. Но, исто така, со систематски пристап и индивидуална работа, со примена на соодветни дидактички принципи (од полесно кон посложено, од познато кон непознато), постапки и методи, таквите деца можат правилно да се развијат и да се оспособат за активно учество во реализирање на сите активности.

Очигледна немузикалност може да се забележи кај деца, каде што гласот им *„шета“*, има неартикулирана (неточна) интонација, а точен ритамот. И во овој случај, јасно е дека детето има развиен слух, но има органски недостаток – неразвиена мускулатура. Таквите деца воспитувачот не смее да ги изолира од групата, туку напротив, и тие да бидат вклучени во работата со останатите.

Покрај наведените потешкотии, може да се појави интерференција и во музичката меморија, која се забележува во која било мелодија или ритам. Со трпелива и индивидуална работа и таквите недостатоци можат ефективно да се отстранат. Кај децата со тешкотии во пеењето потребен е подолг временски приод, како прво и многу значајно да стекнат самодоверба. Со стекнатата самодоверба, интересот за пеење се зголемува, со тоа се развива и љубов за пеење.

## *ЗНАЧЕЊЕТО НА МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ*

Кога се зборува за значењето на музичкото воспитание како фактор кој има влијание врз развитокот на детската личност, акцент се става на неговото влијание врз развитокот на: музичките способности, естетските чувства, способноста за разбирање и доживување на музиката, поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста, музичкото изразување, стекнување на култура на однесување, поттикнување за активно вклучување во музичкиот живот во општествената средина. Музичкото воспитание има далеку поголемо значење за сестраниот развиток на детската личност: нејзините сензорни, моторни, интелектуални способности, способност за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката, формирање на музичкиот вкус и развивање на способностите за естетско изразување, како и лични особини и творечки потенцијали.

Правилната постапка во процесот на воспитувањето на децата од предучилишна возраст, е основен услов за формирање сестрана личност. Во таквиот процес главната улога ја имаат подеднакво, воспитувачите во предучилишните институции, но исто така и семејството. Поради тоа во детските установи (градинките) и во семејството, потребно е да се обезбедат потребните услови за правилен физички и психички развој на детската личност. Многу значајна улога во сестраниот развој на детската личност секако имаат уметностите (музичката и ликовната). Покрај естетските доживувања, уметноста овозможува со помош на нејзините изразни средства и форми, децата да се запознаат со богатството и убавината во животот. Таа

убавина се наоѓа во содржините, формите, бојата, зборовите, мелодијата и ритамот. Децата со задоволство слушаат и учат стихови, разгледуваат уметнички слики и илустрации, ја забележуваат животната средина, се радуваат на шарени бои и сè што се движи и има блесок.

И покрај фактот дека во однос на разбирањето на децата музиката е најсложена и најтешка, бидејќи нејзината содржина не е посебно изразена, како таква предизвикува поголем интерес од останатите уметности. Музиката на децата им е достапна и интересна затоа што пробудува различни емоции, а таквите емоции ги споделуваат со своите другарчиња. Интересот на децата за музиката, уште повеќе се зголемува со нивно директно учество во групни активности, како што се: пеење во детски хор, свирење во детски оркестар, детски игри, кои создаваат позитивни односи и чувства на одговорност за заеднички успех, а исто така се развива и натпреварувачки дух.

Децата од предучилишна возраст потребно е да се запознаат со вокални и инструментални музички дела достапни за нивната возраст. Пеењето има примарна форма на музичко изразување кај децата од предучилишна возраст, треба да биде соодветно на физичкиот, функционалниот (органите за дишење и пеење), како и на психичкиот развој. Убавиот текст помага за разбирање на музиката и со постапната работа детето ќе разбере дека и музиката без текст има своја содржина. Со толкување на текстот, децата учат разни стилски фигури, различни изрази, лесни јазични формулации, осознаваат искуства и настани, а истовремено практикуваат примена на правилен акцент, јасна дикција и чиста интонација.

Музичките тоновите, во синхронизација со литературниот текст – зборовите, покрај што предизвикува внимание, исто така го изострува детскиот слух. Песната го развива вниманието, имагинацијата, радоста, ја раздвижува енергијата, дисциплината и многу други способности неопходни за живот. Литературниот текст е појасен со тонот – содржината е поубава со мелодија, чекорот е полесен со ритамот, исто така детето побрзо заспива со приспивна песна.

## ***Влијанието на музичкото воспитание врз развитокот на сензорните способности кај децата***

„Музичкото воспитание е во тесна врска со развитокот на сензорните, првенствено слушните, односно музичките способности на децата“ (Манастериоти. В. 1982: 19).

Иако тие, пред сé, зависат од вродените диспозиции, нивниот развиток е условен и со влијанието на средината во која децата живеат, а во тој контекс музичкото воспитание има пресудна улога.

Музичките способности претставуваат способност за разликување и препознавање на музичко – акустичките односи, пред сè на висината, јачината и бојата на музичките тонови, тонскиот род и тоналитет, ритмичките и мелодиските односи и интервали.

Во таа смисла, музичките способности има можност да се поделат на неколку елементарни групи за слушање на музичките тоновите:

1. способност за забележување на разликата во висината на тоновите;
2. способност за забележување на разликата во јачината на тоновите;
3. способност за забележување на разликата во траењето на тоновите;
4. способност за забележување на разликата во ритамот на музиката;
5. способност за забележување на консонанци;
6. способност за помнење на различни тонови;
7. способност за забележување на разликата во бојата, односно темброт на тоновите.

Музичките способности се развиваат во текот на музичките активности со децата, во смисла на зголемување на острината на забележување на разликите во висината, траењето и јачината на тоновите, како и воочување на разликите на разните ритмови, мелодиите и бојата на тоновите. Така, на пример, при изучување на детските песни или свирење на детски музички инструменти, се постигнува попрецизно забележување на висината на тоновите, ритмичките и динамичките односи меѓу нив, а воедно и разликите во бојата на тоновите. Со помош на слушањето музика, децата ја утврдуваат интонацијата на тоновите, ги откриваат и поправаат грешките во пеењето, забележувајќи ги различните карактеристики на

музичките тонови: висина, јачина, траење, бојата на тоновите, како и нивната складност и хармоничност.

***Развитокот на моторните способности***

Преку практикувањето на музичките активности, музичкото образование врши влијание и врз развитокот на моторните способности на децата. Во музичките игри се усовршуваат основните моторни вештини (одење, трчање, скокање и др.), се учат нивните посложени комбинации. Притоа се зголемува брзината, точноста и јачината на волевите движења. Во музичките игри музиката го одредува карактерот на движењата, нивната брзина и прецизност. Таа влијае и на правилното држење на телото, координацијата на движењата на рацете и нозете, квалитетот на одењето и трчањето. Потчинувајќи ги своите движења на музиката, децата ги усогласуваат со нејзините карактеристики, движејќи се точно онака како што бара дадената музичка творба. Во таквите активности децата учат и посложени видови на реагирање, како што е истовременото, брзо реагирање на музиката и движењата на своите другарчиња, за да би можеле успешно, по одредени правила, да се движат по просторот.

Во текот на музичките активности кај децата постепено се формираат разни вештини: ракување со детски музички инструменти, изведување на различни ритмички траења на тоновите, изведување на тонови со различна висина, складно движење со метро – ритмичките импулси на музиката и др.

## *ОДРАЗОТ НА МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ВРЗ РАЗВИТОКОТ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕЦАТА*

***Развивањето на детското внимание со неговите главни карактеристики***

„Вниманието претставува психичка состојба на насоченост на сознанието кон одреден предмет или појава“ (Тодорова, И., 2002: 58). Тоа овозможува јасност во сознанието и јасна свест за она кон што е насочена таа активност. „Главни карактеристики на вниманието се:

- концентрација – степен на насоченост на вниманието;
- траење – можност за насоченост во определено време;

- стабилност – упорност на вниманието за задржување на насоченоста и покрај сите колебања;

- еластичност – својство за брзо пренесување на вниманието од еден објект или појава, или од една дејност кон друга;

- расеаност – состојба на неможност за насочување на вниманието на определен објект или појава“ (Тодорова, И., 2002: 58).

Детското внимание преминува од фаза на ненамерно, краткотрајно, со слаб степен на насоченост, стабилност и еластичност, расеаност, усмереност на надворешните стимулси, кон фазата на намерно, долготрајновнимание со висок степен на концентрација, постојаност, со зголемен обем и усмереност на надворешните и внатрешните стимулси. Тоа е врзано за личните интереси на личните интереси на децата, нивната личност и зависи, значително, од пријатните и непријатните чувства. Вниманието е особена важна страна на детската воопшто сознајна дејност. Тоа има секогаш целенасочен карактер кон даден предмет или појава, одреден со селективноста на самата сознајна активност. Таа селективност е одредена со нивните интереси и потреби. Структурата на музичките активности, средствата и методите за нивна реализација, водење сметка музичките творби и активности да бидат интересни за децата, блиски до нивното животно искуство и нивната активност, овозможуваат развивање на умеењата за доживување на музиката, способностите за слушање, пеење, свирење и музичко – ритмички движења. Само тогаш детското внимание ќе биде насочено на саканите објекти и ќе ги развива своите карактеристики од повисоко квалитетниот вид.

Музичките активности влијаат врз развивањето на сите карактеристики на вниманието. Концентрацијата на детското внимание ќе достигнува сè повисок степен доколку постои поттикнување на интересите на децата за музичките творби и активности, во зависност од квалитетот на методско–организациската структура на музичките активности од страна на воспитувачите. Истото се однесува и на неговото траење, кое кај помалите деца ќе се одржува и со краткотрајни паузи меѓу одделните музички активности и примената на различните надгледни средства и методи за реализација на истите. Влијаејќи врз развитокот на интелектуалните способности на децата, музичкото воспитание влијае и врз развитокот на обемот

на вниманието, кој постапно се зголемува. Музичките активности, со својата богата методско–организациска разновидност, овозможуваат развиток на еластичноста на вниманието, како и на неговата постојаност. Основен услов за развивање на вниманието е градење на интереси, чиј круг постојано се зголемува. За таа цел се применуваат дидактички средства кои ги поттикнуваат и возбудуваат детските интереси. Еден од другите услови за развиток на вниманието е вежбање децата самостојно да ги изградат умеењата за насочување во дадената активност или зададената задача. За да се постигне точно интонациско и уметничко исполнување на песните или умешно да се свири на детските музички инструменти, потребни се многубројни вежби. Насочувањето на вниманието на децата врз дадена активност е во врска и со воспитувањето на нивната волја. Тоа, секако, ќе се постигне доколку се применуваат адекватни, содржинско–методски, дидактички средства. Несомнено е, наведените карактеристики на вниманието ќе се развиваат доколку музичките активности се практикуваат во поволни просторни услови, опремени со сите современи дидактички и нагледни музички средства. За развивање на вниманието, потребно е уште од најрана возраст кај децата да се развива негативен однос кон невниманието. Во спротивно, секоја невнимателно извршена активност кај него ќе предизвика учење на невнимание, смалување на детската самоконтрола врз сопствените дејства. Од музичко–педагошка практика познато е во услови на систематска, целонасочена, професионална работа на наставниците, каде што децата се субјект на наставата, а не објект, се постигнува висок степен на развој на активно и трајно внимание.

### *Развивањето на способнста на намерно помнење*

Врз формирањето и развивањето на способностите на децата, на достигнатиот степен на нивните знаења и умеења огромно влијание има факторот претходно искуство. Всушност, факторот претходно искуство ја претставува човековата меморија, без која не е можно човековото сознавање на предметите и појавите околу него, како и неговите навики, вештини, одвивањето на голем број психички процеси (перцепирањето, учењето, мислењето, зборувањето), развивањето на психичките особини кај личноста, процесите на образование и воспитување. Целокупната сознајна активност е невозможна без запомнување,

задржување и претставување на она што претходно сме го перцепирале, чувствувале, извршиле, за што сме размислувале. Сите овие процеси се во тесна врска со музичките активности: пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење, основи на музичкото творештво.

Учејќи да пеат песни, повторувајќи даден низ на тонови, поврзани со одредени зборови и придружба на музички инструменти, децата ги запомнуваат врските меѓу дадените тонови, нивните соодноси, врските на тоновите со зборовите и музичката инструментална изведба. Таквиот начин на применување на повторување, воспоставување на мултипно-кодирани врски меѓу елементите на изучените песни, овозможува развивање на детската меморија индиректно, на сите останати интелектуални способности.

Свирењето на детски музички инструменти претставува многукратно повторување – вежбање на движењата на рацете, прецизно изведување на придружбата на песната, на пример со тропалки, стапчиња, тријангл, барабанче, дајре. Само така можат да се формираат умеењата за свирење на детските музички инструменти, кои претставуваат механички траги во детската долготрајна меморија.

Со слушањето на музика се развива долготрајното помнење по пат на елаборативно повторување, услов за кое е вградување на секој нов податок во веќе постојниот мемориски систем. Во слушањето на музичките творби, кога се применува нивна анализа, со процесот на компарација се формираат знаењата за висината на тонот, неговото траење, метроритмичките карактеристики, темпото, динамиката, жанрот итн. Запознавајќи ги децата најнапред со содржината на музичката творба, а потоа со нејзините специфични карактеристики, активирајќи го процесот на елаборативно помнење, со истовремено нејзино повеќекратно повторување, се овозможува потрајно задржување на сознанијата и развивање на детската меморија, со влијание врз развитокот на сите останати интелектуални способности.

Влијанието на музички активности (пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење, основи на музичкото творештво), врз развитокот на детската меморија, на музичкото воспитание му дава значајна улога за нејзиниот елаборативен карактер.

### *Развитокот на мислењето и творечката фантазија*

Додека осетите и перцепциите претставуваат непосредно сознавање на дадени предмети или појави, мислењето секогаш претставува процес на нивно посредно сознавање. „Мислењето е сознаен процес, чии главни карактеристики се насоченост кон определена цел, увидување на односи, користење на знаци или симболи, перцепции, престави, зборови, поими итн“(Тодорова, И. 2002: 92). Кај помалите деца тоа е конкретно, односно се темели главно на перцепциите и претставите, за да премине постапно во својот повисок степен – апстрактно мислење кое, главно, користи симболи, најчесто зборови.

Музичкото воспитание придонесува и за развивање на мислењето кај децата. Преку слушање и гледање на разни програмски творби, делови од музичко – сценски дела од разни жанрови, како детски балети, детски опери, концерти и друго, децата добиваат знаења за музичките изразни елементи, различните стилови, го збогатуваат говорниот фонд и го развиваат своето конкретно мислење. Во процесот на перцепирање на разните музички елементи децата ги прават првите воопштувања и споредувања, се здобиваат со првите музички поими. Внимателно слушајќи различни композиции, децата стекнуваат способност за користење на различни мисловни операции, како: споредување, разликување, генерализација. „Тие го споредуваат карактерот на музиката со елементи на музичкиот израз, забележуваат како на веселата композиција најчесто и одговара брзо темпо, зголемен степен на динамика и побогат ритам, додека на композицијата која има сентиментален карактер, повеќе и одговара побавно темпо, потивка динамика, поедноличен ритам“ (Манастериоти, В., 1982: 21).

„Слушајќи музика, децата ја забележуваат и утврдуваат врската меѓу текстот на песната и нејзиниот музички израз– дека на ведар текст одговара жива музика, додека на песна со сериозна или возвишена содржина и одговара силна, достоинствена музика“ (Манастериоти, В. 1982: 21).

„Систематското музичко образование доведува до развивање на детската творечка фантазија“(Манастериоти, В. 1982: 21). Истата е поврзана со формирањето на музичките претстави и развивање на емотивниот однос кон музиката и играта. Својот однос кон музиката децата го изразуваат со разни видови творечки активности. Тие ги изнесуваат своите претстави, даваат слобода на својата фантазија во цртежите, во кои претставуваат

нешто од она што го слушале; сами творат кратки нови мелодии; играат на дадена композиција и сл. Во слободните детски игри децата ги изразуваат впечатоците и знаењата стекнати при музичките активности, менувајќи ги слушаните музички фрази интонациски, ритмички, текстот кој ги придружува, бојата на тоновите и сл., создавајќи нови мелодии со различни карактеристики од познатата. Секое дете има фантазија, иако способноста за остварување на она што го замислило не е кај секое дете еднаква. Таа е во почетокот ограничена и кај талентираните деца, поради нивното ограничено искуство.

## *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И РАЗВИТОКОТ НА СПОСОБНОСТИТЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА, ДОЖИВУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ЕСТЕТСКИТЕ СВОЈСТВА НА МУЗИКАТА*

### ***Развивање на способноста за перцепција на естетските својства на музиката***

Многу од естетското во музиката минува незабележано, само затоа што нема развиено навика да се перцепираат естетските својства на музиката. На пример при прошетка во природа се слуша црцорење на птиците, брмчење на бумбар, зуење на пчели, шум на ветерот, жуборење на потокот и сл. Сето тоа децата нема да го слушнат, доколку не им се сврти вниманието кон тие прекрасни звуци. Со текот на времето тие и самите ќе почнат да ги забележуваат таквите појави, станувајќи чувствителни за звуците во природата која ги опкружува. На децата треба да им се укажува на убавината на дадената мелодија, на карактеристичниот ритам на дадена песна или игра, како и да се настојува во секое музичко дело да се воочува она што во него е убаво. Така кај децата ќе се развиваат навиките за забележување на естетското во музиката.

### ***Развивање на способноста за доживување на естетските својства на музиката***

Како што децата треба да се учат да ги перцепираат естетските својства на музиката, така тие треба да се учат и да ги доживуваат. На пример, додека на прошетка, откако им е насочено вниманието на тоа, го слушнале брмчењето на бумбарот и го виделе неговиот лет, подоцна самите кога ќе ги слушнат неговите звуци го препознаваат и со радост го слушаат

брмчењето и го гледаат неговиот лет. Доживувањето на естетските својства на музиката е секогаш емотивно обоено, бидејќи музиката не може да се доживее целосно интелектуално. Дали децата ги доживеале естетските својства на музиката е видливо по надворешните манифестации на детските емоции, како на пример промените во изразот на лицето, држењето на телото, движењата по ритамот на музиката. Кога музиката им се допаѓа на децата тоа е видливо во нивното добро расположение и интерес. Но, исто така понекогаш досадата, неинтересот и пројавениот умор можат да бидат резултат на мал контакт на детето со музиката и непоттикнат интерес за неа. Таквото дете може подоцна, откако ќе му се насочи правилно вниманието на естетските својства на музиката, да реагира сосема спротивно отколку во почетокот, за што голема улога треба да одигра воспитувачот.

***Развивање на способноста за вреднување на естетските својства на музиката***

Развивањето на способноста за вреднување на естетските својства на музиката може да се постигне со професионална систематска работа на воспитувачите. Во почетокот детските судови за музиката се едноставни, засновани на нивното дотогашно, сопствено искуство. Често за изрекување на судови за музиката децата не познаваат адекватни зборови, па се служат со движења за да го изразат тоа што го чувствуваат во врска со дадена музичка творба. Со систематската работа на воспитувачот, тие учат што е во музичката традиција вредно и на правилен начин да ги искажуваат своите судови на музичките творби.

## *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И ФОРМИРАЊЕ НА МУЗИЧКИОТ ВКУС*

Една од целите на музичкото воспитание е формирање на музичкиот вкус кај децата, темелејќи го овој процес на „факторите: учење, повторување, возраст и интелектуалните способности“(Манастериоти, В., 1982: 18). Меѓу најзначајните фактори е учењето. Од возрасните децата учат за различните содржини на тематските подрачја, едноставно прифаќајќи ги нивните ставови.

За да се создаде емотивен однос кон музичките творби, потребно е нивно повторување, односно целосно запознавање со нивните карактеристики.

Кај децата од предучилишна возраст музичкиот вкус е на самиот почетокот од своето формирање. Затоа, од нивните интелектуални способности зависи колку од музичките впечатоци и знаења трајно ќе се усвојат, применувајќи ги во изборот на композициите кои ги сакаат.

Во формирањето на музичкиот вкус на децата главна улога имаат воспитувачите. Тие често се првите и единствените кои ги запознаваат децата со она што е вредно и убаво во музиката, создавајќи го нивниот емотивен однос кон музичките творби.

## *МУЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ФОРМИРАЊЕТО НА ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА*

Музичкото воспитание влијае и на формирање, односно на менување на особините кај децата. Конкретно, колективните музички активности влијаат позитивно на развитокот на самодовербата кај децата кои се срамежливи, интровертни, несигурни. Гледајќи како другите деца воодушевено се радуваат при пеењето и изведувањето на музичките игри, и тие постепено се ослободуваат и ги менуваат своите претходни особини. Слушањето музика влијае врз нивното раположение, смирувајќи ги и ослободувајќи ја нивната енергија. Кога свират на некој музички инструмент, чувствуваат задоволство, ако нивното свирење им се допадне и на другите деца.

Во поеделни музички творби се истакнуваат моралните својства, како што е храброста, праведноста, верноста и сл. Тие предизвикуваат кај децата силни чувства, влијаејќи на формирањето на нивните карактерни особини.

# III ФОНОТАРЕН СИСТЕМ
## АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА

За реализација на музичките активности, потребно е да се запознаеме со природниот и незаменлив природен музички инструмент – човечкиот глас. Човечкиот глас е еден од најчесто застапените и најдостапни музички инструменти, како ниеден друг музички инструмент кој може во потполност да ги искаже своите чувства преку пеење, низ исклучителната синтеза на говорот и музичкиот тон.

Секое здраво грло во себе крие пејачки способности, дополнети со органите за слух. Таквите способности се реализираат кога пејачките органи во потполност се активираат „оживуваат“. За таа цел, да се поттикне сложената мускулатура на пејачкиот апарат се применуваат пејачки техники – технички вежби. Кај почетниците мускулатурата е слаба и неподвижна, но со активна работа се постигнуваат големи резултати, поконкретно виталноста на вокалната мускулатура не се одразува со сила, туку со подвижност.

*Фонетика* – е посебна наука која ги изучува физичките карактеристики на говорните гласови и сето она што физиолошко се одвива при нивната изведба, слушниот прием на гласовите, како и нивното неврофизиолошко восприемање.

Дишните органи, грлото и мускулатурата не служат само за пеење туку вршат и други функции за потребите на човекот: голтање, кивање и прозевање. Истите се служат за смеење, викање, плачење. За секоја активност се формира посебен инструмент, но секогаш составен од исти делови, поточно не постои една трајна статична форма, туку истата се формира спрема нивната функција и потреба. Исто така не постои посебен огран кој би служел само за пеење.

*Говорот,* го создал човекот со својот интелект со желба да изрази мисла. Говорот и мислата сочинуваат една целина. Иницијативата за говорот доаѓа од мислата, која кај говорот е примарна, додека звучниот квалитет на тонот е секундарна – второстепена.

*Пеењето,* е примарно емоционално изразување. Голем број на мускули кој координирано учествуваат во пеењето, не е возможно да се покренат без поттикнување на чувствата. Спрема тоа погрешно е размислувањето во пејачката педагогија, кога пеењето потпаѓа само под контрола на мислата, а се запоста-

вуваат емоционалните чувства. За разлика од говорот, пеењето претставува сложен процес, во кој координирано учествува целиот говорно–пејачки апарат (фонотарен систем), а со тоа се активирани голем број на мускули на лицето, устата, грлото, грклaнот, градниот кош (меѓуребрените мускули) и стомакот (дијафрагмата).

Човечкиот глас, како вокален инструмент, има специфични особини кои се издигнуваат над сите музички инструменти. Пејачкиот инструмент, со својата анатомско–физиолошка градба, претставува најсовршен дувачки инструмент, бидејќи припаѓа на жив организам и нема потреба да се споредува со кој било друг музички инструмент. Само човечкиот глас може да ги поврзе зборовите со музички тонови. Карактеристиките на гласот зависат, пред сè од градбата на гласовниот апарат и градниот кош, од начинот на исхраната, воспитувањето, како и од активностите. Со правилна вокална поставеност можат да се формираат и развиваат многу добри особини, а со неправилната нега може да биде основна причина за оштетување, па и губење на гласот. Таквото оштетување најчесто може да биде од прекумерно исфорсирано користење на гласот, драстична промени на температурата, подолг престој во влажни простории и премногу силно (гласно) пеење.

Кај малите деца, во потполност не е развиен музичкиот слух, како и говорниот апарат, поради таа причина кај пеењето се создаваат одредени потешкотии и несигурност. Важна улога на воспитувачот е да го сочува и заштити нежниот детски глас. Негата на детскиот глас претставува активност која поставува сериозни барања на секој кој се занимава со воспитно–образовна работа. Само оние што правилно говорат и пеат, чии сознанија за гласот се јасни и сигурни, можат по правилен пат да го водат развојот на детскиот глас.

Органи на фонотарниот систем кои учествуваат во создавањето на гласот, се поделени во три групи:

*1. органи за подготовка на тонот:* градниот кош, белите дробови, дијафрагмата, душникот и душниците;

*2. органи за создавање (произведување) на тонот:* гркланот, гласните жици;

*3. органи за формирање (појачување) на тонот,* поделени се во две групи: главни во кои припаѓаат: *усната празнина со тврдото и мекото непце, голтникот (грлото), јазикот и*

*усните;* и помошни: *носот и носната празнина, и градната празнина.*

Ваквата поделба може да биде корисна само за систематско изложување на материјата кои поради тоа не може да ја игнорираат реалната состојба – дека гласот не може да се добие без истовремени активности на сите овие органи. Секој орган кој учествува во подготовка на тонот, произведување на тонот и формирање на тонот, врши најмалку двојна функција. На пример гркланот учествува во подготовка и формирање на тонот. Белите дробови обезбедуваат воздух за говор и пеење, но уште поважно, организмот го снабдува телото со кислород потребен за живот.

### *Органи за подготовка на гласот*

Органите за спроведување на протокот на воздух сместени се во градниот кош, тоа се *белите дробови, дијафрагмата, душникот и душниците.*

*Белите дробови,* се едни од најважните органи за дишење. Составени се од две независни белодробни крила – лево и десно.

Слика 1. *Бели дробови*



Сместени се во градниот кош, обвиткани со белодробна кошулица. Во белите дробови се врши оксидација на размена на гасовите меѓу надворешната средина и крвта, една од најважните животни функции. Оваа животна функција на белите дробови се одвива преку еластичното, сунѓерасто ткиво, составено од *лобуси*, лобулуси, бронхиулуси, алвеоли и капилари. Еластичноста и порозната градба на белите дробови лесно се шират при вдишување и се полни со воздух, а за време на издишувањето лесно се собираат. Белите дробови се

разделени со белодробна марамица и на тој начин е олеснета нивната работа во градниот кош.

*Дијафрагма.* Во стомачните органи, белите дробови се одделени со цврст орган кој се вика дијафрагма. Овој орган е најважниот и најголемиот респираторен мускул, кој најактивно учествува во дишењето. Бидејќи белите дробови немаат сопствени мускули, дишењето се одвива со помош на дијафрагмата, стомачните и меѓуребрените мускули. Се наоѓа помеѓу белите дробови и абдоменот. Широка е, тенка и мошне еластична, малку издадена кон белите дробови. Кога се вдишува воздух, таа се исправа, кога се издишува, се враќа во првобитната положба, а кога вдишува длабоко, се растегнува кон стомакот.

Слика 7. *Дијафрагма*




Дијафрагмата е мускул кој, како и срцето, функционира автоматски, пумпајќи деноноќно воздух во белите дробови. Но, за разлика од срцето, на дијафрагмата може и свесно да се влијае, да се вдишува повеќе или поналку воздух, да го забавуваме или забрзуваме дишењето, или пак, за кратко време да се запре. При нормално дишење, надолното свиткување на дијафрагмата е минимална од 1 до 1,5 сантими, а при длабоко дишење се растегнува кон стомакот од 7 до 10 сантиметри.

Фрекфенцијата на дијафрагмата, вдишување – издишување, при нормално дишење кај возрасни и здрави мажи изнесува од 12 до 16 пати во минута, кај возрасни здрави жени од 14 до 18, кај здрави деца во предмутациска возраст од 16 до 20 пати. Фрекфенцијата на ритамот на дијафрагмата се менува во зависност од положбата на телото, од степенот на физичките активности, од психичката состојба, како и од моменталната

активност, како на пример: зборување, смеење, плачење, бавно одење, брзо одење, трчање и друго).

Фрекфенцијата, дифракцијата и ритамот на дијафрагмата најмногу се менуваат кога се пее. За време на пеењето, дијафрагмата има многу важна улога, исто така наречена е пејачки мускул. Од правилното функционирање на дијафрагмата, зависи правилното дишење, а од правилното дишење и квалитетот на гласот, интонацијата, како и издржливоста на отпеани подолги фрази.

*Душникот,* сместен е во средниот дел на градната празнина. Составот на душникот и душниците е од полупрстенести 'рскавици, споени со еластично ткиво. Горниот дел завршува со грклaнот, а долниот е мек и се дели на два дела – на два душника (бронхиуса), кои влегуваат во белодробните крила, кои се делат на помали разгранетости во белодробното крило. Внатрешната страна е обложена со слузокожа која лачи лигавица. Лачењето лигавица делумно го загрева студениот воздух, доколку се вдишува преку уста.



Слика 2. *Душник*



Во споменатите дишни органи, во процесот на регулација на воздухот учествува мускулната група на абдоменот. Абдоменалните мускули овозможуваат користење на воздухот за моменталните потреби за пеење, бидејќи кај обичното дишење, процесот на издишување следи веднаш по вдишувањето. Сепак, потребата за говор или пеење, во зависност од должината на фразата, се наметнува потреба од друг начин на користење на воздухот, посебно во процесот на издишување. По некои испитувања докажано е процесот на вдишување и издишување во

нормална состојба е 1:1, во говорот 1:6, додека кај пеењето од 1:10 до 1:12, а во исклучителни случаи 1:15. Во процесот на издишување кај пеењето, посебна улога има дијафрагмата, за која ќе стане збор подоцна.

***Органи за создавање на гласот***

*Гркланот* или ларинксот, е најважниот дел за создавање на гласот, поточно најсложениот дел на пејачкиот инструмент, во кој се сместени гласните жици. Гркланот има две значајни функции: првата е од физиолошка – за дишење, а втората социјална – за говор и пеење. Гркланот е составен од ’рскавична, еластична цевка, составена од петнаесет ’рскавици, меѓусебно поврзани со еластично ткиво. Должината изнесува од 7 до 8 сантиметри и пречник од 4 сантиметри. Внатрешната страна обложена е со слузокожа која лачи лигавица, која ги влажни гласинките и другите делови на ларинксот. Кај мажите овие димензии се поголеми, кај жените помали, а кај децата најмали.

Слика 3. *Грклан*



Гркланот е сличен на музички инструмент, бидејќи во него се произведуваат гласови. Висината на гласот зависи од напрегнатоста на воздушната струја во просторот под него. Во создавање на гласот учествуваат голем број на мускули.

Надворешните мускули на гркланот го движат скелетниот состав во сите правци, зависно од моментот на поставена задача. Тие мускули имаат можност, гркланот да го доведат во релативно мирна положба, која има важна улога во работата на импостација на гласот, бидејќи на тој начин се обезбедува потполна контрола на испеаниот тон.

Внатрешните мускули на грклaнот се делат на респираторни и фонотарни. Респираторните имаат улога да ги разделуваат гласниците и така овозможуваат премин на воздух при вдишување, а фонотарните мускули (затегнувачи), ги затегнуваат или олабавуваат гласилките. Така доаѓа до треперење на гласните жици. Главниот мускул на затегнувачот е лоциран во гласните жици, наречен е вокален мускул. Од неговата градба зависи должината и длабочината на гласните жици, кој директно влијае на фонотарните карактеристики на создадениот тон.

*Гласни жици* (гласилки), се најважниот дел на грклaнот, тие се изворот на звуците. Тоа се две вертикални, долгнавести и мошне еластични кожни мембрани. Кога се во пасивна положба тие се лабави, одвоени една од друга во вид на триаголник. Низ тој процеп циркулира воздухот што се вдишува и издишува. За време на фонација, зборување или пеење, тие се спојуваат и под дејство на издишаниот воздух почнуваат да трепераат и да произведуваат звук. Тоа е првичниот глас, кој е многу тивок, мек и безбоен.

Слика 4. *Гласни жици*

*за време на дишење* *за време на фонотација*



Гласните жици, со помош на мускулите затегнувачи можат да се затегнуваат или олабавуваат. Од должината, дебелината и степенот на затегнатост ќе зависи висината на отпеаните тонови. Меѓутоа големината на ларинксот, како и должината и дебелината на гласилките не се исти кај сите луѓе. Пред сè зависат од полот, возраста, како и од индивидуалната анатомска градба. Должината на гласилките кај децата (според Цимерман), изнесуваат од 13-14 мм, кај сопрани од 14-17 мм, кај алти од 18-19, тенорите од 18-20 мм, баритони од 21-25 мм, и басови од 24-27 мм. Брзината на треперење на гласните жици зависи од тонот кој има потреба да се произведе. Вокалните мускули можат да се движат со голема брзина. Таквите движења можат свесно да се управуваат, бидејќи вибрациите на автоматската работа е регулирана од мозокот.

***Органи за појачување на гласот***

Во фонотарниот систем резонаторите ја имаат истата улога како корпусите (телото), на музичките инструменти. Во нив се добива форма, резонира и засилува основниот гркланов произведен глас. На тој начин произведениот глас ги добива конечните карактеристики: бојата, јачината и волуменот. Без нив гласот би бил тивок, безбоен и неквалитетен, ист онаков какви што би биле тоновите на гудачките инструменти (жици затегнати на обична штица).

Гласовните резонатори се делат на главни и помошни. Главни се: *усната празнина со тврдото и мекото непце, голтникот (грлото), јазикот и усните,* а помошни се: *носот и носната празнина, и градната празнина.*

Главни резонатори:

- *усната празнина,* има важна улога за физиолошки потреби – орган за исхрана и респирација, а исто важна улога – резонатор на гласот и орган за фонација и артикулација на фонемите. Со помош на долната вилица и артикулационите органи, таа може многу брзо да го менува волуменот и формата, да го менува правецот на звуците и местото на резонанцијата, а со тоа да го менува акустичниот амбиент во неа. Меѓутоа, устата е со ниска резонаторска чувствителност, поради тоа што нејзините ѕидови се обложени со мека и влажна слузокожа. Звуците престануваат да звучат штом престанат да треперат гласните жици. Во пејачкиот процес усната празнина има мошне важна улога. Од правилното функционирање на нејзините органи во голема мерка ќе зависи квалитетот на гласот.

- *тврдото непце* е преграда која ја дели усната од носната празнина. Сраснато е на горната вилица, на тврда коскена подлога и обложено со тенка слузокожа. Предниот дел завршува со горните жлебиња, а задниот со мекото непце. Тоа е одличен резонатор. Звуците кои доаѓаат од ларинксот, удираат во него и тоа вибрира, вокалите резонираат и се засилуваат.

- *мекото непце* е еластична и подвижна мускулно–слузокожна преграда. Сместено е во задниот дел на устата, во продолжение на тврдото непце. Може да се спушта и подигнува, да се затегнува и олабавува и со тоа да го менува волуменот и формата на устата. Кога мекото непце е сосема дигнато и затегнато, го отвора патот на звучните бранови и кон носната празнина. Со тоа се постигнува најдобра сонорност на гласот. Тоновите резонираат истовремено и во главниот резонатор –

устата и во помошниот резонатор – носната и челната празнина. Мекото непце завршува со ресичка. Ресичката е мал мускулест израсток кој виси под отворот на грклaнот. Како дел од мекото непце ресичката е еден вид резонатор, кој учествува во формирањето на гласот. Кај високите тонови таа сосема се подигнува, а кај ниските сосема се спушта.

Слика 5. *Усна празнина*



- *голтникот (грлото),* поставен е длабоко во устата, веднаш зад мекото непце, а над грклaнот, се наоѓа една мускулеста и еластична цевка, која преставува крстопат на хранопроводниот и респираторниот пат. Преку него струи воздухот што се вдишува и издишува, поминува храната што се голта и минуваат звуците што се создаваат во грлото. Во фонацијата грлото има значајна улога, поточно неговата еластичност и способност да се раширува е од огромно значење за пеењето. Поотвореното грло овозможува гласот да биде помоќен и посонорен.

- *јазикот,* служи за говор и за вкус. Составен е од многубројни мускули кои се протегаат во различни правци. Мускулите му овозможуваат да биде мошне еластичен и подвижен, со тоа има можност да ја менува насоката на звучните бранови, резонанцијата на звуците, менувајќи ја акустичната ситуација во устата. Неговата положба во усната празнина влијае на квалитетот на гласот. Како и мекото непце, така и јазикот, поточно неговиот корен, може да го затвори звучниот пат кон тврдото непце и отворот на устата и да го насочи кон носната празнина, со што, исто така, се добива нажален звук, како кога мекото непце е спуштено надолу. Јазикот, како важен артикулационен орган, заедно со усните, игра значајна улога во формирањето на фонемите, особено на консонантите.

- *усните*, активно учествуваат во говорно–пејачкиот процес. Усните се многу еластични и можат да се движат во разни правци, а заедно со долната вилица, повеќе или помалку да го отворат или затворат усниот отвор. Менувајќи го усниот отвор, усните овозможуваат дополнително да се менуваат нијансите на бојата и карактерот на вокалите: потемни, посветли, поотворени, позатворени и позаоблени.

Помошни резонатори:

- *носот* е орган за мирис, респираторен орган и почетокот на дишните патишта. Во внатрешноста, над тврдото непце се наоѓа носната празнина. Преку евстахиевата цевка поврзан е со средното уво, а преку фаринксот со ларингсот. Со жлездите што лачат лигавица, со крвните садови низ кои тече топла крв и со влакната израснати во двете ноздри, носот има уште една важна функција, го навлажнува, го загрева и го прочистува воздухот што го вдишуваме. Носната шуплина е осетлива на вибрации и има големи резонаторски квалитети. Нејзината акустика може многу да влијае врз квалитетот на гласот. Со правилно користење на усната и носната празнина, се постигнува голема сонорност, јачина и поблагопријатна боја на гласот.

Слика 6. *Носна празнина*




Во долниот дел на челната коска, над коренот на носот, помеѓу очите, постои уште една мала празнина која за време на пеењето има функција на дополнителен, помошен резонатор гласот, наречен резонатор на главата. Во него резонираат највисоките тонови од гласовниот распон.

- *градна празнина,* како помошен резонатор претежно доаѓа до израз при пеење на тонови од нискиот регистар, посебно на длабоките тонови, треперењето на гласните жици се пренесува и на трахејата и бронхиите – трепери и градниот кош. Таквото треперење е наречено градна резонанца. Со постепеното

покачување на пеените тонови кон средниот регистар, градниот резонатор зема сѐ помало учество и на крајот сосема се исклучува – резонанцијата на гласот се пренесува во резонаторите на главата.

## *ДИШЕЊЕ ПРИ ПЕЕЊЕ*

Дишењето е основна животна функција, која човекот го следи од самото раѓање. За да човекот може да ја одржи телесната температура на одредена висина и да ги извршува сите физички и интелектуални работи, во неговиот организам постојано се врши согорување на материите и континуирано обновување на резервно гориво. Обновувањето на резервното гориво се одвива по пат на исхрана, а кислородот е неопходен за согорувањето внесено во органите за дишење. Најсоодветен состав на воздухот кој се содржи во неговиот волумен е: 21% кислород, 78% азот, а преостанатиот 1% останува на неутрални гасови. Ако во одредена запремина на воздух има само 16% кислород, тоа е „малку воздух". Кога во воздухот има 1% кислород, се доведува до бесознание, а кога концентрацијата на кислород е уште помала доаѓа до гушење, до смрт.

Полнењето на воздух во белите дробови се одвива со помош на мускулите кои го опкружуваат градниот кош, додека ткивото на белите дробови во овој процес, не зема активно учество. Белите дробови се обвиткани со ребра кои се подвижни и со помош на мускулите го шири градниот кош.

Постојат повеќе начини (видови) на дишење кои се применуваат, а најчесто се споменуваат следните:

*Високо* или *клавикуларно* дишење, е начин на дишење каде што се подигаат рамениците, а воздухот се исполнува само во горниот дел на белите дробови. Овој начин на дишење не е погоден за човечкиот организам, а со тоа и за пеењето. Функцијата на дијафрагмата не е правилна, бидејќи се издигнува наместо да се спушта. Исто така, отежната е и функцијата на грлото, бидејќи е поврзано со горниот дел на белите дробови и се доведува до превисока положба, со што се отежнува фонацијата.

*Ребреното* дишење е несоодветно, бидејќи и тогаш со воздух се исполнува горниот дел на белите дробови, така што ребрата се шираат странично. Дијафрагмата не ја врши својата

функција и фонаторните органи немаат положба за нормално функционирање.

*Дијафрагмално* или *абдоминално* дишење, претставува дишење каде што се шират долните делови на градниот кош. Дијафрагмата е спуштена во најниска положба, а со тоа врши неправилен притисок на торакалните мускули. Со воздух се исполнуваат најниските делови на белите дробови и дијафрагмата не е во можност да помага за бавно испуштање на воздух.

*Коскено – стомачното* дишење има предност во однос на претходно споменатите начини, бидејќи тежината се распоредува на целиот дишен апарат. Во работата се вклучени мускулите на градниот кош и мускулите на абдоменот. Градниот кош е подигнат, а ребрата се шираат во сите насоки. Таквиот начин на дишење овозможува зголемување на градниот кош и слободно движење на белите дробови, кои прифаќаат доволно количина на воздух. Дијафрагмата е во можност да го регулира рационалното испуштање на воздух, во зависност од должината на испеаните фрази.

Зборувајќи за начините на дишење, потребно е да се напомене, дека начините на дишење сепак се од индивидуална природа, а особено во почетоците со едукација на деца потребно е да се обрне внимание како тие дишат, да се испита дали начинот на кој дишат негативно влијае на пеењето. Основна задача кај децата пејачи, е да се одвива природно и слободно. Мускулатурата на телото потребно е да биде во олабавена положба. Рамената потребно е да бидат малку поставени наназад градите подигнати, а главата во природна положба.

## *НЕГУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА ДЕТСКИОТ ГЛАС*

Децата од предучилишна возраст, не се во состојба брзо да ги совладаат начините на дишење, кои ќе ги применуваат во пеењето. Поради тоа, потребно е дишењето да се вежба посебно од пеењето. Почетното изучување на пеењето, не смее да биде пречка за зајакнување на вежбите за дишење и обратно.

Бројот на секојдневните вежби потребно е да се зголемува. Мускулатурата од која зависи изедначеното испуштање на воздух, со вежбањето станува еластична. По не така долго вежбање, упорно и внимателно, детето ќе може да го контролира испуштањето на воздухот со балансиран и постојан проток. Така

се постигнува координација и хармоничност на издишувањето за потребите на пеењето. Навиката која се стекнува со вежбање на *коскено-стомачно* дишење, доведува до несвесна примена во пеењето, а тоа треба да биде и целта. Не треба да се инсистира на прекумерно празнење на белите дробови. Просторот за примање на свеж воздух потребно е да биде слободен во границите на природните можности. За таа цел се користат вежби за проширување на дишните патишта и подеднакво празнење на белите дробови.

***Вежби за развој на градниот кош***

За време на вежбањето, потребно е внимателно да се следи и анализира издишувањето, посебно чувството кое се јавува во предниот дел на непцето. Кај правилното пеење, се добива исто чувство, само со послаб интезитет. За правилен развој на градниот кош може да придонесат повеќе вежби, од кои ќе ги издвоиме следните:

1. Се застанува мирно, со рацете подигнати на страна. Кога дланките ќе се подигнат во висина на рамениците, се свртуваат нагоре и движењето продолжува, додека дланките не се состават над главата. За тоа време градите природно се прошируваат, а вдишувањето се одвива преку носот со подотворена уста. Со спуштање на рацете, во првобитна положба, воздухот се испушта рамномерно.

2. Рацете се испружаат хоризонтално напред, до допирот на дланките, потоа се фрлаат station наназад сѐ до повторниот допир со дланките. Тоа движење е проследено со ширење на градниот кош, поточно – земање воздух. Враќањето во почетната положба се изведува бавно, вежбање на издишување.

3. Дланките се поставуваат на страна (на колковите), со благ наклон напред. Со силно движење на телото наназад се врши вдишување, а издишувањето со бавно враќање во почетната положба. Во процесот на дишењето се применуваат три фази: вдишување, задржување на вдишениот воздух и издишување.

Претежно вдишувањето се одвива преку носот. Минувајќи преку носот, воздухот се прочистува од прашина, а исто така и се загрева. Понекогаш е неопходно вдишувањето да се одвива и преку нос и преку уста, кое е потребно во деловите на песните каде што нема паузи помеѓу фразите и кога времето за земање на воздух е кратко.

Вдишениот воздух се задржува неколку секунди, да стигне до најдолните делови на белите дробови, а потоа рамномерно се издишува преку уста.

Детскиот глас е со слаб интезитет за разлика од гласовите на возрасните, бидејќи градниот кош и белите дробови се недоволно развиени. Поради краткото и испрекинато дишење, при пеењето децата често пати „голтаат“ или не изговараат одредени слогови на почетокот или на крајот од зборот.

Вежбите за дишење (вдишување, задржување на вдишениот воздух и издишување), можат да се применуваат во вид на игри.

***Вежби за вдишување***

Постојат разни вежби за вдишување, ќе прикажеме неколку кои се доминантни за соодветната возраст:

а) пример за вдишување со отворена уста:

- детето лежи на грб и се обидува да се „напумпа“ како голем балон или топка, вдишувајќи воздух на уста бавно;

б) примери и вежби за вдишување преку нос:

- препознавање на мирис на цвеќе –вдишување преку нос;

- во лежечка положба „спиење“ длабоко дишат преку нос, со затворена уста;

Кога децата ќе ги совладаат почетните – основни техники на вдишување и издишување, се преминува на вежби со задржување на воздухот:

-длабоко земаат воздух – го задржуваат воздухот додека изbројат до три, а потоа постепено издишуваат;

- прислушување во темница–се издишува, очите се затвораат, без дишење вниманието се прислушува. Со поголема концентрација се слушаат отчукувањата на срцето. По прислушкувањето, постепено се испушта воздух. Со таквото чекање, земање на нов воздух, се усовршува пасивната постапка на дишењето. Слично се случува и по вдишувањето.

***Вежби за издишување***

Издишувањето може да биде на неколку начини: бавно, постапно и брзо. Бавното издишување најлесно се вежба при изговарањето на некои консонанти, како на пример: *з, ф, с, ш, п, х,* како на пример:

а) зуење на пчела; бумбарот или пчелата зујат ззззз, а со тоа имитирање се вежбаат различни динамички нијансирања, како да доаѓаат пчелите од далеку сѐ поблиску или обратно;

б) ладење на супа; дувајќи во „топла супа“ усните малку се истакнуваат напред, рамномерно и контролирано се испушта воздух: ф. . .

в) дување во цвет на цвеќе (глуварче); се замислува цвет на прецветано глуварче, обидувајќи се да ги издува сите тенки нишки со бавно дување: п. . .

г) дување на пердув; се замислува пердув или лист, со задача, со дувањето да се задржуваат во воздух. Воздушното струење треба да се насочи право во целта: п. . .

д) дување на замрзнат прозор; дланките на рацето се замислуваат како замрзнат прозор, со голема упорност треба да бидат стопени двете страни на прозорот: ху. . .

ѓ) зуење на комарец; комарецот зуе тивко и високо: „ззз“ а пчелата длабоко „ззз“. Ако прстот постојано го покажува летот на комарецот или пчелата и ако истовремено се подигаме и спуштаме на врвот од прстите, правејќи круг, се добива рамномерно струење на воздухот, поточно интезивен звук.

Воздухот може да се издишува и брзо, како на пример:

а) гасење на роденденски свеќи; замислуваме роденден-денска торта на која има неколку свеќи кои треба да се изгаснат со едно дување;

б) дување на прашина;

в) имитирање на парна локомотива; како што парниот котел е исполнет со пареа, така и белите дробови се исполнети со воздух. Локомотивата вози бавно и постепено забрзува. Така се имитира работата на локомотивата, а со рацете ги контролираме повратните удари на површината на стомакот и слабините.

### *Важноста на правилното дишење*

Секогаш нема можност дишењето да биде преку нос. Кога нема време за бавно вдишување, ќе примениме истовремено вдишување преку нос и преку уста. Но, сепак потребно е едно правило да се почитува, а тоа е вдишувањето мора да се направи бешумно. Дишење со појава на призвуци, остава негативен впечаток за слушателот, а тоа е резултат на незнаење или лош вкус на пејачот.

По земениот воздух, за точно и убаво звучење на тонот, потребно е малку да се запре, за да има време да се спојат гласните жици по земениот воздух, а потоа може енергично да се запее.

Може да се напомене дека постои разлика во дишењето кај мажите и жените. Кај мажите, навикнати на потешка физичка работа, повеќе се користи дијафрагмата при пеењето, додека жените претежно дишат со градниот дел. За разлика од мажите и жените, децата од двата пола дишат исто, но само до пубертетот, а потоа се појавуваат споменатите разлики.

Секој дише различно, зависи од тоа што доживува. На пример, кога човекот е среќен, дише површно и лесно, кога е тажен дише длабоко, разретчено и отежнато. Психолозите докажале дека луѓето различно дишат и во многу други ситуации, како кога говорат вистина или лажат.

Постојат и различни разбирања за подобрите начини на дишење. Шведските спортисти препорачуваат градно дишење, при што организмот најлесно се спротивставува на заморот.

Додека спортистите применуваат еден начин на дишење, а лекарите друг начин, ние без двоумење се определивме на начин на дишење, кој е најпогоден за успешна работа во вокалната педагогија, а тоа е коскено-стомачното дишење.

## *ПОСТАВУВАЊЕ НА ГЛАСОТ – ИМПОСТАЦИЈА*

Импостација, или поставување на пејачки глас, е дел на вокалната техника, која претставува постапка и начин на работа за правилно естетско пеење, пеење без напрегање и правилна примена на органите за говор – создавање на пејачки глас. Главна цел на импостацијата е по пат на вокалната техника да се постигне подобра синтеза на пејачката фонотација со говорната артикулација, поточно синтеза на говорот и пеењето. Говорните и пејачките гласови произлегуваат од исти органи. Меѓутоа, пеењето се разликува од говорот, бидејќи испеаните тонски висини траат подолго. За правилно да се пее, потребно е да се стекнат знаења каде што продолженото траење на тоновите, се изведува контролирано и без напрегање.

Ова се постигнува со посебна постапка која е наречена импостација или поставување на пејачкиот глас. Импостацијата

се содржи во складност на сите функции на гласот со телото при пеењето.

Кај децата од предучилишна возраст, говорот и музичкиот слух сѐ уште не се доволно развиени, а тоа им создава потешкотии при пеењето, често пати напуштајќи го пеењето преминуваат на говор. Чистиот и убав глас, зависи од кординацијата на органите за дишење, гласните жици и секако резонаторскиот простор. Поради тоа, убавината и исполнетоста на гласот (тонот), зависи од поставувањето – реализирање на тонот непосредно преку самогласките и согласките, каде што со помалку напор, се почитува точната интонација и чистата боја.

Потребно е, воспитувачот децата да ги насочува кон не насилно пеење, бидејќи тие сакаат да викаат, а тоа се одразува на гласните жици, гласот станува рапав и груб. Исто така, високото или ниското пеење (исфорсирано), доведува до неприродно треперење на гласните жици, што доведува до чкрипење при пеењето, можност за засипнатост и неизедначеност на бојата при пеењето.

Пред да се отпочне со пеење потребно е да се загрее детскиот глас, со неколку едноставни вежби, преку приказна или игра, рецитирајќи на тон со иста висина. Во музичката педагогија постојат повеќе методи и постапки на распејување, но ние ќе се задржиме на едноставни за децата од предучилишна возраст.

Фокусираното пеење на еден тон, децата брзо го усвојуваат, кое се практикува преку кратки музички игри. Првично се користи интонација од тонот $e^1$, а потоа се применуваат и други тонови во рамките на средниот регистар на детскиот глас (од $e^1$, $f^1$, $fis^1$, $g^1$).

Следат неколку пример:

1.воспитувачот го изговара (пее) името на едно дете, а децата одговараат на иста интонација:




2.децата преку пеење на еден тон поставуваат прашања за одредени предмети:







По совладаните вежби преку игра, се применуваат вежби на интервал од мала терца – надолна (*$g^1$–$e^1$*). На ова интервалско растојание од мала терца, има можност да се отпеат слогови од зборови, како што е имитација на животни и птици, довикување на другарче по име.




По усвојувањето на малата терца, децата самите почнуваат да го проширувааат тој мотив. Така се создава нов мотив за детски песни, во кој се појавува и тонот ла (*$a^1$*). Групата на трите тонови: *сол – ла – сол – ми,* претставува звучна основа за детските песни. Поради континуираното повторување, оваа форма се нарекува мотив, односно на овие три различни тонови во секојдневните детски активности се практикуваат разни игри: довикувања, пребројувања, потпевнувања со сопствен текст, пр.:



***Дикција***

Под поимот дикција се подразбира правилно, јасно и разбирливо изговарање на текстот. За правилно развивање на гласот, не смее да се запостави говорната страна на песната – литературниот текст. Децата за правилно да го изговараат текстот, потребно е активирање на нивните говорни органи: усната, јазикот, забите и усната шуплина. Заемната соработка и активноста на овие органи обезбедуваат јасен изговор на вокалите – самогласките.

Самогласките се звучни фонеми, без шумови и врз нив се темели сонорноста на гласот. Тие уште се познати под името музички фонеми, бидејќи се носители на мелодијата, а тоа значи дека вокалите се пеат, а консонантите (согласките), се изговараат. Самогласките се важниот фактор во формирањето на бојата на гласот. Секој вокал има своја основна боја. Според бојата вокалите се поделени на три групи:

1. Во првата група спаѓаат така наречени посветли вокали, а тоа се ***Е*** и ***И***. Основните карактеристики на овие вокали е тоа што гркланот ја зазема највисоката фонотарна положба, јазикот се стреми кон предните делови на усната шуплина, врвот се потпира на долниот дел на предните заби, а средината се покренува кон сводот на тврдото непце.

2. Во втората група спаѓаат потемните вокали ***О*** и ***У***. Кај овие вокали врвот на јазикот се повлекува од долните предни заби, со што овозможува неговиот заден дел да се движи кон ѕидот на фарингсот и до одреден степен да се зголеми плафонот на мекото непце.

3. Во третата група е вокалот ***А***, кој е помеѓу светлите и темните, односно вокал со нормална боја. Изговарањето на овој вокал произлегува од најприродната поставеност на целиот апарат на вокалните органи. Тоа значи дека органите на резонанцата речиси не се движат, доволно е само да се олабави долната вилица, јазикот да се спушти на дното на усната шуплина.

Редоследот на самогласките од потемни кон посветли е следниот: ***У, О, А, Е, И***. Со поголемо или помало отворање на усниот прстен, има можност да се менуваат нијансите на основната боја на вокалите.

Правилното изговарање (пеење), на самогласките се вежба со зборови во кои се застапени истите. Мелодијата за тие зборови се гради во рамките на интервалот мала терца „сол –

ми“ (детска терца), или на мотив од три тонови. Потребно е наставникот да инсистира на подолго изговарање на вокалот и подеднакво изговарање на зборовите, така што детето да има доволно време правилно да ја обликува устата.

Правилното изговарање на самогласките, кои во пеењето имаат свое звучно траење и исклучително значење, често и согласките за пеењето имаат еднакво значење како и само-гласките. Нивната задача е да ги разделат вокалите и да овозможат јасно изговарање и пеење на зборовите. Според тоа во вокалната музика самогласките се пеат, а согласките се изговараат. Правилното изговарање на согласките се вежба во слогови заедно со самогласките. Таквите слогови се наречени вокализми.

Пеењето ва вокализмите се вежба со различни видови на пејачки техники. Тоа се реализира во вид на игра во рамките на музичките активности, со кој се придонесува за развивање на правилна дикција, а исто така и развивање на детската вокална техника.

# IV ДИДАКТИЧКО – МЕТОДСКИ СОДРЖИНИ

Дидактичко–методски содржини претставуваат основни начела во организација и реализација на воспитно-образовната работа. Во рамките на тематските содржини по Музичко воспитание, во работата со деца од предучилишна возраст, најчесто се сретнуваат следните дидактичко–методски содржини:

- дидактички принципи;
- методи и постапки;
- форми на работа;
- средства за реализација;
- планирање на воспитно-образовната работа;

## *ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ*

„Дидактичките принципи претставуваат општи барања и ориентациони насоки, според кои треба да се организира воспитно-образовната работа во наставата“(Гогоска, Л. 1995: 44).

Секој дидактички принцип има јасна дефинирана функција, но како таква никогаш не делува самостојно (сама за себе), најчесто заедно со другите дидактички принципи претставувајќи една целина. Поаѓајќи од општите современи сознанија за дидактичките принципи и критериумите според кои се определуваат, тие можат да бидат различни. Едни се раководат од дефинирањето на целите и задачите, други од начинот на третирањето на суштината на воспитанието, трети се насочени на психичките законитости за развојот на децата. За успешна работа со децата од предучилишна возраст, во рамките на методиката на Музичкото воспитание, се истакнуваат следните принципи:

1. *принцип на свесност и активност;*
2. *принцип на постапност и систематичност;*
3. *принцип на надгледност;*
4. *принцип на соодветна детска возраст;*
5. *принцип на дожививање;*
6. *принцип на интерес и љубопитност;*
7. *принцип на трајност;*
8. *принцип на различност;*
9. *принцип на индивидулизација.*

### ***Принцип на свесност и активност***

Овај принцип треба да се применува во сите етапи на музичките активности, како од усвојувањето нови содржини, така и повторувањето и утврдувањето на истите. Децата од предучилишна возраст сè што прават, прават свесно и со добра причина, но нема секогаш оправдување. Меѓутоа, музичките активности овозможуваат најмногу можности и таквата особина потребно е да се негува. Кога се работи за пеење, воспитувачот го поттикнува активното (култивирано) пеење, а не само механичко изведување. Потребно е да обрне внимание на дишењето (земање воздух), на правилно изговарање на зборови, да пеат тивко и гласно, брзо и бавно. Истото се однесува и за останатите музички активности, не смее да се допушти механичко изведување со детски музички инструменти, пасивно слушање на дадена музика. Во поставените барања за реализација на активностите, воспитувачот одбегнува строгост, а внесува расположение и радост. Со текот на времето се забележува детската желба сама да изведува песни и музички игри. Во процесот на негување на свесни активности воспитувачот може да користи разговори, во кои децата ќе ги изнесуваат своите впечатоци за слушаната песничка (мелодија), она што им се допаднало и зошто. Потребно е да се применуваат методски постапки кои ќе го поттикнуваат свесното сфаќање на програмските содржини и целокупното ангажирање на децата, како интелектуално, така и емотивно и волево.

Интелектуалната активност се однесува на степенот на насочување на психичките активности на децата од предучилишна возраст, кон согледување на причинско–последичните односи и пронаоѓање на сопствени патишта, методи и средства за нивно откривање, како и за решавање на поставените проблеми.

Емоционалната активност се постигнува кога децата во процесот на активноста учествуваат со зголемен интерес, чувствуваат задоволство кога откриваат нешто ново, решаваат некој проблем, запомнуваат (меморираат).

Волевата активност постојано треба да биде присутна во сите музички активности. За да биде детето активно, тоа треба да има волја, да го следи процесот на поучување и да учествува во активноста. Волевата активност раководи со концентрацијата на вниманието и особено доаѓа до израз кога треба да се решаваат проблеми со поголема тежина, за што е потребна

поголема истрајност. Со примената на овој принцип се решаваат психичките, а посебно музичките способности. Но, исто така, трајно се помни и затоа се употребува во понатамошните практични активности.

Децата се упорни да го научат она што им се допаѓа и со задоволство да го покажат на возрасните. Тоа се основни причини и показатели кои ни даваат за право кај децата од предучилишна возраст, во релативни граници, да можеме да негуваме свесни активности.

***Принцип на постапност и систематичност***

Овој принцип се однесува на водење сметка програмските, односно музичките активности, по својот карактер, содржина и траење да бидат достапни за соодветната возраст. Посебно треба да се обрне внимание во изборот и постапноста на новите содржини, нови песни, игри и композиции за слушање да се обработуваат кога децата добро ќе ги усвојат претходните содржини.

При совладувањето на активностите треба да се оди од она што им е блиско на децата кон она што им е далечно и непознато, од едноставно кон сложено, од полесно кон потешко, со постапни и систематски совладување на задачите.

Постапноста посебно е значајна во работата на зголемување на опсегот на детскиот глас. Прво се бираат игри кои ќе се изведуваат на еден тон, потоа на интервал секунда, на терца и така натаму.

Кога воспитувачот прави избор на песни за мала група, потребно е да ги одбегне оние луеснички кои бараат промена на динамика (гласно–тивко), бидејќи тоа децата сѐ уште не го разбираат.

При избор на музика за слушање за деца од мала група, потребно е да се знае, повеќе им одговара вокална музика, потоа музика со еден инструмент за средна група и оркестарски композиции за деца од голема група. На почетокот најомилена им е народната музика, а подоцна потребно е да им се овозможи слушање уметничка музика.

Постапноста се применува и во развојот на чувството за ритам. Прво се учи говорниот ритам, за одржување на ритамот на песната децата ги користат рацете, а потоа се воведуваат ударните инструменти (тропалки, стапчиња), а на крајот ритамот со движење.

### ***Принцип на надгледност***

Во процесот на музичкото воспитување овој принцип има посебно значење поради неговиот карактер и суштина. Имено, сите музички содржини ја немаат конкретноста како што е тоа случај со содржините на пример во книжевноста, туку на апстрактен начин комуницираат со најдлабоките сегменти на нашето битие. Музичките активности со децата се темелат на запознавање на содржините преку повеќе органи, од кои најважни се органот за слух и вид. Кога се работи ново градиво, воспитувачот на децата прво ќе им покаже на едноставен и најдобар можен начин, бидејќи со таквата поддршка детето најлесно ќе ја усвои поставената задача (да повтори мелодија, ритмички мотив, плескање со раце, музички движења) и на тој начин стекнува одредени знаења. Во процесот на работата потребно е секогаш да тргнува од она што е конкретно и јасно, користејќи ги искуствата од претходно стекнатите знаења.

За да можат децата да ги перципираат и доживеат естетските својства на музичките творби што ги слушаат, да ги усвојат музичките поими, да ги применат стекнатите знаења во изведување на музичките содржини на ДМИ во музички игри, поврзување на музиката и движењата во детското музичко творештво, мора да се применуваат најразлични наставни надгледни средства. Надгледноста во музичките активности може да биде:

- *директна* – запознавање со предмети, појави, процеси, односи, таму каде што тие постојат, односно се случуваат, било да е во природата, било во општествената средина;

- *индиректна* – со помош на разни надгледни средства од типот на аудио, визуелни, аудиовизуелни материјали: касети, слајдови, видеокасети, ЦД, филмски слики, фотографии, цртежи. Освен тоа можат да се применуваат и разни познати поими од реалноста, чие споредување и поврзување со музичкиот говор треба да се врши со помош на аудиовизуелизација.

Со посочените надгледни средства и активности, има можност децата музиката да ја доживеат со изведување, со слушање и гледање. Со цел да пробудиме интерес, на пример да научат песна за зајакот, како надгледни средства можат да се користат кукла на зајак, сликовница, фотографии, костими од зајак и друго. Надгледните средства потребно е да бидат естетски изработени, јасни и типични за одредената појава. Нивната примена мора да биде постапна, а нивниот број не смее

да биде преголем, со можност за расплинување на детското внимание.

Надгледните средства кои се користат во музичкото воспитание ја оживуваат работата, ја зајакнуваат работата и интересот за музика. Во применатa на тие средства, потребно е да се обрне внимание да не станат предмет за преголемо проучување. Децата примерот не го набљудуваат за да ги научат неговите особини, туку со конкретноста ги буди нивните естетски емоции, уште повеќе ги насочува кон задачата која треба да се реализира, како што е подобро да се научи песната, или со слушањето да се запознае со некоја композиција.

Со реализација на принципот на надгледност, значително се подобрува воспитниот процес, води кон интезивно внимание, развивање на интерес, длабоко емоционално доживување, доведува до трајно меморирање. На тој начин кај децата ќе се развие активно усвојување на музичките содржини, не само оние со конкретен карактер, туку и апстракните музички поими.

***Принцип на соодветна детска возраст***

Предучишните установи имаат специфични задачи во реализација на воспитно-образовниот процес на децата. За успешно усвојување на музичките содржини, програмските содржини треба да бидат усогласени со возрасните карактеристики на децата. Тие треба да соодвествуваат на степенот на развиеност на нивните психички, моторни, социоемоционални и интелектуални процеси и можностите за нивниот развој (горните и долните граници за развитокот на овие процеси на дадена возраст). Поради тоа во организирањето на музичките активности, неопходно е да се обрне посебно внимение за возраста на децата, способностите и потребите на децата, да им се даде можност да делуваат слободно, самостојно и творечки, бидејќи децата имаат конкретни права, желби и можности.

Од сите активности, музичките активности овозможуваат работата да се планира на соодветната детска возраст. Во изборот на песните, потребно е да се внимава на опсегот на гласот, односно возраста на детето, мелодијата со текстот да претставуваат една целина, со едноставен ритам, а композициите за слушање, по форма и градба да бидат достапни за детските разбирања. На ваков начин воспитувачот ќе има

можност да влијае во развитокот на музичките способности, знаење и вештини во најосетливиот развоен период кај децата.

### *Принцип на дожививање*

Од досегашната пракса со деца може посебно да се подвлече поврзаноста на градивата со доживувањата. Знаењата кои се стекнуваат со слушања и изведба на музика, предизвикуваат силни емоции и затоа се трајни. Доживувањата имаат силна внатрешна мотивација која ја зголемува волјата, интелектот и творештвото. Потребно е децата да се поттикнуваат за доживување на музиката во текот на обработка на нова песна, слушање нова композиција, во играта и музичките танци, како незаменливи форми во зајакнување на психичките активности.

Во рамките на овој принцип треба да се разликуваат спонтаните и предизвикани доживувања. Спонтаните доживувања во процесот на музичкото воспитание се случуваат во активности надвор од наблудувањето на воспитувачот: музички приредби, прослви, посета на концерти, доживувања во природа и семејниот дом. Предизвиканите доживувања се дел од активностите во градинката, како на пример: нови песни во изведба на воспитувачот или со механичка репродукција, сопствено пеење, радост на свирење на инструментални групи, слушање на музички дела или при колективно изразување.

Сите овие доживувања делуваат на емоционалната сфера на детската психа, а знаењата и искуствата стекнати на основа на емоционалните доживувања, се трајни и остануваат долго во сеќавањата, како најубави моменти од предучилишната возраст.

### *Принцип на интерес и љубопитност*

За подолго одржување на детското внимание, музичките активности мора да бидат интересни, за да можат да влијаат на детската емоција и на нивната љубопитност. Интересирањето на детето за музичките содржини неопходно е за разбирање и доживување на естетските вредности. Во будењето на интересот кај децата, воспитувачот може да придонесе детето да ја засака музиката и поинтезивно да се занимава со неа. Децата со поголеми музички способности покажуваат поголема активност за музичкото воспитување, но не смеат да се запостават и оние кои покажуваат помала заинтересираност. Затоа потребно е да се применуваат разни форми на музички активности. Во секој случај, работата на културата на гласот (култивирано пеење),

обработка на песни, слушање на музика, складноста на музиката со движењата, свирењето на детските музички инструменти, без претходно пробудување и појава на интерес, не е можна успешна реализација. Со правилна примена на овој принцип доаѓаат до израз индивидуалните интереси и способности на децата и е овозможен процесот на усвојување на трајни знаења.

***Принцип на трајност***

Кај децата од предучилишна возраст, потребно е сите активности што се организираат, со текот на времето да преминат во детски трајни знаења, вештини и навики. Трајноста се постигнува со вежбање, повторувања и утврдувања, а сето тоа зависи од индивидуалната емоционална природа на децата, развиениот интерес и интезитетот на музичкото доживување. Во процесот на стекнување на такви знаења, значајна улога има свесниот и активен однос на децата во текот на вежбањето и учењето. Трајноста зависи од можните стекнати вештини и знаења во секојдневниот живот во рамките на групните музички активности, како и од јавните настапи.

Постигнувањето на трајните знаења, умеења и навики треба да бидат постојана грижа на воспитувачот, заснована на неговите залагања за перманентно усовршување на овие процеси.

***Принцип на различност***

Овај принцип поаѓа од основната задача за реализација на музичките активности, кој во предучилишните установи не можат правилно да се реализираат без разновидност и практично доживување на музиката со сите нејзини форми на активности: пеење, слушање, свирење и музичките игри. Често пати има забелешки до воспитувачите, од сите форми на музички активности, најчесто се користи пеење, со што се запоставуваат останатите.

Со различната застапеност на музичките активности се овозможува промена во сестраното влијание на развојот на музичките способности кај децата и во значителна мера влијае на интересираноста и содржинскиот престој во детската установа.

***Принцип на индивидуализација***

Принципот на индивидуализација има за цел активноста по музичко воспитание максимално да дојдат до израз интересите и способностите на децата.

Воспитувачот треба да посвети подеднакво внимание на цела возрасна група. Музичките активности во предучилишните установи, се реализираат со цела група кои имаат заеднички карактеристики. Изборот на материјалот и методските постапки потребно е да биде прилагоден на возрасната група и психичкиот развој на децата. Меѓутоа, една возрасна група, може да претставува збир на повеќе или помалку екстремни индивидуалности, со различни карактеристики и параметри. Поради тоа, воспитувачот е должен да обрне внимание на карактеристиките на секое дете подеднакво, бидејќи и музичките способности не се подеднакво развиени. Во секоја група има повлечени и плашливи деца, или гласовните можности им се ограничени. Задача на воспитувачот е на време да го открие недостатокот и со индивидуална работа, педагошка тактика и трпение да го острани.

Исто така, потребно е индивидуално внимание и кај децата со истакнати музички способности, задавајќи им потешки задачи.

## *МЕТОДИ И ПОСТАПКИ*

Од голем број на семантичко-концепциски определби на поимот на методите и постапките, може да се согледа дека тие претставуваат целисходни начини и постапки на воспитувачите и децата во процесот на работата, кога децата стекнуваат нови знаења, умеења и навики и ги развиваат своите интереси, способности и мотиви. Истите можат да се дефинираат како *научно потврдени начини и постапки* на воспитувачите и децата во процесот на музичките активности, чија цел е обезбедување оптимален ефект во стекнување знаења и развитокот на личноста на детето.

Постојат повеќе видови методи и постапки, а прашањето за нивно групирање е проучувано од голем број дидактичари, што резултира во повеќе нивни класификации. Изборот на класификацијата зависи од мноштво на интегрални и на актуелни чинители и сегменти на активностите, од кои можат да

се наведат: целите и задачите, суштината и содржината на активноста, креативноста и творечкиот пристап во презентација на градивото, критичко-мисловното и творечкото ангажирање на децата и нивната меѓусебна комуникација со воспитувачите.

Земајќи ги предвид спецификите на активностите по музичко воспитание, како што се содржините на пооделните подрачја (пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење, основи на музичкото творештво), разликите во методите на нивната реализација, проактивните начини на учење низ практичните активности на децата, изборот на методите го условуваат:

- *содржината-материјата која се обработува* (пеење песни, свирење на детски музички инструменти, слушање музика, музички игри);
- *водови на музички активности* (обработка на нова материја, повторување, утврдување);
- *артикулација на активноста* (воведен дел: подготовка за активност; главен дел, и завршен дел на музичката активност);
- *возрасни групи на деца* (мала, средна, голема), број на деца во групата, материјално-техничка опременост на градинката.

Основна задача на методите и постапките е да овозможи почитување на принципите, рационално користење на ресурсите и успешна реализација на различни форми на активности. За оваа цел вообичаено се користат следните методи:

1. *метод заснован на зборови* (дијалошки, монолошки);
2. *метод заснован на набљудување* (демонстрација, илустрација, активно слушање музички творби);
3. *метод заснован на практични активности* (имитација, импровизација, графичко претставување, вежби и творечки задачи).

### *Метод заснован на зборови*

Оваа група на методи има големо значење за развивање на сознајните способности кај децата, бидејќи зборовите овозможуваат сознание без непосреден контакт со предметот на сознанието. Доволна основа се само сетилните претстави за истиот. Но, при изборот на содржините што ќе се интерпретираат со помош на вербалните методи треба да се зема предвид: степенот на интелектуалниот развиток на децата;

нивните предзнаења; вербалните способности, како и говорниот фонд. Вербалните методи користат разни наставни средства и постапки. На пример, се користат за опишување на слики, цртежи, илустрации, инструменти, движења; се објаснува музиката што се слуша; со нивна помош се врши процесот на дискриминација, компарација, анализа, воопштување и др. Во рамките на оваа група на методи спаѓаат монолошкиот и дијалошкиот метод, секој со по неколку варијанти:

1. *Монолошки метод*; познат уште како метод на усно изложување; во него доминира изложувањето од страна на воспитувачот, а се реализира низ неколку варијанти:

- *опишување;* опишувањето е таква варијанта на монолошкиот метод со помош на кој, низ процесот на активноста, децата се запознаваат со одредени настани, појави, процеси, личности. Истото е проследено со цртежи, слики и други аудиовизуелни надгледни средства. Овозможува објективно, точно и концентрирано утврдување на нештата, без субјективни проценки. За децата тоа е сликовито, живо и насочено кон будење на емоции. При опишувањето се избира она што е битно и карактеристично за предметите и појавите, со цел да се добие јасна слика за она што се опишува. Најчесто се комбинира со методите на набљудување, разговор и демонстрација.
- *раскажување;* претставува вид на опишување со повеќе зборови. Се користи за запознавање со конкретни факти, појави, настани, процеси. Доминантна е емоционалната компонента, иако понекогаш има информативен карактер. Се применува согласно на спецификите на мисловниот и емоционалниот развиток на децата. Поради сврзаноста на конкретното мислење со емоционалната и волевата компонента на личноста на децата, раскажувањето го поттикнува интересот на децата. Може да се дополнува и комбинира со други наставни методи и постапки, а најмногу со демонстрација, објаснување и дискусија.
- *објаснување;* со оваа варијанта на монолошкиот метод се настојува на децата да им се доближат поодделни апстракции, генерализации, поими, правила, обиди, непознати зборови, знаци и симболи. На пример, при изучување на песна, во рамките на тематското подрачје „пеење“, воспитувачот ја објаснува содржината на песната и непознатите зборови.

2. *Дијалошки метод*; самиот назив на овој метод кажува дека тука станува збор за заедничка работа на воспитувачот и децата. Овој метод се состои во прашања и одговори, разговор на воспитувачот со децата, со цел да се остварат дидактичките цели и задачи што се поставени за одредена активност. Неговата логика е прилагодена на мисловните можности и возраста на децата. Воспитувачот го обликува и канализира разговорот, водејќи го рационално кон дадена цел. Може да организира и послободен разговор, во ситуации кога треба да доминира доживувањето на децата. Разговорот не се сведува на прашања на воспитувачот, туку се остава доста простор за прашања од страна на децата. Воспитувачот може да изнесе неколку факти и да бара од децата да го изнесат својот суд за истите. Прашањата на воспитувачот треба да ги наведуваат учениците на размислување, а не да бидат од чисто технички карактер. Разговорот може да биде:

-*строго контролиран разговор;* улогата на воспитувачот е во прв план. Децата имаат помошна улога. Тој поставува прашања, водејќи сметка за поставената цел. Не дозволува децата со своите прашања да доведат до отстапување од развојната линија на активноста. Овој вид на разговор се применува, најчесто во воведниот дел на активноста, кога претходните знаења на децата се поврзуваат со новиот материјал кој треба да се обработи, како и во ситуација кога е потребно брзо проверување на знаењата. На овој начин воспитувачот може да утврди дали децата имаат знаења за дадени ефекти, но со него не е поттикнато самостојното размислување на децата.

- *слободен разговор; в*о овој вид на разговор до полн израз доаѓа иницијативата на децата. Воспитувачот е во втор план, водејќи сметка да ги насочува децата кон замислениот тек на активноста, не дозволувајќи отстапување од неговата развојна линија. Тој им помага, ги советува, ги насочува. Децата имаат можност не само да поставуваат прашања, туку и да го оспоруваат мислењето на своите другарчиња, изнесувајќи го своето. Ваквиот вид на разговор може успешно да се примени после набљудување на дадени појави, процеси, настани, гледање на видео касети, ДВД, слушање на касети или ЦД. Имајќи знаења за дадени факти, насочени од воспитувачот, децата можат сами да изведуваат заклучоци.

- *дискусија; д*искусијата претставува вербална размена меѓу децата и меѓу децата и воспитувачот. Секое дете, во

процесот на активноста, може да комуницира со сите останати, имајќи можности за споделување на своите идеи, чувства и мисли, во врска со даден проблем и давање образложение за истите. Дискусијата претставува имање на знаења за содржините кои ќе се обработуваат со помош на овој метод. Посебно се користи поради оспособување на децата за користење на нивните мисловни способности, збогатување на нивните сопствени идеи и овозможување да се слушнат различни гледишта од страна на своите другарчиња. Исто така, овозможува проширување и продлабочување на разбирањето на децата, давајќи им можност за примена на она што го научиле.

***Метод заснован на набљудување***

Основна карактеристика на методот заснован на набљудување е усвојување на знаењата, умеењата, навиките и ставовите преку сетилното сознание. Со набљудувањето се сознаваат особините на предметите, процесите и појавите, достапни на сетилата. Набљудувањето се остварува во два основни вида: *демонстрација* и *илустрација*. Во дидактичката литература не постои единственост на ставовите со прашањето дали се работи за два посебни методи, демонстрација и илустрација, или две страни на единствен метод – илустрација.

*1. Демонстрација*; претставува наставен метод со помош на кој се врши покажување, односно очигледно прикажување на самите настани, појави, процеси, кои се дел од тематските активности, а чија цел е стекнување на одредени знаења, умеења и навики. Во набљудувањето на она што се демонстрира се ангажирани сите сетила, кои се соодветни на предметот на набљудување, односно процесот на перцепција. Во самиот перцептивен процес е вклучено и мислењето, иако на конкретно, перцептивно ниво. Во музичките активности, можат да се применат следните постапки, во рамките на овој наставен метод:

-демонстрација со ритмички ДМИ, со музички инструмент, со глас;

- демонстрација со мелодиски ДМИ, инструмент, пеење;
- демонстрација со ритмички изразни движења;
- демонстрација со помош на софтверски програми.

Овој метод може да се применува при изучување на правилно и изразно пеење на песни, прецизно изведување на ритам (со едноставни мелодии) на ДМИ, изведување на дадени музички игри, движења на дадена музика, слушање на дадени

музички творби. Наставникот е должен да им го покаже начинот на изведување на одредени операции, кои тие треба да ги научат (на пример свирење на даден ритам со помош на ритмички ДМИ, пеење на одредена мелодија, изведувањето на одредени движења на дадена музика и др.). Тој тоа не мора да го изведува сам. Примената на овој метод ги вклучува сите видови на музичка изведба во текот на наставата по музичко васпитание, било да се работи за изведување во живо или, пак, механичка изведба (репродукција) со помош на дадени наставни средства.

2. *Илустрација;* претставува наставен метод во текот на кој покажувањето служи како илустрација на содржините што се презентираат со помош на други наставни методи. Примените сознанија зависат од преносот на информации од сетилата до мозокот. Некои имаат тенденција да користат некое од сетилата повеќе од другите. Така, едни учат слушајќи, други учат гледајќи слики, трети по пат на допир. Илустрацијата ги користи сите видови на медиуми, симболи, скици, динамички цртежи, копирани материјали, постери, кои им овозможуваат на децата да го видат и слушнат тоа што им го кажува воспитувачот. Овој метод оди во комбинација со методот на дискусија и во голем степен ја зголемува свесноста на децата, како на пример, кога треба да се прикажат некои битни карактеристики на одреден предмет или појава. На тој начин возможна е поголема јасност на презентираните информации, нивно мултипно кодирање и трајно запомнување.

Илустрацијата може да биде:

- ритмичка музичка илустрација со инструмент, ДМИ или пеење;
- мелодиска музичка илустрација со инструмент, ДМИ, пеење;
- графичка илустрација со слики, цртежи, апликации, постери, геометриски цртежи и др.;
- илустрации со помош на аудио и аудио – видео запис;
- илустрација со помош на софтверски програми.

3. *Активно слушање на музички творби;* претставува посебна методска постапка, заснована на набљудување, применлива во реализација на активноста „слушање музика“. Оваа методска постапка се разликува од претходните две (демонстрација и илустрација), по тоа што во неа не се врши илустрација на содржините, презентирани со помош на други

наставни методи, ниту пак има за цел стекнување на одредени знаења, умеења и навики, со покажување на самите настани, појави, процеси, кои претставуваат воспитни содржински активности. Во текот на истите се врши презентирање на самите појави и процеси, кои преставуваат воспитни содржини, но се применуваат веќе стекнати знаења и умеења, од други воспитни активности на програмата.

***Методи заснован на практични активности***

Изведувањето на дадена ситуација, односно практичната активност, го развива мислењето на децата, нивната моторика, чувства и овозможува поголем материјал за дискусија. Овие методи, во комбинација со другите методи, како дискусија и демонстрација, овозможуваат сфаќање од страна на децата на самата практична активност, во нејзините составни компоненти, изразни елементи, правила на изведување, функција и сл. Овие методи се и најадекватните методи за изучување на содржинските активности од сите тематски подрачја, согласно неговата суштина и специфичнист.

Во рамките на оваа група спаѓаат:

1. *Имитација.* Претставува таков наставен метод, со помош на која децата учат како да пеат песни, како да свират на ДМИ и како да изведуваат одредени движења на дадена музика. Воспитувачот демонстрира зададена операција, а децата, имитирајќи го, учат како да ја изведуваат истата. Тој укажува на секоја пројавена грешка, повторно ја демонстрира точната изведба на делот во која таа се појавила или пак, целата операција, а децата, или поединец, ја изведуваат повторно по пат на имитација.

Во зависност од содржините на активностите кои се обработуваат, имитацијата има разни варијанти. Таа може да биде:

- ритмичка имитација; се применува во изучувањето на метро-ритмичкиот аспект на музичките творби, како што е ритмизиран говор (кај бројалките, брзозборките, песните); поврзување на стихови со музичкиот метар; тактирање (плескање, тропање, примена на ритмички детски музички инструменти).

- мелодиска имитација; се применува во изучување на мелодискиот аспект на музичките творби, низ следните

постапки: фономимија, пеење на неутрален слог (ла-ла; на-на); пеење по слух; свирење на ДМИ.

- имитација на движења; се практикува во изучувањето на движења на дадена мелодија (било да се работи за вокална, инструментална или вокално-инструментална музичка творба), во рамките на подрачјата на музичките активности „музика и движење“ и „свирење на ДМИ“.

Во првиот случај се имитираат демонстрираните движења од страна на воспитувачот, или даден модел кој го презентира на видео, ДВД снимка; движењата се координираат со ритамот, динамиката, темпото и карактерот на дадената музичка творба.

Во вториот случај се имитираат движењата изведени при свирење на даден детски музички инструмент.

2. *Импровизација.* Претставува самостојно креативно музичко изразување на децата. Во зависност од подрачјето на активности во кои се изведуваат, таа може да биде:

- *ритмичка импровизација;* која се состои од: импровизација на ритмички мотиви, импровизација на ритам на зададен текст, импровизација на ритам за зададена мелодија;

- *мелодиска импровизација;* импровизација на мелодија на зададен текст, импровизација на мелодија на зададен ритам;

- *импровизација на движења;* учениците можат самостојно да ги одредуваат: движењата кога е зададен одреден ритам, движењата кога е зададена одредена мелодија.

3. *Вежби.* Поради спецификата на содржините на музичките активности, доминира практичната компонента (вежби). Со многукратно повторување, односно вежбање може да се утврдат: висините на тоновите при пеењето, да се уточни одредена комбинација на движења (кореографија) на дадена мелодија, правилна изведба на дадена мелодија и ритам со помош на ДМИ и други музички активности. Вежбите се изведуваат под водство на воспитувачот, кој ги поправа направените грешки или, пак, под негова контрола тоа го прават самите ученици, работејḱи во поголеми или помали групи. Вежбите ги опфаќаат следниве видови на методски постапки:

- *ритмизиран говор*; претставува ритмичко изговарање на бројалки – самиот говорен текст на бројалките има сопствен ритам. Тој се зема како основа и се вежба неговото изговарање во правилни ритмички траења.

- *ритмичко движење на музика;* се изведува со плескање со раце, тропање со нозе, движење на главата, марширање, чекорење, комбинирање на различни движења.

- *пеење песни;* претставува вежбање на пеење песни на неутрален слог, пеење песни со литературен текст на дадена мелодија.

- *придружба со ритмички ДМИ;* пред сè придонесува за развивање на чувството за ритам, музичко помнење, доживување на различни звуци, стекнување на основни музички знаења и оспособување за заедничко музицирање. Таа ги опфаќа следните постапки: свирење говорен ритам, свирење ритам на песна, свирење ритмички фрази, свирење на ритмичко ехо.

*4. Творечки задачи.* Со оваа практична активност се дава големо значење на вниманието на детската креативност. Творечките задачи се реализираат низ практичните активности на децата, како што се имитација со импровизација, импровизација на движења на зададена мелодија, мелодиски одговори и др.

Сите претходно наведени методи заедно, го истакнуваат проактивниот начин на перцепција, базиран на премисата дека искуството му претходи на учењето, а со тоа повисокиот степен на вклученост на децата во процесот на сите активности, резултира во повисок степен на ретенција на информациите и вештините.

Изборот на методите, пооделно и комбинирано, зависи од содржината или тематските подрачја на материјата која се обработува (пеење, слушање музика, свирење на ДМИ, музика и движење, основи на музичкото образование), возраста на децата, како и целта на активноста.

## *ФОРМИ НА РАБОТА*

Во музичкото воспитание најчесто се користат три форми на работа: фронтална, групна и индивидуална.

1. *Фронтална форма;* опфаќа работа со целата група, врз основа на иста воспитно–образовна задача, иста тема, по утврдените принципи и методи на работа. Знаењата се усвојуваат со изложување од страна на воспитувачот, или друг начин на презентирање. Тука преовладува поучувањето, а изостанува самостојната активност на децата. Активноста се

изведува со сите деца во соодветната група. Оваа форма на работа овозможува вербална комуникација со секој ученик, бидејќи се темели на непосредна комуникација на воспитувачот со децата. Недостатоците на оваа форма на работа се неможноста на воспитувачот да добие увид во степенот на ангажираност на децата, како и отсуството на нивната комуникација.

2. *Групната форма;* опфаќа работа со група на деца, кои работат самостојно. За секоја група воспитувачот подготвува упатства, наставни средства и материјали. Воспитувачот ја нагледува работата на децата и по потреба дава дополнителни насоки. Секое дете има своја улога, во реализација на поставените задачи, но неговата работа е дел од вкупната работа на групата и се вклопува во целината на сознајниот процес. Главна карактеристика на оваа форма на работа е едновремено постоење на вертикална и хоризонтална линија на работа, односно групите работат самостојно, но можна е нивна комуникација во смисла на консултирање, допрашување и помагање. Кога постои функција на двете групи, детето учествува во учењето од една страна и подучувањето од друга страна. Освен тоа, тие стекнуваат самодоверба и сигурност, бидејќи одговорноста за успехот или неуспехот е заедничка.

Кај оваа форма на работа активноста започнува и завршува со фронтална форма на работа, а главниот негов дел се одвива со групната форма на работа. За нејзината реализација потребно е да се остварат одредени технички работи, како што се: пообемна и посложена подготовка на воспитувачот, подготовка на децата, формирање на групите, како и вреднување на извршените задачи.

3. *Индивидуална форма;* е таков организиран вид на работа, кога активноста се изведува индивидуално, со секое дете пооделно. При оваа форма на работа, децата ги дознаваат, сфаќаат и запомнуваат новите знаења самостојно без изложување од страна на воспитувачот. Улогата на воспитувачот се состои во организирање и насочување на работата на децата, подготвува материјал во вид на упатства (насоки за одделни активности на децата, извори на знаења, што да научи, како да го стори тоа, што да запомни, што да примени во праксата). Овој вид му овозможува на детето самостојна работа, максимално ангажирање и директна комуникација со музичките задачи.

Воспитувачот поединечно ги охрабрува децата, ја поттикнува нивната индивидуална мотивација и им дава поддршка во совладување на поставената задача.

Сите тематски подрачја во рамките на музичките активности поради својот карактер, е можно и затоа треба да се реализираат преку сите наставни форми – фронтална, групна и индивидуална, во соодветни услови со сите потребни дидактички надгледни средства.

## *СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА*

Успешната реализација на воспитно-образовната работа, претпоставува примена на соодветни средства и помагала. Тие претставуваат медиуми, односно базични инструменти за изведување на воспитните активности, а со тоа содржинската компонента на активноста ја прават подинамична, порационална, придонесувајќи за индивидуализација на воспитниот процес.

Успешната реализација на активнстите, пред сѐ, претпоставува адекватни прирачници, работни материјали, како и примена на соодветни помошно-технички средства, во зависност од содржината, целта и начинот на реализација. Наставните средства кои ги користат воспитувачите, како за подготовка, така и за реализација на активностите, можат да се групираат во неколку видови:

- *дидактички средства и материјали;* тоа се печатени и пишувани текстови, музичка литература и музички материјали: прирачници, списанија, музички инциклопедии, зборници со запишани детски песни, ЦД-а за реализација на пооделни музички активности.

- *визуелни наставни средства;* тоа се сите средства со помош на кои може да се сознае со сетилото за вид: предмети, слики, слајдови, цртежи, илустрации, модели, графикони, апликации, постери.

- *аудитивни наставни средства;* со помош на кои може да се сознава со сетилото за слух: радио снимки, аудио касетни снимки, музичко ЦД, музичко ЦД со снимени песни од детски музички манифестации, ЦД со снимени песни за пеење и музика за слушање и др.

- *аудиовизуелни наставни средства;* спаѓаат сите средства со помош на кои може да се сознае истовремено со сетилата за вид и слух: звучни филмски снимки, ТВ-снимки, видео снимки, ДВД снимки, компјутерски софтверски програми и ЦД со снимени песни за пеење и музика за слушање.

- *мануелни наставни средства;* тоа се сите наставни средства со кои се манипулира тековната реализација на активностите: ДМИ (ритмички и мелодиски), музички инструменти (пијано, синтисајзер, хармоника, гитара, усна хармоника).

- *помошно–технички средства;* тоа се средства од помошна природа, неопходни за реализација на активностите: касетофон, ЦД плеер, радио, ТВ, видео, ДВД плеер и др.

## *ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА*

Во согласност со целите на воспитно-образовната работа, а врз база на основите на програмата, планирањето според дидактичките барања како една од насоките на дејноста на воспитувачот, е важен фактор за нејзината успешна реализација, претставувајќи елаборација и конкретизација на содржината, како и тековниот процес на активностите.

Улогата на воспитувачот во целокупниот процес од планирањето, до интеграција со децата е од многу големо значење. Таа се состои во следење на детскиот раст и развој индивидуално, почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно–образовната дејност, мотивирање на децата кон различните видови активности, следење и вреднување на воспитно–образовниот процес и самовреднување, водење на досие на детето, развивање кај децата процес на самодоверба, соработка со семејството, почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализација на конкретните цели, усогласување на можностите, потребите и интересите на децата, позитивна социоемоционална клима, надгледност и автентичност во воспитно–образовниот процес, поттикнување на децата за истражување, откривање, креативни процеси и активирање во планирањето и реализацијата на целите.

Реализацијата на програмскиот документ условува постоење на здрав, безбеден и пријатен простор, како внатрешен

така и надворешен, а воедно флексибилност и стимулативност на просторот. Таквата организациона поставеност нуди можности за организаирање и реализација на сите активности во помала или поголема возрасна група, или индивидуална работа. Потребата за активна реализација на програмските документи, наметнува организирање на катчиња за учење, како што се: семејно – драмско, математичко, катче со вода и песок, градежно, истражувачко, етнолошко, уметничко, куклено, мала сцена за куклени претстави, катче за изложба на детски творби, како и музичко катче. Материјалите во катчињата треба да бидат организирани, јано наредени, чисти и уредни, достапни за децата, набљудувани и постојано збогатувани. Тие треба постојано да се збогатуваат и со неструктуиран материјал, а децата да се поттикнуваат да прават независни избори за слободни и организирани активности.

Воспитно–образовната работа се планира и реализира интегрирано. При планирањето воспитувачот јасно и прецизно ги дефинира целите на воспитно–образовната работа, а потоа следи определување на активностите, со кои најефикасно ќе ги реализира определените цели и задачи.

Основите на програмата, се темелат на поттикнување на вклученост на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во воспитно–образовната работа. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на заемно почитување помеѓу воспитувачот и родителите. Родителите се информирани за развојот и постигнувањата на нивните деца.

Во процесот на планирањето, воспитувачот како прво ја зема предвид возраста на децата, а врз база на тоа, можноста за реализација на соодветни тематски активности: *пеење, слушање музика, музика и движење, свирење на детски музички инструменти, основи на музичкото творештво*.

Воспитувачот, врз база на „Основите на програмата за воспитно–образовната работа со деца од предучилишна возраст“, а имајќи ги предвид условите за работа, пред сè просторните услови, опременоста на градинката, пошироката околина, културата и менталитетот на средината, индивиду-алните разлики, како и потребите и можностите на децата во конкретната група, изготвува *макро и микро планирање*.

***Макро планирање***

Претставува годишно/глобално и тематско планирање на тематските подрачја, за секоја посебно соодветната воспитно–образовна група:

а) мала група – од 2 до 3,5/4 годишна возраст, ги опфаќа наставните теми: *пеење, слушање музика, музика и движење*;

б) средна група – опфаќа возраст од 3,5/4 до 5 години, ги опфаќа наставните теми: *пеење, слушање музика, музика и движење, свирење на детски музички инструменти*;

в) голема група – од 5 до 6 години, ги опфаќа наставните теми: *пеење, слушање музика, музика и движење, свирење на детски музички инструменти, основи на музичкото творештво*.

Воспитувачот пред да пристапи кон изработување на годишен план за работа, прибира разновидна литература (учебници, прирачници и друга стручна литература), ЦД снимки, ДВД снимки, прави анализа на средствата што ги поседува, кои ќе му послужат како основа за макро планирањето на сите тематските активности.

При изработката на макро планирањето, ги разгледува посочените постоечки теми за соодветната група (мала, средна, голема), водејќи сметка за видот на активноста (усвојување на нов материјал, или повторување), како и примената на дидактичките принципи, наставните методи, наставните форми и наставните средства применети во текот на соодветната активност.

Во глобалното–тематско планирање содржани се наставните теми за одредена возрасна група, како и активностите за секоја тема.

**Глобално - тематско планирање - *мала група***

| ***Наставни теми*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|
| Пеење | - детето учествува во игра во која воочува и разликува кога другарчето пее, а кога говори;<br>- учествува во активност во која вежба правилно да седи при пеењето и притоа концентрирано да го набљудува воспитувачот;<br>- ритмички кажува едноставни бројалки;<br>- пее хорово и го изразува ритамот со тропалки;<br>- пее песни придружени со движења (плескање, |

| | |
|---|---|
| | тропкање, марширање). |
| Слушање музика | - детето слуша, препознава и именува звуци на предмети, животни, временски појави и др;<br>- вежба да ја слуша песната до крај;<br>-слуша инструментална музика (класични минијатури – кратки композиции);<br>-слуша народна музика поврзана со некои народни обичаи;<br>- слуша музички приказни и ги именува ликовите;<br>- слуша звук од звучен предмет и ја врти главата кон изворот на звукот;<br>-слуша инструментална музика со приспивен карактер („Приспивна песна“ од Брамс). |
| Музика и движење | -со придружба на музика детето изведува движења со раце, глава, нозе, тело;<br>-изведува движења на приспивна и игровна музика (трча, скока, седнува, легнува и сл.);<br>-изведува соодветни имитативни движења придружени со музика (пр. полжав, зајаче, врапче и сл.);<br>-учествува во традиционални игри („Оди мачка покрај тебе“, „Топчето ми падна“ и др.);<br>- изведува движења во придружба на тропалка;<br>-изведува движења на приспивна музика (приспивни песни и инструментална музика). |

## Глобално - тематско планирање - *средна група*

| *Наставни теми* | *Примери на активности* |
|---|---|
| Пеење | -детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција;<br>- пее кратки музички мотиви (вежби на неутрален слог, за висина, јачина и траење на тоновите);<br>- пее народни песни („Црпи вода Јано“);<br>- пее песни во брзо, умерено и бавно темпо;<br>- ритмички искажува народни и детски бројалки. |
| Слушање музика | - слуша музика во различни темпа (бавно, умерено и брзо);<br>-слуша воклна музика (детски песни, хорски песни, народни песни и други песни со различна содржина, песни во придружба на некој музички инструменти;<br>-слушање инструментална музика – композиции и |

| | |
|---|---|
| | фрагменти со различен карактер, клавирски минијатури и фрагменти („Карневал на животните“ К. Сен Санс, „Марш на џуџињата“ Е. Григ, „Приспивна песна“ Ј. Брамс);<br>- слушање вокално-инструментална музика (уметнички песни, народни и песни од детски фестивали);<br>-слуша народни песни, традиционални песни поврзани со празници и обичаи (коледе, прочка и др.) |
| Музика и движење | - истражува различни движења на целото тело, на деловите од телото, состојба на мирување;<br>- изведува движења со песна (игри со песна);<br>-изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропање);<br>-изведува движења со слушање инструментална музика (со кореографија и без кореографија);<br>-изразување (изведување) движење во брзо и бавно темпо;<br>-вежба со своите движења да го започне почетокот и крајот на играта;<br>- активно учество во приредби и прослави;<br>-набљудува и воочува различни форми на движења со музика и изведувачи (оро, балет);<br>-учество во активности поврзани со традиционални празници и обичаи. |
| Свирење на детски музички инструменти | -детето ги истражува и открива звучните својства на дел од детските ударни музички инструменти (барабанче, стапчиња, чинели, триангли и ѕвончиња);<br>-се запознава со техниката на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти;<br>-придружува музика со помош на детски музички инструменти; |

## Глобално - тематско планирање - *голема група*

| ***Наставни теми*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|
| Пеење | -детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција;<br>- пее кратки музички мотиви (вежби на неутрален слог, за висина, јачина и траење на тоновите); |

| | |
|---|---|
| | - пее народни песни („Овчарче мило премило“);<br>- пее песни во брзо, умерено и бавно темпо;<br>- ритмички искажува народни и детски бројалки;<br>- започнува песна, продолжува недовршена песна која е започната од некој друг. |
| Слушање музика | - слуша музика во различни темпа (бавно, умерено и брзо);<br>-слуша вокална музика (детски песни, хорски песни, народни песни и други песни со различна содржина, песни во придружба на некој инструмент);<br>- слушање инструментална музика – композиции и фрагменти со различен карактер, клавирски минијатури и фрагменти („Карневал на животните“ К. Сен Санс; „Бумбаров лет“ Корсаков);<br>-слушање вокално-инструментална музика (уметнички песни, народни и песни од детски фестивали);<br>-слуша народни песни, традиционални песни поврзани со празници и обичаи. |
| Музика и движење | - истражува различни движења на целото тело, на деловите од телото, состојба на мирување;<br>- изведува движења со песна (игри со песна);<br>-изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропање);<br>-изведува движења со слушање инструментална музика (со и без кореографија);<br>-вежба со своите движења да го започне почетокот и крајот на играта;<br>-активно учество во приредби и прослави;<br>-набљудува и воочува различни форми на движења со музика и изведувачи (оро, балет);<br>-учество во приредби и прослави и активности поврзани со традиционални празници и обичаи. |
| Свирење на детски музички инструменти | - детето ги истражува и открива звучните својства на дел од детските ударни музички инструменти (барабанче, стапчиња, чинели, триангли и ѕвончиња);<br>-се запознава со техниката на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти;<br>- придружува музика со помош на детски музички инструменти;<br>- свири со дел од детските музички инструменти, а притоа се користи графички прикажана ритмичка |

| | |
|---|---|
| | содржина;<br>-учествува во групно свирење со одреден подготвен аранжман на музичката содржина;<br>-изведува звучни ефекти при куклени претстави и драматизации. |
| Основи на музичкото творештво | - детето учествува во активности во кои со пеење го кажува своето име;<br>- изнаоѓа различни начини на претставување на звуците од околината;<br>-детето со пеење поставува куси прашања и со пеење одговара на нему поставените музички прашања;<br>-измислува звучни ефекти за куклени претстави, драматизации и сл.;<br>-свири на дел од музичките инструменти, импровизира, составува свои композиции;<br>-изведува позната детска песна, но со видоизменет крај;<br>-познати форми на движења комбинира во едноставни и посложени танцови целини и ги изведува на позната композиција. |

Годишното планирање-содржини:

- се планираат осум активности месечно, две активности седмично;

- дата на реализација;

-тип на активноста (усвојување нов материјал или повторување);

- наставни теми за соодветна група (пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење, основи на музичкото творештво);

- примери на активности.

Следи пример за годишно планирање за сите возрасни групи, од месец септември до август:

## Годишно планирање - *за мала група*

| *Дата* | *Тип на активност* | *Наставна тема* | *Примери на активности* |
|---|---|---|---|
| 04.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учество во активност во која вежба правилно да седи при пеење и притоа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | концентрирано да го набљудува воспитувачот. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Вежба да ја слуша песната до крај. |
| ?.09. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слушање на песна до крај |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учество во игра во која воочува и разликува кога другарчето пее, а кога говори. |
| ?.09. 2011 | Повторување | Пеење | Детето пее хорово. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува соодветни имитативни движења придружени со музика (полжав, зајаче, врапче и сл.). |
| ?.09. 2011 | Повторување | Музика и движење | Со придружба на музика детето изведува движења со раце, глава, нозе, тело имитирајќи некое животно. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање народна музика со некои народни обичаи. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нов материјал | Пеење | Ритмички кажува едноставни бројалки. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слушање народна музика поврзана со народни обичаи и именување на истите. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на приспивна и игровна музика (трча, скока, седнува, легнува и сл.). |
| ?.10. 2011 | Повторување | Музика и движење | Учествува во традиционални игри („Оди мачка покрај тебе“, „Топчето ми падна“ и др.). |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее хорово и го изразува ритамот со тропалка. |
| ?.10. | Усвојување на | Слушање | Детето слуша, препознава и именува звуци на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2011 | нова материја | музика | предмети, животни и временски појави. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Пеење | Пее детски баснички и го изразува ритамот со тропалка. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Слушање музика | Препознавање и именување на звуци на животни и временски појави. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења во придружба на тропалка. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Вежба да ја слуша песната до крај. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слуша инструментална музика (класични минијатури – кратки композиции). |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учество во активност во која вежба правилно да седи при пеењето и притоа концентрирано да го набљудува воспитувачот. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање музички приказни и ги именува ликовите. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Слушање музика | Препознавање и именување на ликовите од музичката приказна |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења во придружба на тропалка |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето препознава и именува звуци на предмети. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слуша звук од звучен предмет и ја врти главата кон изворот на звукот. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Пеење | Игра на еснички од детски фестивали во придружба на тропалка. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша народна музика поврзана со некои народни обичаи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.12. 2011 | Повторување | Слушање музика | Изведува движења на народна музика. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Со придружба на музика детето изведува движења со раце, глава, нозе, тело. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето слуша, препознава и именува звуци на животни. |
| ?.12. 2011 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења на приспивна и игровна музика (трча, скока, седнува, легнува и сл.). |
| ?.12. 2011 | Повторување | Слушање музика | Детето ги слуша и ги препознава звуците на животните. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учество во игра во која воочува и разликува кога другарчето пее, а кога говори. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музички приказни и ги именува ликовите. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учествува во активност во која вежба правилно да седи при пеењето и притоа концентрирано да го набљудува воспи-тувачот. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее хорово |
| ?.01. 2012 | Повторување | Слушање музика | Препознавање и име-нување на ликовите од музичката приказна. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Вежба да ја слуша песната до крај. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша инструментална музика (класични мини-јатури – кратки компо-зиции). |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Поттикнување за учество во музичките игри. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее хорово и го изразува ритамот со тропалка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.01. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее хорово и изразува ритам со тропалка. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша бројалки и ритмички ги поддржува со рацете. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето слуша, именува и препознава звуци. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша и препознава позната песна. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учествува во активност која вежба правилно да седи, при пеењето и притоа концентрирано да го набљудува воспитувачот. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Пеење | Детето се вклопува во хорово пеење. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување соодветни имитативни движења придружени со музика (пр. зајаче и маче). |
| ?.02. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења како мачка и зајак придружени со музика. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето слуша, препознава и именува звуци на временски појави. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето слуша, препознава и именува звуци на животни. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Слушање музика | Детето именува звуци на временски појави. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички кажува едноставни бројалки. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Со придружба на музика детето изведува движења со рацете, главата, нозета, телото. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на приспивна и игровна музика (трча, скока, седнува, легнува и сл.). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.03. 2012 | Повторување | Музика и движење | Учествува во традиционални игри („Оди мачка покрај теба“, „Топчето ми падна“). |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детето препознава и именува звуци на предмети. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша звук од звучен предмет и ја врти главата кон изворот на звукот. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша народна музика поврзана со некои народни обичаи. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музички приказни и ги именува ликовите. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Слушање музика | Изведува движења на народна музика. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учествува во игра во која воочува и разликува кога другарчето пее, а кога говори. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее хорово |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички кажува едноставни бројалки. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша инструментална музика (класични минијатури – кратки композиции). |
| ?.04. 2012 | Повторување | Слушање музика | Вежба да ја слуша песната до крај. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша народна музика поврзана со некои народни обичаи. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учество во активноста во која вежба правилно да седи при пеењето и притоа концентрирано да го набљудува воспитувачот. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее хорово. |
| ?.05. | Усвојување на | Слушање | Вежба да слуша песна до |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | музика | крај. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша инструментална музика (класични мини-јатури). |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на приспивна и игровна музика (трча, скока, седнува, легнува...). |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички кажува едно-ставни бројалки. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музички приказни и ги именува ликовите. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Слушање музика | Именување на ликовите од музичките приказни. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Вежба да започне да пее на даден знак и на даден знак да заврши песната. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Пеење | Детето на даден знак со плескање на рацете започнува да пее. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето ги испитува гласовните можности на сопствениот глас. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша приспивни песни (детски – заспивалки). |
| ?.06. 2012 | Повторување | Слушање музика | При заспивање слуша инструментална музика со приспивен карактер („Приспивна песна“ од Ј. Брамс). |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на музика со маршов ка-рактер. |
| ?.06. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува маршови дви-жења на детска песна со маршов карактер („Марш на џуџињата“ од Е. Григ) |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша фрагменти и минијатури во различно темпо. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни придружени со движење (плескање, тропкање, марширање). |
| ?.06. | Усвојување на | Пеење | Имитира звуци од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 012 | нова материја | | природата и околината. |
| ?.06. 2012 | Повторување | Пеење | Изведува бројалки со тропкање. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на брза и бавна музика. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува брзи и бавни движења на „Мечка и зајаче“ |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша звук од звучен предмет и ја врти главата кон изворот на звукот. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички кажува едноставни бројалки. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Следи приредби и прослави. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша народна музика поврзана со некои народни обичаи. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Слушање музика | Изведува движења поврзани со народна музика. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музички приказни и ги именува ликовите. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички кажува едноставни бројалки. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музички приказни и учествува во нив. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Музика и движење | Учествува во музичка приказна „Полжавче и зајаче“. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша игрова музика (инструментална и вокалноинструментална). |
| ?.08. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша инструментална и вокално инструментална музика, пр. „Весел игра“. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Вежба да слуша песна до крај. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето ги испитува гласовните можности на сопствениот глас. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музика и изведува движења во просторот (лазење, потскокнување, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | со една нога, потскокнување со двете нозе, лизгање). |

## Годишно планирање - *за средна група*

| *Дата* | *Тип на активност* | *Наставна тема* | *Примери на активности* |
|---|---|---|---|
| 4.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во: брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.09. 2011 | Повторување | Пеење | Пее кратки музички мотиви. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање и тропкање). |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Набљудува различни форми на движења со музика и изведува (оро, балет). |
| ?.09. 2011 | Повторување | Музика и движење | Набљудува и воочува различни форми на движења со музика. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техниката на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее и слуша народни песни. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Пеење | Пее народни песни „Црпи вода Јано“. |
| ?.10. 011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша вокална музика (детски песни, хорски песни, песни придружени со некој оркестар или инструмент. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува различни движења со целото тело. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.10. 2011 | Повторување | Музика и движење | Изведува различни движења со целото тело со песна. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техниката на свирење. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички искажува народни бројалки. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Пеење | Детето искажува народни бројалки во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање маршова музика. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Слушање музика | Децата слушаат и изведуваат движења на маршова музика. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички искажува детски бројалки. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Детето ги истражува и открива звучните карактеристики на дел од музичките инструменти. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Децата се запознаваат со техниките на свирење на барабанче. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена песна со барабанче. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења слишајќи инструментална музика (со кореографија и без кореографија). |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движења во брзо и бавно темпо. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Пеење | Ритмички искажува детски бројалки во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша инструментална музика – композиции и фрагменти со различни карактери, клавирски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | минијатури и фрагменти. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учи и репродуцира 4 до 6 песни во годината. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изразување на движење во брзо темпо. |
| ?.12. 2011 | Повторување | Музика и движење | Детето изведува движења во брзо темпо, пр. игровна песна на жирафата. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Децата се запознаваат со техниката на свирење на ѕвончиња. |
| ?.12. 2011 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена музика со ѕвончиња. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музика во различно темпо. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Учествува во музичка игра. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша фрагменти и минијатури со различно темпо поврзани со секојдневниот живот. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша музика во различно темпо („Тика така“ од Р. Мац). |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша вокална музика |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Имитира звуци од природата и околината. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Вежба да започне да пее на даден знак и на даден знак да заврши песната. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Пеење | На даден знак на воспитувачот пее и на даден знак ја завршува песната. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее кратки музички мотиви. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропкање или играње). |
| ?.01. | Усвојување на | Свирење на | Запознавање со техни- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | дет. музички инструменти | ките на свирење на триангли. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена песна со триангли. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења слушајки инструментална музика (со или без кореографија). |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее народни песни. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Пеење | Пее народни песни „Црпи вода Јано“. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо и бавно темпо. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша, препознава и разликува приспивна и маршова песна. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша приспивана песна „Приспива песна“ од Ј. Брамс. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движење во бавно темпо. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо и бавно темпо. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на приспивна музика. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења во брзо и бавно темпо. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Набљудува и воочува различни форми на движења со музика и изведувачи (оро, балет). |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Учествува во приредби и прослави. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пеење народни песни. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Пеење | Воочува различни форми на движења со музика. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Детето се запознава со техниките на свирење на чинели. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички | Детето придружува одредени песни со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | инструменти | чинели. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детски песни поврзани со 1 Април. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музика и изведува движења во просторот (лазење, потскокнување со една нога, тркалање и сл.). |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша вокално – инструментална музика (песни од детски фестивали). |
| ?.04. 2012 | Повторување | Музика и движење | Слуша музика од детски фестивали и изведува движења во просторот. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша народни песни, традиционални песни поврзани со празници. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Детето ги истражува и открива звучните својства на триаглите |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша инструментална музика. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слушање на инструментална музика, пр. „Карневал на животните“ од К. Сен Санс. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее песнички од детски фестивали. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движења во брзо темпо. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведување на брзи движења, пр. игровна песна за жирафата. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Запознавање со техниките на музичкиот инструмент стапчиња. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена песна со помош на стапчиња. |
| ?.05. | Усвојување на | Пеење | Ритмички искажува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | | народни бројалки. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша маршова музика. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења на маршова музика. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музички прика-зни и учествува во нив. |
| ?.06. 2012 | Повторување | Музика и движење | Учествува во музичка приказна „Полжавче и зајаче“. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Имитира звуци од природата и околината. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Учи и репродуцира 4 до 6 песни во текот на годината. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање музика со различно темпо. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музика и изве-дува движења во просторот. |
| ?.06. 2012 | Повторување | Музика и движење | На музика со различно темпо изведува движења во просторот. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техни-ката на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо и бавно темпо. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Пеење | Ритмички искажува бројалки во брзо и бавно темпо. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање вокална му-зика (хорски песни). |
| ?.07. 012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Вежби со своите дви-жења да го започне почетокот и крајот на играта. |
| ?.07. 012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша, препознава и разликува маршова песна. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења на маршова музика. |
| ?.07. | Усвојување на | Свирење на | Се запознава со тех- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | дет. музички инструменти | никите на свирење на барабанче. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена песна со помош на барабанче. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музика во бавно темпо. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша, препознава и разликува приспивна музика. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Слушање музика | Слуша инструментална музика со приспивен карактер „Приспивна песна“ од Ј. Брамс. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музички приказни и учествува во нив (пр. „Полжавче и зајаче“). |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропкање или играње) |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее народни песни, пр. „Црпи вода Јано“. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Пеење | Пее народни песни |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музика и изведува движења во просторот (лазење, потскокнување, со една нога, потскокнување со двете нозе, лизгање). |
| ?.08. 2012 | Повторување | Пеење | Пеење песни од детски фестивали. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша инструментална музика – композиции и фрагменти со различни карактери, клавирски минијатури и фрагменти („Карневал на животните“ од К. Сен Санс. |

# Годишно планирање - *за голема група*

| *Дата* | *Тип на активност* | *Наставна тема* | *Примери на активности* |
|---|---|---|---|
| 4.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее кратки музички мотиви (вежба на неутрален слог, за јачина, висина и траење на тоновите). |
| ?.09. 2011 | Повторување | Пеење | Пее песни од детски фестивали. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Истражува различни движења на целото тело, на делови од телото, состојба на мирување. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења со песна |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша вокално-инстру-ментална музика (народни песни). |
| ?.09. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слуша народни песни, традиционални песни поврзани со верски празници и обичаи, пр. „Билјана платно белеше“. |
| ?.09. 2011 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Детето учествува во активноста во која со пеење го искажува своето име. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Со пеење ги искажува имињата на своите другарчиња. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Детето ги истражува и открива звучните свој-ства на дел од детските музички инструменти (барабанче, стапчиња, чинели, триангли и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ѕвончиња). |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува различни движења со целото тело |
| ?.10. 2011 | Повторување | Музика и движење | Изведува различни движења со целото тело со песна. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музика во различно темпо (бавно, умерено и брзо). |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Ритмички искажува народни бројалки. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.10. 2011 | Повторување | Пеење | Детето искажува народни бројалки во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.10. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање свечени песни – химна на Р. Македонија |
| ?.11. 2011 | Повторување | Слушање музика | Децата слушаат и изведуваат движења на маршова музика. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Учество во групно свирење со однапред подготвен аражман на музичка содржина. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Заедно со сите дечиња со различни музички инструменти прават групно свирење. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Измислува звучни ефекти за куклени претстави, драматизации. |
| ?.11. 2011 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Изведува куклена претстава со измислени звучни ефекти. |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропкање или играње). |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движења во брзо и бавно темпо. |
| ?.11. | Повторување | Музика и | Изведување на движење во брзо темпо (пр. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2011 | | движење | игровна песна на жирафата). |
| ?.11. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Започнува песна, продолжува недовршена песна која е започната од некој друг. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Вежба со своите движења да го започне почетокот и крајот на играта. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее народни песни („Овчарче мило, премило“). |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изразување на движење во брзо темпо. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Набљудува и воочува различни форми на движења со музика и изведувачи (оро, тнц). |
| ?.12. 2011 | Повторување | Музика и движење | Игра оро во придружба на музика. |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музика во различно темпо (бавно, умерено, брзо). |
| ?.12. 2011 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша инструментална музика – композиции и фрагменти со различни карактери, клавирски минијатури („Бумбаров лет“ Н. Р. Корсаков). |
| ?.12. 2011 | Повторување | Слушање музика | Слушање инструментална музика. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Познати облици на движења комбинира во едноставни и посложени танцови целини и ги изведува на позната композиција. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пеење песни во брзо, бавно и умерено темпо. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Пеење | Ритмички изведува бројалка во различно темпо. |
| ?.01. | Усвојување на | Музика и | Изведувања на движења |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | движење | со народна песна и народно оро „Скопска црногорка“. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Набљудува и воочува разни форми на движења и изведувачи (оро). |
| ?.01. 2012 | Повторување | Музика и движење | Воочува и изведува движења на народна музика. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее кратки музички мотиви. |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропкање или играње). |
| ?.01. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техниките на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти. |
| ?.01. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Учествува во групно свирење со однапред подготвен аражман на музичката содржина. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења слушајќи инструментална музика (со или без кореографија). |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движења во брзо темпо (пр. игрова песна на жирафата). |
| ?.02. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведувања на движења во брзо темпо. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Детето со пеење поставува куси прашања и со пеење одговара на нему поставените прашања. |
| ?.02. 2012 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Детето со пеење си го кажува името и поставува и одговара на куси прашања со пеење. |
| ?.02. | Усвојување на | Свирење на | Свири на дел од дет- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | нова материја | дет. музички инструменти | ските музички инструменти, а притоа се користи графички прикажана ритмичка содржина (пр. две мачиња – два пати удираат на барабанче). |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движење во бавно темпо. |
| ?.02. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо и бавно темпо. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на приспивна музика. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења во брзо и бавно темпо. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Изнаоѓа различни начини на претставување на звуците од околината. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Основи на музичкото творештво | На различни начини претставува звуци од околината (животни). |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.03. 2012 | Повторување | Пеење | Пее песнички од детски фестивали. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Изведува звучни ефекти при куклени претстави, драматизации и др. |
| ?.03. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Детски песни поврзани со 1 Април. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува различни движења на музика во зависност од маската за 1 Април. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша вокално – инструментална музика (песни од детски фестивали). |
| ?.04. 2012 | Повторување | Музика и движење | Слуша музика од детски фестивали и изведува движења во просторот. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото | Изведува позната детска песна, но со видео- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | творештво | изменет крај. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање на инструментална музика, пр. „Карневал на животните“ од К. Сен Санс. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техниките на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Придружува музика со помош на детски музички инструменти. |
| ?.04. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Детето вежба правилно седење и држење на телото, правилно дишење, јасна дикција. |
| ?.04. 2012 | Повторување | Пеење | Детето пее веснички од детски фестивали. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Започнува песна, продолжува недовршена песна која е започната од некој друг. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведување на движења во брзо темпо. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведување на брзи движења, пр. игровна песна за жирафата. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Свири на дел од музичките инструменти, импровизира, составува свои композиции. |
| ?.05. 2012 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Изведува позната детска композиција, но со видоизменет крај. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Вежба со своите движења да го започне почетокот и крајот на играта. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Учествува во приредби и прослави. |
| ?.05. 012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Изнаоѓа различни начини на преставување на звуците од околината. |
| ?.05. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музички приказни и учествува во нив. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.06. 2012 | Повторување | Музика и движење | Учествува во музичка приказна „Полжавче и зајаче“. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Имитира звуци од природата и околината. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Изведува звучни ефекти при куклени претстави. |
| ?.06. 012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Измислува звучни ефекти за куклени претстави. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Слуша музика и изведува движења во просторот. |
| ?.06. 2012 | Повторување | Музика и движење | На музика со различно темпо изведува движења во просторот. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Се запознава со техниката на свирење, вежба правилно свирење на дел од детските музички инструменти. |
| ?.06. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее песни во брзо и бавно темпо. |
| ?.07. 012 | Повторување | Пеење | Ритмички искажува бројалки во брзо и бавно темпо. |
| ?.07. 012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слушање вокална музика. |
| ?.07. 012 | Повторување | Слушање музика | Слуша детски песнички од детски фестивали. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша, препознава и разликува маршова песна. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Музика и движење | Изведува движења на маршова музика. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Свирење на дет. музички инструменти | Детето ги истражува и открива звучните ефекти на ѕвончето. |
| ?.07. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Децата придружуваат одредена песна со помош на ѕвонче. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Слушање музика | Слуша музика во бавно темпо. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ?.07. 2012 | Повторување | Слушање музика | Препознава и разликува приспивна музика. |
| ?.07. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Свири на дел од музичките инструменти, импровизира, составува свои композиции. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Сите деца со различни музички инструменти составуваат една композиција. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Изведува движења на ритмички содржини (со чекорење, плескање, тропкање или играње). |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Пеење | Пее народни песни, пр. „Овчарче мило премило“. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Пеење | Пее народни песни |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Музика и движење | Учествува во музичка игра. |
| ?.08. 2012 | Усвојување на нова материја | Основи на музичкото творештво | Изнаоѓа разни начини на претставување на звуците од околината. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Основи на музичкото творештво | Претставување на звуците на животните. |
| ?.08. 2012 | Повторување | Свирење на дет. музички инструменти | Вежба правилно свирење на дел од детски музички инструменти. |

### *Микро планирање*

Микро планирање е планирање на една наставна тема, односно наставна единици, која треба да биде обработена во рамките на една активност. Секоја активност воспитувачот ја подготвува одделно, проучувајќи ги материјалите кои се однесуваат на наствната тема и земајќи ги предвид предзнаењата и можностите на воспитната група. Со планот се предвидува времето на реализација, времетраењето на сознајниот процес, текот и начинот на реализација на процесите на поучување и учење, односно сите активности на воспитувачот и децата. Исто така, во планирањето, потребно е да се земе

предвид примената на дидактичките принципи, формите и методите што ќе бидат применети, како и типот на активноста: усвојување на нов материјал или повторување.

По реализација на активноста, воспитувачот врши анализа и ги согледува евентуалните недостатоци во текот на изведувањето на активноста.

Исто така со планот, воспитувачот ја планира артикулационата компонента на активноста, односно текот на одвивањето на активноста, со секој од неговите делови: воведниот, главниот и завршниот дел.

- *Воведениот дел;* има за цел воведување во содржината на главниот дел од активноста, како и поставување на целта на активноста. Неговата посебна функција е насочување на интелектуалната, емотивната и волевата активност на децата и мотивирање за совладување на новиот материјал, односно будење интерес и привлекување на вниманието на децата. Остварување на таквата цел зависи од примената на адекватни средства, форми и методи за работа.

Во овој дел од активноста, воспитувачот извршува активности од инструктивен, мотивациски и информативен карактер. Поставува прашања и задачи за утврдување на предзнаењата на децата, ги користи методите на демонстрација и илустрација со помош на дадени наставни средства, изложува вербални информации, раскажува, кажува стихови, поговорки, случки, примери и слично со цел да ја активира љубопитноста на децата, ја насочува нивната интелектуална и емоционална активност кон новата содржина. Во овој дел, децата размислуваат за поставените прашања и даваат одговори, ги извршуваат поставените задачи на воспитувачот, го кажуваат своето искуство и забелешки по поставените прашања, ја насочуваат својата интелектуална, емоционална и волева активност кон реализација на содржините и нејзините цели.

- *Главениот дел;* во овој дел на активноста децата се запознаваат со новиот наставен материјал, односно разработка на наставната содржина. Во зависност од карактерот на материјалот, се презентираат информации, податоци и факти, се формираат претстави и поими, се изведуваат судови и заклучоци, се врши анализа и синтеза, се прават воопштувања, се објаснуваат правила, согледуваат врски и односи итн. Материјалот што се излага може да се разработи со помош на

наставни средства, усно излагање, демонстрација, илустрација, прашања и одговори, практични активности на децата.

Децата го следат објаснувањето на воспитувачот, самостојно изведуваат обиди, изведуваат дадена активност, набљудуваат, забележуваат, имитираат, вежбаат, импровизираат, активно слушаат и др.

- *Завршниот дел;* претставува кусо повторување (резиме), на наученото и поправка на грешките. Воспитувачот поставува прашања за утврдување на усвоеноста на новата содржина, дава дополнителни објаснувања и податоци. Децата најчесто одговараат на прашањата за систематизирање на материјалот, поставуваат прашања за она што им е неразјаснето, изведуваат генерализации и заклучоци.

Поделбата на активностите на воведен, главен и завршен дел на часот е условна, бидејќи секој од наведените делови, може да се сретне во кој било дел на активноста, во зависност од содржината и спецификите на истата.

Во примерот што следи преку тематската активност „Пеење", прикажана е концепција за дневна подготовка. Пред да се пристапи кон изработка на дневна подготовка за реализација на која било активност, неопходно е да се утврдат сите потребни тематски музички активности и дидактичките принципи, кои претставуваат патоказ за реализација на која било музичка активност.

## ***Дневна подготока за активност по Музичко воспитание***

***Студент:*** -име и презиме – бр. на индекс

***Професор:*** -име и презиме

***Ментор:*** -име и презиме

***Предучилишна установа:*** Пример: „Мајски цвет"

***Воспитно-образовна група:*** (Мала/Средна/Голема група)

***Воспитно-образовна тема:*** -да се наведе темата која ќе се обработува (Пеење, слушање музика, музика и движење,

свирење на детски музички инструменти, основи на музичкото творештво).

***Воспитно-образовна содржина:*** -насловот на наставната содржина пр.: „Есен".

***Методи на работа:*** -се наведуваат наставните методи кои се планираат да се применат во тековната активност.

***Форми на работа:*** -се наведуваат формите кои ќе се применат во тековната активност (фронтална, групна, индивидуална. . .).

***а) Воспитно - образовни задачи:*** -во зависност од наставната тема и содржина се наведуваат кои воспитно – образовни задачи (Пр.: тема Пеење: развивање интерес за пеење, формирање навики за негување и создавање на убавото, воочување со естетското во песната, развивање на интелектуалните чувства, развивање на музичкиот вкус и способност за естетско вреднување на песната и нејзината интерпретација); кај децата да се создаде расположение и желба за слушање и пеење на пасната, развивање на чувство за ритам и мелодија, да се формираат елементарни пејачки навики, развивање на чувството за култивирано пеење и јасна дикција, оспособување за групно – хорово пеење, и индивидуално пеење. . .).

***в) Финкционални задачи:*** (Пр.: за воспитно–образовното подрачје Пеење: Кај децата да се разие чувство за ритам, осет за мелодија, правилно развивање на говорно-пејачките органи, оспособување правилна интерпретација на песната, формирање и развивање на хорова звучност, развивање на музичката креативност.

***Артикулација на активноста:***

**а) Воведен дел:** -овој дел на активноста започнува со разговор за соодветната тематска активност, односно за содржината која ќе се обработува, проследен преку разговор и прашања, со примена на повеќе методи, (поопширно во петтото поглавје на учебникот **V МУЗИЧКИ АКТИВНОСТИ**, во кое се застапени сите наставни теми).

***б) Главен дел:*** -во овој дел се образложува текот на постапката за реализација на соодветната активност, воедно е централен дел (пр.: колку пати ќе се повтори песната, колку пати воспитувачката,планира да ја отпеат децата, на кои елементи од песната да обрне внимание и сл.).

***в) Завршен дел:*** - во овој дел на активноста најчесто доаѓа до израз креативниот момент од страна на децата.

# V МУЗИЧКИ АКТИВНОСТИ

Музиката е природен (нераздвоен) дел од секојдневниот живот на децата. Со доаѓањето на децата во предучилишните установи, започнува организирана систематска работа која има значајна улога за развој на детската личноста. Се поставува фундаментот на воспитно–образовната работа, која содржи низа на задачи и цели, проследени со сите свои специфични карактеристики. Целите и задачи на активностите се одредуваат според психофизичките способности и можностите на децата.

Планирањата и реализацијата на музичките активности се поделени во неколку возрасни подрачја:

- од 2 до 4 години: *пеење, слушање музика, музика и движење;*
- од 4 до 5 години: *пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти и музика и движење;*
- од 5 до 6 годишна возраст: *пеење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, музика и движење и основи на музичкото творештво.*

Временското траење на активноста го одредува воспитувачот, имајќи ја предвид возрасната група, желбите на децата, како и други моментални услови. На прашањето за временското траење на една активност, можат да се дадат различни одговори, меѓу нив може да го издвоиме следниот:„ *ќе трае онолку, колку треае детското внимание“*. Сепак потребно е да се дадат одредени временски орентациони рамки за реализација на активностите, во зависност од возрасната група со која се реализираат активностите:

1. мала група од 10 – 15 минути;
2. средна група од 15 – 20 минути;
3. голема група од 20 – 25 минути.

## *ПЕЕЊЕ*

Пеењето–песната е животен сопатник на човекот, изразно средство преку кое се изразуваат мислите и чувствата. Животот без песна би бил сиромашен и тажен, а народот со право вели: „Оној кој пее зло не мисли“.

Пеењето, за децата од предучилишна возраст претставува најсакана и најпристапна активност од сите активности

застапени со програмата за секоја воспитна група, бидејќи преку песната најлесно и најубаво можат да ги изразат своите чувства. Затоа, потребно е воспитувачот на децата да им ја открие убавината на песната и да им покаже како треба најдобро да ја изведат, природно и со чувство, со цел да се доживее музичката и литературната содржина на песната.

За успешно раководење и реализација на воспитната работа, како и влијанието во развојот на музичките способности кај децата, потребно е воспитувачот да поседува музикалност, да ги познава техниките и културата на пеење, да поседува солидно музичко образование и задолжително да свири на еден музички инструмент. Секако, сето тоа не е доволно, ако воспитувачот не ја познава методиката на воспитно – образовната работа , и пред сè стручното знаење, трпението кон децата, љубов кон децата и задоволство кон музиката.

Слушајќи детско пеење, има можност да се забележи напрегање при пеењето, за да детето може да ја отпее определената мелодија. Мускулатурата на вратот е згрчена, вратните жили отекуваат, а лицето поцрвенува. Ваквата појава е одраз на погрешен избор на песна, песна со мелодија која не одговара на обемот на детскиот глас и прегласно пеење.

Целите на музичката активност *пеење,* се конкретизирани во посебни цели – за секоја воспитна група посебно:

*Посебни цели за воспитна група од 2 до 3 години:*

- создавање на основни навики на однесување при пеење;
-оспособување на децата да разликуваат пеење од говорење;
- создавање навики активно да ја слушаат песната што ја пее воспитувачот;
- навикнување на детето да пее заедно со воспитувачот и со другите деца.
- навикнување на детето да го изедначи својот глас со гласот на другите деца;
- обемот на песничките да се движи од $e^1$ до $a^1$.

*Посебни цели за воспитна група од 3 до 4 години:*

- создавање навики за правилно држење на телото при пеење;
- навикнување на детето да пее со умерена јачина на гласот, без напрегање и викање;

- навикнување на детето да пее заедно со воспитувачот, да го започне и заврши пеењето на даден знак на воспитувачот;
- развивање на способност за пеење на песни со едноставен ритам во обем од $e^1$ до $a^1$, можеби од $d^1$ до $a^1$;
- навикнување на детето да пее со чиста и јасна дикција;
- поттикнување на детето да пее пред публика.

*Посебни цели за воспитна група од 4 до 5 години:*
- развивање на навики за култивирано пеење;
- развивање на способност за хорово пеење;
-оспособување за пеење на едноставни мелодии со побогата содржина и ритмичка структура, во опсег од $d^1$ до $a^1$, а до крајот на годината со можност од $d^1$ до $h^1$.
- негување и развивање љубов кон народната песна;

*Посебни цели за воспитна група од 5 до 6 години:*
- развивање на навики за култивирано пеење;
- развивање на способност за хорово пеење;
- оспособување за индивидуално пеење;
- оспособување за пеење на едноставни мелодии со побогата содржина и ритмичка структура, во опсег од $d^1$ ($c^1$) до $c^2$;
- поттикнување на детето за творење на кратки мелодиски мотиви.

### ***Улогата на песната во развојот на детската личност***

Најзастапена форма на музицирање кај децата од предучилишна возраст, секако е детската песна, која влијае во развојот на музичките способности: слухот, ритамот, култура на гласот и други особини во формирање на сестрана детска личност.

Песната е комбинација на поезија и музика, извор на радост и знаење, без оглед на тоа дали детето ја слуша или пее. Веселата и разиграна песна буди радост и оптимизам кај децата, а смирената и тивката создава мирна атмосфера и пријатен однос кон средината.

Пеењето, како активност кај децата придонесува за поголем поттик и ангажман на емоциите и интелектот, а исто така има голема воспитна вредност. Децата со својот глас, интелектуално и емоционално учествуваат во таквите активности и секогаш е присутна креацијата, која се манифестира со начинот на изведбата. Во таквите моменти детето се

јавува како творец. Со соодветен избор на песна, која ќе одговара на психофизичките способности и естетските критериуми, кај децата се развива и зајакнува љубовта кон музиката. За развојот на музичкиот вкус и естетските чувства, во голем дел го поттикнува темпераментниот ритам, мелодијата како и хармонијата. Литературниот текст го збогатува детскиот говор со нови зборови и поими, го проширува знаењето и искуството за природата и околината, влијае на развојот на интелектуалните способности. Улогата на песната е значајна за создавање на културни навики. Вежбањето на правилно пеење е процес кој бара поголема посветеност, како и совладување низа потешкотии, што резултира за развитокот на самодисциплина, упорност, истрајност и радост во постигнатиот успех.

***Избор на песни***

Во изборот на песните, потребно е да се обрне внимание на мелодиско–ритмичката застапеност, воспитната и уметничката вредност на песните. Мелодиската застапеност да биде во границите на возрасната група, со едноставни и благи мелодиски движења и логичен тек на мелодиската линија. Воспитната улога на песната и вредноста на песната ќе се достигне кога литературниот текст ќе има јасна порака кон луѓето, природата, предметите кои нѐ опкружуваат во секојдневниот живот. Потребно е содржината да биде прифатлива и разбирлива, која е земена од знаењето на детското подрачје, како и интересот кој преовладува, и да ги задоволува естетските критериуми. Содржината на текстот треба да биде едноставна, логична, изразена со детски речник и за соодветна возраст. Текстот треба да биде интересен и лесен, бидејќи преку него децата ја доживуваат мелодијата, ритамот, темпото и динамиката.

Децата најчесто сакат да пеат languageчки во чија содржина го препознаваат нивниот свет, близок до неговите претстави, чувства и начин на мислење. Можат да бидат текстови за своите радости, за оние кои најмногу ги сакаат, за нивните игри, за животните, богатството и убавината на природата, текстови поврзани со навиките за одржување на хигиената, ликовите од детските приказни, за годишни времиња и друго. Содржината на песната има голема воспитна улога, бидејќи го насочува вниманието, мислењето, емоциите и имагинацијата, ја поттикнува творечката работа и поттик за креативност. Добра

песна може да биде песна која лесно се запомнува, која има певлива и пристапна мелодија без поголеми интервалски скокови, во умерено темпо и едноставен ритам.

Во зависност од психофизичкиот развој – возрасната група, се наметнува прашањето, односно изборот на песната да биде адекватен и да одговара на ритмичките карактеристики. Дишењето кај децата е кратко, а со тоа можноста е мала да издржат подолги нотни вредности, како на пример цела нота, половина нота во бавно темпо, а за брзо темпо сѐ уште немаат добро развиен говор. Во почетокот пожелно е песничките да бидат во четвртини нотни врености во 2/4 такт, со постепено вметнување на осмината и половината нота.

Формата, како и големината на песничката се одредува според неколку фактори: возраста, психичкиот развој, посебно музичкиот развој, вниманието, говорот, дишањето. Според тоа може да се реализираат од најкратки и наједноставни, до посложени музички вокални форми. Имајќи во план, песната децата треба да ја доживеат како целина, на почеток изборот на песни е од четири такта, потоа од осум. Подоцна се обработуваат посложени песни, во дводелна и триделна форма.

За време на пеењето децата седат или стојат исправено, со спуштени рамења, благо подигната глава, а дишењето е претежно преку нос. Се применуваат вежби за дишење, прилагодени за соодветната возраст на децата, со држење на правилна положба на телото.

Темпото, односно брзината на изведбата зависи од содржината и од карактерот на песничката. Децата од малата група, сѐ уште го немаат совладано говорот, пеењето песнички се реализира главно во бавно темпо, бидејќи децата треба да ја запомнат мелодијата, ритамот и литературниот текст. Со оглед на карактерот и содржината на песната, децата постепено се прилагодуваат на умерено и побрзо темпо. Пребрзото темпо негативно се одразува на дикцијата, како и на површна и неточна мелодија и ритам.

Динамиката при пеење во помалите групи е со умерена сила – јачина. Некои од песните се пеат тивко, како на пример заспивање на куклата, а веселите погласно. Поголемите групи во тековната работа со активностите слушање музика и со разни игри, се запознаваат со динамичките нијансирања. Во изборот на песни, не е погрешно, ако за поголемите групи изборот на

песната е поедноставна (полесна), грешката би била поголема, песната од постара група да се обработува со помала.

По направениот избор на песна следи подготовка на воспитувачот. Таквата подготовка може да биде индивидуална, тандемска или групна, во зависност од бројот на групите во предучилишната установа и од условите за работа. Во подготовката на песната, воспитувачот треба песната да ја научи точно интонативно со солмизација (нотен текст), односно соодветната песна да се пее од соодветен тоналитет и интонација во која е запишана. После тоа следи пеење со литературниот текст.

Потребно е воспитувачот мелодијата да ја репродуцира точно интонациски, ритмички, и секако пеење со јасна дикција на литературниот текст. Потребно е да направи анализа на карактерот и формата на песната, да направи избор на методи и помошни надгледни средства за реализација на активноста.

Пеењето на воспитувачот треба да биде издржано, емотивно и певливо, со едноставна интерпретација, без драматика или патетика. Мимиката, која придонесува за интерпретацијата, треба да дојде до израз.

Во текот на пеењето, воспитувачот потребно е да обрнува внимание на точната дикција, како и на метричките и динамичките нагласувања (акценти). Инструменталната придружба на песната треба да биде тивка, за да може до израз да дојде пеењето на децата и воспитувачот. Првото пеење на песната од воспитувачот, остава најдлабоки траги во детската меморија. Како на пример погрешна презентирана мелодија, или погрешно научен текст, со тенденција за корекција е сосем погрешно, бидејќи тоа е невозможно за деца од предучилишна возраст.

### *Методски пристап на обработка на песна*

Методскиот пристап претставува начин и постапка на изведба на песна, почитувајќи ги постапките по претходно поставените цели. Воспитувачот прави избор на методски постапки, со кои ќе предизвика интерес и емоции кај децата, на тој начин овозможува активирање на детската љубопитност. Во градинките, најважна форма на воспитно–образовна работа е пеење на детски песни. По направениот избор на песна, воспитувачот ја планира артикулационата компонента на активноста: *воведниот, главниот и завршниот дел*.

Во воведниот дел на активноста пеење, се создава расположение за пеење и се буди интересот, во главниот дел се

обработува песната, и во завршниот дел се утврдува песната. Овие три етапи претставуваат нераскинлива целина.

Пред почетокот на активноста, потребно е да се подготви просторијата во која ќе се реализира активноста, со проследните помошни помагала.

*Воведниот дел.* Претставува подготовка за создавање интерес и расположение, воведување на децата во активноста пеење песна. Литературниот текст има примарна улога во воведниот дел, бидејќи има голем број на можности и постапки за запознавање со содржината на песната. Најчесто се применуваат приказни, разговор, визуелни прикази: слики, цртежи, апликации, кукли; куклена претстава, едноставна драматизација, со цел зголемување на интересот за содржината што следи.

*Главен дел.* Откако ќе се создаде расположение и согледување на содржината, се најавува новата песна. Воспитувачот ја пее целосно песната без придружба на музички инструмент. На тој начин се воспоставува првиот контакт со песната и се овозможува доживување на музичката содржина. Потоа следи пеење со неколкукратно повторување со придружба на музички инструмент. Со повеќекратно повторување (вежбање), песната ја пеат сите заедно. Вежбањето на песната треба да биде во бавно темпо со јасна дикција и нагласени слоговни изразувања на воспитувачката, со благи движења во ритамот на песната. Репродукција преку ЦД, аудио касета и слично, има помал ефект за мотивациското доживување на песната. Во текот на една активност не е можно да се усвои цела песна, посебно ако песната е составена од неколку делови. Во наредните активности се повторуваат обработените делови, се утврдуваат, се доработуваат и останатите строфи доколку ги има.

Со децата од предучилишна возраст песната се обработува по слух, поточно воспитувачот пее, а децата го имитираат пеењето. Начинот на усвојување на новиот материјал зависи од видот и формата на песната, од возрасната група, од просечната можност на помнење и имитирање на мелодијата од поголемиот број на деца во групата. Ако песната е едноставна (од осум тактови), може да се обработува во целина. Доколку е подолга (дводелна, триделна форма), може да се обработува ве делови.

*Звршен дел.* Децата може да се поделат на групи и да има индивидуално – пеење со натпреварувачки карактер, со придружба на музички инструмент. Научената песна може да се

дополни со звучна перцепција, примена на детски музички ударни инструменти и со илустрација на нивни карактеристичен начин, во зависност од возрасната група. Исто така, во зависност од содржината, со пеењето може да се применат едноставни движења. Движењата се средство за полесно, за подобро и потрајно помнење на текстот и мелодијата. На тој начин и детските потреби за движење се исполнети и песната преминува во игра.

За утврдување на песната потребно е повеќекратно повторување (вежбање), односно потребен е подолг временски период, од планираното време за усвојување. Тоа се проширува и на другите воспитно – образовни подрачја, како по активноста на ликовно или во корелација со другите активности.

Изборот на добра песна, со уметничка вредност, има важна улога во развојот на музичките и психофизичките способности, за развојот на правилниот говор, а воедно придонесува за естетското воспитание на децата.

***Креативно пеење***

Покрај пеење на претходно подготвени песни, важна улога во развојот на музичките способности има креативното – творечко пеење. Креативно (творечко) пеење, се подразбира секое спонтано, детско механичко пеење кое може да биде намерно или ненамерно, потоа со искажување – израз на некои прашања (содржини), дали измисленото е наменето за публика или не, дали пеењето е целосно или делимично креативно, дали измисленото е текстот или мелодијата, односно одделно мелодијата или одделно текстот, и на крајот времетраењето кое се движи од неколку секунди или подолго.

Со помош на креативното пеење кај децата се развива имагинација, се растеретува од напнатоста создавајќи во себе пријатни чувства, а со тоа се создава можност за изразување на таквите чувства.

Вреднувањето на индивидуалните творечки потенцијали има можност да влијае на самодовербата, посебно кај децата со послаб развиен слух. Доколку во најблиската средина не наиде на разбирање, има можност детето да одбегнува и да се затвора во себе, да се крие зад играчките и да пее само за себе. Ако почувствува дека неговото пеење не предизвикува никаков интерес кај друг, ќе престане со измислување, и ќе ги пее само песничките што ќе ги слуша. Поради тоа потребно е детето да ја

почувствува довербата на средината што го опкружува кон неговото пеење, да гледа напред како што сите поголеми деца ја репродиуцираат мелодијата.

Потребно е воспитувачот детето да го насочува во секоја прилика да измислува – да пее песни за куклата, за моторот, за колата, за авиончето, за мечката, за лисицата, за мачката и друго. Во споредбата на текстот и мелодијата, пејачкото измислување може да биде со акцент на текст (зборови), или измислување каде што во прв план до израз доаѓа ритамот, потоа мелодијата и соодветни ритмичко – моторни активности.

Првата форма на детското пеење се јавува веќе во првата година, во така наречениот предговорен период. Подоцна, во говорниот период, секое дете минува во пејачко – творечки период, некои деца во почетокот на втората година, или крајот на втората и почеток на третата година. Пејачкото творечко пеење, доколку постојат стимулации, ќе продолжи во тек на целиот предучилишен период, дури и во училишна возраст.

Со цел за континуиран и добар развој на детскиот пејачки апарат, како што е култивираното пеење, артикулацијата и дикцијата, детското творештво, комуникација преку вокалното изразување, пред воспитувачот се поставуваат повеќе задачи, како на пример:

Секоја активност со децата потребно е добро да биде организирана, бидејќи од начинот на организацијата зависи и успехот. Во почетокот на активностите децата се поредени во полукруг, да има можност воспитувачот сите деца подеднакво да ги набљудува, а исто така и тие него. Тоа е потребно за подобар преглед, полесно движење, поголема контрола и секако дисциплина. За работа потребна е мирна средина, без бучава и други пречки, кои би можеле да го одвлекуваат вниманието на децата. За време на активноста (вежбањето), децата треба да бидат седнати, за да на крајот од активноста, се пее и пеењето е проследено со движења. Наизменичната промена на мирување и движење одговара на карактерните особини на децата од предучилишна возраст. За време на пеењето доколку децата стојат, градниот кош треба да биде исправен, со олабавени рамена раце и нозе, а главата благо подигната напред.

Пеењето треба да биде тивко или умерено јако, да не се дозволува децата да пеат и викаат неконтролирано, кое најчесто го прават, а во текот на пеењето да воздух да земаат на нос, а не на уста. Пеење не се практикува кога децата се заморни, или

веднаш по конзумирање на храна, поради отежнато дишење. Децата не треба да пеат ако кашлаат, имаат кијавица или температура. Не треба да пеат превисоки или длабоки тонови, тонови кои не одговараат на нивната возраст.

### *Пеење песна за возрасна група од 2 до 3 години*

Пеењето песни за сите возрасни групи е најсакана и актуелна музичка активност. Организационата поставеност за реализација на активноста претставува посебна обврска за реализација на истата, од причина што возраста на децата е многу мала, а со тоа се зголемува одговорноста за успешноста на реализацијата. Потребно е да се нагласи, вниманието на децата од оваа возраст е минимално, што значи воспитувачот треба да биде добар аниматор, за да може да го задржи вниманието подолго, а текот на активноста да се одвива како игра, односно децата активноста да ја доживеат како игра.

Детето ја прифаќа онаа песна во чија содржина го гледа неговиот свет, а тоа е светот на играта, светот на бајките, поточно свет близок до неговите претстави, чувства и начин на мислење. Содржината на текстот треба да биде логичен, едноставен, разбирлив, со детски речник за таа возрасна група. Пожелно е литературниот текст да е во рамките на една строфа, со стихови од мал број на слогови, римувани зборови и природно акцентирани.

Мелодијата на песната произлегува од карактерот на литературниот текст. Опсегот на мелодијата треба да биде во рамките на гласовните можности од $e^1$ до $a^1$, во дводелен или четириделен такт. Да преовладува логичен и едноставен тек на мелодијата, со секвентни мотиви кои лесно се помнат, со весела и динамична мелодија.

Исто така, карактерот на мелодијата и на ритамот на песната произлегува од содржината на литературниот текст. Мелодиско – ритмички изразна песна детето го активира, развеселува, вниманието се зголемува, а со тоа и ангажираноста е поголема.

За оваа возрасна група темпото треба да е умерено, за да можат сите деца да ја следат и да ја пеат песната. Текстот да се изговара со јасна и чиста дикција. Во однос на динамиката нема потреба да се поставуваат некои барања, меѓутоа потребно е при пеењето да не викаат, да не се напрегаат, да пеат тивко со активно учество на сите деца. Воспитувачката потребно е да

обрне посебно внимание на почетоците и краевите на песничките, заедно да почнуваат и да завршуваат со пеење.

## ЛУЛАЊЕ

*Музика и текст*
*Ѓ. Смокварски*




## МАЧЕ

*Музика: И. Талевска*
*Текст автор непознат*




## ПРОЛЕТ ИДЕ

*Музика и текст:*
*В. Талевски*



ШАРКО ЛАЕ

*Музика и текст:*
*В. Попдучевски*




## *Пеење песна за возрасна група од 3 до 4 години*

Разлики меѓу претходната возрасна група и оваа, скоро и да не постои, истите се минимални. Изборот на текстови најчесто е во корелација со други содржини: математика, природа и општество, ликовно воспитание и предмети со кои најчесто се сретнуваат во секојдневниот живот, како на пример: кукла, топка, количка, воз, животни (зајаче, маче, јагне, куче, коњче), птици (славеј, штрк, гулаб, кокошка, пиле), предмети што ја опкружуваат потесната средина на градинката: дрвја, цвеќиња (кокиче, лале, темјанушка), годишните времиња со проследните карактеристики и друго.

Мелодијата и останатите музички карактеристики (темпото, ритамот и динамиката), за оваа возрасна група е многу значајна. Опсегот на гласот е малку проширен од *d*¹ до *a*¹, евентуално до *h*¹. Музичкиот метар може да биде дводелен, троделен, четириделен и шестоделен. Мелодијата да биде едноставна, природно водена, која може да се придружува со плескање, марширање, гестикулација, мимика. Темпото да биде живо, со ритмичка пулсација.

СНЕШКО

*Музика и текст:*
*В. Поподучевски*



МАЈКА

*Музика: В. Талевски*
*Текст: В. Куновски*




***Пеење песна за возрасна група од 4 до 5 години***

Музичката активност пеење песни во оваа возрасна група е поинтезивна и содржајна. При изборот на текстови за песните, корелацијата како педагошки елемент е проширена. Потребно е содржината на текстовите да се со поучен карактер, со елементи на воспитни навики и естетска вредност. Се обработуваат песни со содржина за семејството и своите блиски, претстава за време, од непосредната околина, движењето по улица (сообраќајни знаци), Нова година, денот на мајката, природата и запознавање на истата, Есента со своите бои, птици преселници, зимата со лизгање – санкање, пролетта со своите весници, враќање на птиците преселници, бубачки, пеперутки, буба мара, пчелка, летото и летни игри и друго, животни (риби, птици,), растенија (овошје и зеленчук).

Мелодиските карактеристики на песните потребно е да бидат за соодветната возраст. Обсегот на мелодијата се движи од $d^1$ до $h^1$, во 2/4, 3/4, 4/4 такт, со едноставни ритмички карактеристики. Текот на мелодијата да биде едноставен со логичен почеток и завршеток. Темпото претежно да биде умерено, а динамичките нијансирања зависат од карактерот на содржината на песната.

Во секоја возрасна група, како и во секоја активност, потребно е да се инсистира и почесто да се обрнува внимание на правилно држење на телото (да биде исправено, олабавено, ослободено од грчеви или гримаси, пеењето да биде природно, без напрегање и без викање).

Во оваа возрасна група со пеењето песни се стекнуваат основни сознанија за висината на тоновите (повисоко, пониско),

за траењето на тоновите (долго, кратко), за динамиката (гласно, тивко), за темпото (бавно, брзо).

Со оваа активност (пеењето песни), треба да дојдат до израз творечките активности на децата: движење на телото, имитација, цртање, игра, во зависност од содржината на мелодијата и литературниот текст.

## ПЛЕС, ТРОП

*Музика и текст*
*З. Запров*




## ЕЛЕЛИЦА, ПРЕПЕЛИЦА

*Муз. З. Запров*
*Текст: Народен*



ПЧЕЛКА

*Муз. З. Запров*
*Текст: М. Јанчевска*




***Пеење песна за возрасна група од 5 до 6 години***

Пеењето песни на оваа возрасна група, станува поинтензивна и содржајно побогата. Поради изминатото искуство, содржината на текстовите станува сѐ побогата, а мелодиската линија побогата и поразновидна. На оваа возраст се обработуваат текстови во кои се раскажува за стекнување на културни навики, текстови во кои се зборува за чување на предметите во занималната, одржување на личната хигиена, хигиената во пошироката средина, развивање на чувството за другарство и соработка со своите другарчиња. Опсегот на песничките на оваа возрасна група малку се проширува, односно се движи од $d^1$ ($c^1$), односно до $h^1$ ($c^1$), во 2/4, 3/4, и 4/4 такт, во половини, четвртини и осмински нотни вредности, половина со точка и четвртина со точка. Сепак, иако станува за поголема предучилипна возрасна група, не се применуваат ритмичките карактеристични појави (синкопа, контртан), како и дуола или триола.

Мелодијата претставува заокружена целина, со јасен почеток и логичен завршеток.

Литературниот текст треба да има уметничка вредност, со воспитно–образовен карактер, со правилен акцент на зборовите, и со можност за порака. Посебно да се обрне внимание при пеење на согласките на крајот од зборовите, со што се постигнува појасна дикција.

Темпото да биде претежно умерено, додека динамичките нијансирања да одговараат на карактерот на содржината на песната.

За активноста пеење песна, за која било возрасна група, како и кај другите активности, потребно е воспитувачката почесто да опоменува, да коригира, да инсистира со повеќекратно повторување на правилно држење на телото и главата. Тое не значи да се практикува само кај помалата група, а кај поголемите групи тоа што го научиле и го применуваат. Сепак станува за работа на деца каде што голем број на активности, исклучиво ги применуваат со повеќекратно повторување и потсетување. Тоа значи да седат со исправено тело, олабавено, пеењето да биде без напрегање и викање. На тој начин се придонесува за правилен физички развој, односно одбегнување на појава на разни деформитети, а секако и нега на детскиот глас за култивирано пеење.

ЈАНУАРИ

*Муз. С. Гајдов*
*Текст: Ц. Андреевски*



## КУКУРЕК

*Муз. З. Запров*
*Текст: Ѓ. Смокварски*




## МАМА КОГА ПЕЕ

*Музика: П. Сидовски*
*Текст: Б. Смаќоски*



ЕСЕН

*Музика: Д. Ортаков*
*Текст: М. Николовска*




## *СЛУШАЊЕ МУЗИКА*

Активноста слушање музика има значајна улога за развојот на музичките способности кај децата. Оваа тематска активност, покрај останатите активности има важна улога во развојниот процес на децата од предучилишните установи.

Уште во првите месеци слушните впечатоци кај детето поттикнуваат разни реакции. Тие се забележуваат во детското однесување и расположение, кога се смеат, плачат или кога се мирни. Од досегашните сознанија може да се констатира, децата од три годишна возраст, во поголем број покажуваат интерес да слушаат музика повеќе од пет минути. Има случаи кога тие реагираат (се бунат), ако некој им пречи во слушањето музика. Децата од четиригодишна возраст, се во можност да слушаат музика со поголемо внимание и често пати со концентрација го запираат погледот и поспоро дишат. Кај децата од поголемите возрасни групи интересот за слушање музика е зголемен, содржината на слушаните композиција потребно е да содржи богат звук, едноставен ритам, едноставна и певлива мелодија со често повторување.

Добрата организирана активност за слушање музика влијае на емоционалниот развој на децата, неговото воспитно градење, естетската култура, музичките способности и придонесува за сестран развој на детската личност.

Децата слушаат и ги забележуваат изразните средства на музиката која дава посебен шарм, на пример различните особини и елементи на композицијата, како што се: дали музиката е

весела или тажна, брза или бавна, дали е приспивна или со маршов карактер, дали содржи високи или длабоки тонови, дали е тивка или гласна и друго. Споменатите карактеристики, како и неколкуте различни жанрови, најчесто доаѓаат до израз кај инструменталната музика, поточно кај оркестарската музика, со тоа што децата не можат да забележат и да ја доживеат во која било друга музичка активнсот, освен во активноста слушање музика.

Во рамките на ова тематско подрачје, потребно е децата да се подготвуваат музиката да ја слушаат активно, што значи со внимание и интерес, а со цел развивање на интелектуалните способности и фантазијата. Таквото активно слушање создава лични впечатоци и доживување на слушаната музиката, односно позитивен или негативен став за слушаното дело. Најсилниот двигател за слушање музика е создадениот интерес, како и поттик за музиката која се слуша. Слушање музика без интерес и невнимание претставува пасивно слушање, кое се манифестира со детската индиферентност.

Една од потешките форми на работа при слушање музика, во кој се повторува слушаната музика секако е музичката драматизација. Таа го претставува крајниот резултат на долгата паралелна работа во музичкото, физичкото и ликовното воспитание, како и во развивање на говорот и запознавање со околината. Основа на драматизацијата е внимателно избрана приказна, која треба да содржи повеќе ликови и динамичност во работата. Децата ја учат приказната, ја прераскажуваат и ги вежбаат дијалозите. Во одделни делови се вметнува музиката, која се поврзува со содржината на приказната, со песна која децата ја знаат да ја пеат, или со инструментална музика која слушајќи ја запомниле. На музичките активности децата слушаат музика и вежбаат придружба на музички ударни инструемнти, на активноста по ликовно изработуваат реквизити и слушаат музика во игрите со кукли, а запознавајќи ја околината музички опишуваат животни, занаети, годишни времиња, природни појави и друго. На таков начин, со поврзување на останатите воспотно – образовни активности, можат успешно да се реализираат поставените задачи по музичко воспитание.

Слушањето музика е составен дел од секојдневните активности во градинката воопшто, со музика ги пречекуваат децата во градинката, присутна е во текот на престојот, а исто така и кога се во домот.

Исто така, децата слушаат музика за време на утринските вежби, но и со активноста физичко воспитување, музиката се вметнува и во другите воспитно – образовни активности. Посебно внимание заземаат композиции кои опишуваат сакани личности, годишни времиња, природни појави, животни, а истите, децата со задоволство ги слушаат во активноста запознавање на околината. Музика се слуша и за време на куклените претстави, за време кога се прераскажува приказна или се читаат бајки. Децата со задоволство слушаат музика по ликовно изразување со цртање, сликање или моделирање. Најзастапена е програмската музика (со содржина), во воведниот дел преку приказна им се објаснува содржината на музиката, а потоа децата внимателно слушаат. Тоа се приказни, бајки, басни, содржински блиски до децата, кои се мотивираат во воведниот дел на активноста.

Секаква музика кај децата не е достапна за слушање, па таквиот избор бара од воспитувачот да се придружува кон точно поставените принципи.

Целите и задачите за активноста слушање музика, во зависност од возрасната група се разликуваат (надоградуваат), во вертикално возрасна поставеност. Сепак, има можност да се направи една градација, почнувајќи од најмалата до најголемата возрасна група, а сите заедно претставуваат една целина.

***Цели и очекувани резултати на возрасни групи***

*Возрасна група од 2 до 3 години.*

Тематското подрачје слушање музика за ова возрасна група ги содржи следните цели:

- слушање и разликување на звуци од непосредната околина;
- развивање на аудитивна перцепција;
- поттикнување интерес кон слушаната музика;
- создавање навики музиката да ја слуша до крај;
- оспособување на детето за разликување на карактерот на музиката (приспивна и игровна);
- слушање и препознавање на позната песна која е изведена инструментално (клавир, гитара, хармоника, металофон);
- слушање музички приказни;
- следење на приредби од поголемите возрасни групи.

Поставените цели и задачи за оваа возрасна група, се реализираат преку различни активности:

- децата со слушање препознаваат, имитираат, именуваат звуци на предмети, животни, временски појави и др.;

- слушаат народна музика, поврзана со некои народни обичаи;

- слушаат инструментална музика – минијатури (кратки композиции);

- слушаат музички приказни и ги имитираат ликовите.

Со реализираните активности се очекуваат и одредени резултати, како на пр.: децата да можат да именуваат звуци од непосредната околина и да ја препознава повеќе пати слушаната композиција.

*Возрасна група од 3 до 4 години.*

Поставените цели на оваа возрасна група се:

- создавање навики детето активно да ја слуша презентираната музиката;

- запознавање со приспивна, маршова, игрива музика;

- оспособување за препознавање на музиката која е слушана повеќе пати;

- оспособување на детето да го разликува темпото на музиката која ја слуша (брзо, бавно);

- оспособување на детето да ја доживее и соодветно да реагира на слушаната музика.

Целите и задачите за оваа возрасна група, се реализираат преку следните активности:

- слушаат хорска музика (приспивни песни);

- слушаат инструментална музика со приспивен карактер („Приспивна песна", од Ј. Брамс; „Болната кукла", од П. И. Чајковски);

- слуша детска музика со маршов карактер („Маршот на џуџињата", од Е. Григ);

- слушаат фрагменти од минијатури со различно темпо, со примери од секојдневниот живот („Тика така", Р. Мац; „Квачка и пилиња", од К. Сенс Санс);

- следат приредби и прослави од иста или поголема возрасна група.

Со реализацијата на активностите преку различни примери се очекуваат и одредени резултати: децата да можат да ја препознаваат повеќе пати слушаната музика; да ја препознаваат и разликуваат брзата и бавна музика; да разликуваат пеење од свирење.

*Возрасна група од 4 до 5 години.*

Цели за оваа возрасна група се:

-оспособување на детето за активно слушање на музиката;

-негување на интерес и љубов кон музиката што се слуша;

-оспособување на детето да ја доживее и да ја препознава слушаната музика;

- препознавање на карактерот и видот на музиката што ја слуша;

- збогатување на музичките впечатоци и проширување на обемот на музичко слушните претстави.

Поставените цели се реализираат преку следните активности:

-да слушаат музика во различни темпа (бавно, умерено, брзо);

-да слушаат вокална музика (детски песни, народни песни, хорски песни, со различна содржина);

-да слушаат инструментална музика – фрагменти од композиции со различен карактер („Карневал на животните“, од К. Сенс Санс);

-да слушаат вокално – инструментална музика (уметнички, народни и песни од детски фестивали);

-да слушаат и да препознаваат, да разликува приспивна музика и музика со маршов карактер;

-да слушаат народни песни, традиционални песни поврзани со празници и обичаи (божиќни, велигденски и др.).

Исто така со применетите активности треба да се очекуваат и следните резултати: децата да прават разлика на вокална од инструментална музика; да разликуваат музика од маршов карактер, приспивна музика и танцовна; да слушаат, да препознаваат детски од народни песни.

*Возрасна група од 5 до 6 години.*

Како претходните возрасни групи и оваа група има поставено одредени цели:

-да се оспособат децата за активно слушање музика;

-развивање интерес и љубов кон слушаната музика;

-оспособување на децата да ја доживуваат и препознаваат слушаната музика;

-препознавање на карактерот и видот на слушаната музика;

Целите се реализираат преку различни примери на активности:

-да слушаат музика во различни темпа (бавно, умерено и брзо);

-да слушаат вокална музика (детска, народна, хорска);

-да слушаат инструментална музика (кампозиции и фрагменти со различен карактер, клавирски минијатури („Карневал на животните“, од К. Сенс Санс; „Бумбаров лет“, од Корсаков и сл.);

-да слушаат вокално – инструментална музика (уметнички песни, народни и песни од детски фестивали);

-да слушаат народни песни, традиционални песни поврзани со верски празници и обичаи;

-слушање свечени песни – химната на Р.Македонија.

Очекувани резултати од оваа возрасна група: да прават разлика помеѓу соло песна и хорска песна; да го препознаваат карактерот на музиката (весела, бавна); да слушаат, препознаваат и да разликуваат детска песна од народна.

***Избор на музика за слушање***

За да се направи изборот на композиции за слушање потребно е, да се посвети посебно внимание истите да одговараат на соодветната возраст, на детските сознанија и искуства, да имаат уметничка вредност и да бидат застапени дидактичките принципи. Таквата селектирана и одбрана музика има можност позитивно да делува на децата, да поттикне чувствата, да формира вкус и да развие трајна љубов кон музиката. Со уметничко највредните композиции, на пример симфонии, концерти или сонати, изведени целосно, не може да се постигне никаква цел (неуспех), затоа што не е можно подолго да се задржи вниманието на детето, а исто така нема да предизвика доживување на тоа што го слуша.

Избраната музика, потребно е да биде прилагодена за соодветната возраст и способност. Во почетокот се избираат лесни, кратки композиции, со време траење од две до три минути. Посебно место во изборот на музика за слушање, има програмската музика, бидејќи насловот на делото јасно говори за содржината и за тоа што авторот (композиторот), сакал да претстави преку напишаното дело.

Децата со задоволство слушаат приспивни песни, песни со маршов карактер, народни песни, народни ора, валцер, полка, свечена полонеза, а исто така композиции изведувани од еден (соло) инструменти: клавир, виолина, хармоника, гитара, ударни инструменти, труба и друго.

Избор на композиции за слушање во предучилишните установи:

Композиции соодветни за слушање: Л. В. Бетовен – „За Елиза“(клавир); В. А. Моцарт – „Турски марш“ (клавир); „Мала ноќна музика“ – Менует (гудачки оркестар); Е. Григ – „Птици“, „Марш на џуџињата“; Р. Шуман – „Мечтаење“; Ф. Шуберт – „Пастрмка“ (соло песна); К. Сен–Санс –„Карневал на животните“ (по избор); М. П. Мусорски – „Слики од изложба“ (по избор); П. И. Чајковски – „Годишни времиња“, Игри од балетот „Лебедово езеро“, Игри од балетот „Оревокршачка“; „Болната кукла“; Р. Мац – „Квачка и пилиња”; Н. Р. Корсаков – „Бумбаров лет”, „Шехерезада“; Л. Бокерини – „Менует“; М. Телеман – „Адаџо“ (за флаута); Ј. С. Бах – „Рондо“; Г. Ф. Хендл – „Музика на вода“, „Сарабанда“; С. Бадијери – „Свита во h-moll“; Ф. Менделсон – „Свадбен марш“; М. Равел – „Болеро“; Ј. Хајдн – „Детска свита“; Ј. Штраус – „Трич трач полка“; Ј. Брамс – „Приспивна песна“; Р. Штраус – „На убавиот син Дунав“; Ж. Бизе – „Кармен“; С. Прокофјев – „Петре и волкот“; А. Дворжак – „Словенски игри“; С. Христиќ – „Охридска легенда“.

***Подготовка на воспитувачот за слушање музика***

Впечатоците од детските денови оставаат длабока трага во детската меморија. Поради тоа потребно е да се настојува впечатоците за слушаната музика, која децата ја слушаат, да бидат длабоки и силни.

Покрај родителот, личноста на воспитувачот има големо влијание за формирање и развивање на музичкиот вкус кај децата. Од него зависи, дали децата ќе ја засакаат музиката.

За правилно слушање музика, потребно е воспитувачот дидактичко – методски да биде подготвен, а со тоа се отвора можност да направи правилен избор на композициите кои ќе бидат слушани. За таа цел воспитувачот треба избраните композиции неколку пати да ги преслуша, да ги анализа, да ги доживее, на тој начин со пренесувањето, ќе им овозможи децата музиката да ја доживеат пријатно. Исто така во анализа се подразбира да го одреди карактерот на композицијата, видот на

музичките изведувачки инструменти или вокалните гласови, темпото и динамиката, потоа содржината и можностите за корелација со другите воспитно–образовни подрачја. Во подготовката се прави озборот на методите кои ќе се применат, како и техничките надгледни средства. Покрај тоа, потребно е да има кратки информации за музичкиот правец блиски до детскиот речник, основни биографски податоци за композиторот пренесени со интересни примери кои ќе создадат интерес кај малата популација.

***Методска постапка за слушање на музика***

Првиот контакт со слушаната композиција е најважен момент. Ако на децата им се допадне, ако се воодушевени и ако посакаат повторно да ја слушнат, тогаш има можност да се реализираат сите поставени задачи за активноста слушање музика. Главниот посредник помеѓу музиката која ќе се слуша и децата секако е воспитувачот, кој треба да изнајде најсоодветен начин да ги подготви, заинтересира, поттикне и да ги воведе во активноста. Избраната композиција треба да му се допаѓа на воспитувачот, да има позитивен однос кон изборот. Во спротивно, многу лесно се пренесува сопствениот (негативен) став кон децата и тие несвесно го усвојуваат.

Потребно е воспитувачот добро да ја познава композицијата што ќе се слуша, да испланира на кој најдобар начин ќе ги мотивира децата и ќе создаде интерес за слушање. Најчесто се користат зборови, создавање соодветна атмосфера за слушање (прераскажување, рецитирање, разговор, игра и друго), избира зборови и начини на излагање, зборува изразно и ведро. За таков начин на излагање потребно е добра подготовка со вложен голем труд.

Првиот контакт со новата композиција следи по воспоставената мотивација, во потполна тишина го слушаат целото дело, без прекини, или прашање, потпрашања и објаснувања. На тој начин децата доживуваат многу ефекти од убавината на музиката што ја слушаат, а таквиот впечаток не смее да се расипува со поставување на прашања. Кога првично ќе се ислуша, и ќе се запознаат со насловот на композиција, во кратки црти воспитувачот им зборува за авторот, кажувајќи го неговото име и интересни податоци за неговиот живот (анегдоти, случки), кои уште повеќе ќе го потикнат детскиот интерес.

Во наредното слушање, воспитувачот им дава одредени задачи, како на пример: содржина, темпо и динамика, да се исполнат таквите детали со цел зголемувајќи го интересот за соодветното дело.

Во зависност од времетраењето на делото што се слуша, слушањето може да се повтори од два до четири пати. За да се подготват децата за второ – трето слушање, воспитувачот поставува задача, на која децата треба да обрнат внимание, како на пример:

- дали слушате соло (еден) пејач или хор?
- дали слушате еден или повеќе инструменти?
- кои гласови или инструменти ги слушате?
- дали пеењето или свирењето е брзо–бавно, гласно–тивко? Непотребни се прашања како на пример:
- музиката што ја слушате дали ви се допаѓа?
- дали сакате повторно да ја слушате истата мелодија (композиција)?

Одговорите на вака поставени прашања се потврдни и непотребни. Воспитувачот треба да констатира по надворешната реакција на децата (детскиот изразот на насмеани лица, сјајот во детските очи). Децата не се во можност со зборови да го образложат впечатокот од слушаната музика, тоа го покажуваат со движење, клатење, мимика или гестикулација.

Често пати се поставува прашањето, дали децата се во можност да прифатат композиција без претходна подготовка за слушање. Таква можност сепак постои, но не во почетокот од работата. Често пати се случува некоја мелодија да не остави длабоки траги при првото слушање, но кога децата повеќе пати ќе ја слушаат, станува блиска до нив.

*

За проширување на музичките знаења, како и поттикнување на детските емоции, потребно е повторно слушање на иста композиција. При повторното слушање и анализа на слушаната композиција, децата откриваат нови карактеристики и стекнуваат искуство кое се надоврзува на веќе постоечкото, но секогаш врз основа на она што е емотивно обоено. Таквата анализа се однесува на специфичните забелешки на композицијата, како што се карактерот на композицијата (весела или смирувачка), темпото (брзо или бано), динамиката (силна или тивка). Овие карактеристики децата ќе можат да ги одредат, само ако претходно се

запознаени со тие поими и ако располагаат со одредени знаења од тоа подрачје.

Различностите во карактерот на делото, најчесто се воочуваат во две композиции со различен карактер, како што се приспивна песна и композиција со маршов карактер. Во анализата на музичката композиција учествуваат сите деца, најпрво внимателно слушаат, а потоа одговараат на поставените прашања и ги изразуваат своите впечатоци. Анализата на слушаната композиција и барања кои се поставуваат на децата се разликуваат, во зависност од возрасната група.

*Мала група.* Оваа возрасна група го опфаќа периодот од две до 2,5 до четири годишна возраст. Преку оваа активност се започнуваат првите чекори за воведување на децата во светот на една апстрактна материја, и покрај тоа што се мисли како доста далечна, сепак им причинува големо задоволство и радост. Првите постапки се чинат многу едноставни, но за оваа возраст кај децата претставуваат многу сложени и далечни форми на работа. Како што напоменавме претходно, иако станува збор за деца мала возраст, сепак има можност слушањето музика да се подели на: вокална, вокално–инструментална и инструментална.

Слушањето вокална музика, е најблизок начин за децата, затоа што преку литературниот текст содржината на слушаната песна (композиција), се доближува до детската психа. Еден од најзастапените начини за слушање на вокална и вокално–инструментална музика е пеењето на воспитувачката или друго лице, со интерпретација на позната детска песна со придружба на музички инструмент или без придружба. Пред да се почне со слушање, потребно е децата да се запознаат со содржината на песната преку кратки прераскажувања, проследени со визуелни надгледни средства: слики, фотографии, слајдови и сл. Многу интересна постапка за слушање музика е кога ја исполнуваат деца од поголема возрасна група, пред деца од помала возраст. Децата од поголемата група изведуваат мал „концерт“ на научени песни, кои во наредните години децата од помалите групи ќе ги пеат. Малиот концерт пожелно е да биде изведен и со придружба на музички инструменти (клавир, сајзер, гитара, хармоника), но исто така и со детски музички инструменти изведувани од децата (тропалки, стапчиња, дајре и сл.).

Слушањето на инструментална музика е посложена форма на работа, бидејќи отпочнува спознавањето на децата со апстрактниот свет на музиката, конкретно за оваа група потребно е да се обрне посебно внимание. Тоа се првичните воведувања за слушање инструментална музика, преку едноставни постапки: слушање на познати (претходно пеени) песнички, истите отсвирени на клавир, хармоника, гитара или друг музички инструмент.

Овој вид на слушање музика се изведува на следниот начин: На почетокот се води краток разговор за досегашните изучени песни со пеење. Децата ќе почнат да ги набројуваат, потоа им се објаснува, дека една од тие песнички сега ќе биде свирена на музички инструмент (им се покажува инструментот, како и неговото име). Откако ќе ја ислушаат едногласно отсвирената песна, потребно е да ја препознаат. Одоворите претежно се групни или индивидуални. Музичкиот инструмент со кој е отсвирена песната, потребно е да се опише со основните карактеристики во кратки црти и да им се овозможи на децата да го допрат.

*Средна група.* Децата од оваа возраст (од 4 до 5 години), се оспособени за разликување на карактерот на музиката, темпото и динамиката, можат да ги одредат музичките инструменти на изведбата, можат да одредат соло глас (машки или женски), и да запомнуваат карактеристични мотиви во деловите кои ги слушаат. Исто така можат да ги разликуваат контрасните делови на композицијата, кои главно се разликуваат со долги или кратки нотни вредности, како и јачината и промената на темпото.

Во оваа возрасна група слушањето музика се реализира во поразновидна форма, со оглед на возраста на децата. Се практикува слушање на: вокална, инструментална и вокално – инструментална музика.

Слушање вокална музика се реализира со интерпретација на научени песнички изведувани од наставничката или друго лице, без придружба на музички инструмент. За таа намена се избираат песни кои со изведбата ќе поттикнат емотивност и интерес. Изборот на хорски композиции треба да биде за еднородни хорови, кои со литературниот текст и мелодијата, ќе го поттикнат вниманието. Посебно да се обрне внимание на слушаната композиција да се објасни литературниот текст, односно

содржината на слушаната композиција, поради специфичната вокално техничка изведба.

Во воведниот дел од активноста, воспитувачката објаснува за составот на изведувачите кои ја пеат песната (композицијата), тоа е група на деца, или група на возрасни кои ја пеат песничката која се нарекува хор. Како во претходната возрасна група, така и во оваа група во овој дел на активноста се објаснува, се прераскажува содржината на песната, дополнета со приказни, со задолжителна застапеност на визуелно претставување (фотографии, цртежи).

Во главниот дел, во потполна тишина, се слуша композицијата целосно (од почеток до крај). Следните слушања се разјаснуваат контрасните делови во композицијата (гласно–тивко; бавно–брзо), посебно се објаснуваат, односно содржината на литературниот текст, како и мелодијата ја сочинуваат различноста (контраста) во уметничката изведба на слушаната композиција.

Во завршниот дел од активноста, откако ќе бидат разјаснети сите карактеристики кои можат да ги разберат децата, се преминува кон завршно слушање, без коментар со цел што повеќе да навлезат во карактеристиките на претходното објаснување на воспитувачката.

Се практикува слушање на вокално–инструментална музика, (како во претходната возрасна група), слушање на претходно работена песна со пеење, но исполнета од воспитувачката или друго лице со придружба на музички инструмент (клавир, хармоника, гитара и слично). На тој начин едногласната мелодија е дополнета со едноставна хармонска придружба со основни акорди, со цел доживување на мелодијата со збогатен звук. Артикулациониот дел на активноста е ист како во претходната група.

При слушање инструментална музика треба да се внимава да биде музика со програмска содржина. Децата преку текст треба да се воведат за слушање на фрагменти (делови), од композиции. Постапката за слушање посебно инструментална музика потребно е да биде поедноставна. Мелодијата, мелодиските ефекти изразени преку музичките инструменти треба да бидат едноставни блиски за оваа возрасна група. За оваа возрасна група може да се практикува:

- слушање на претходно работена песна со пеење, со изведба на музички инструмент (пијано, хармоника, сајзер,

гитара), или транскрипција во понизок или повисок тоналитет. Целта на ваквиот пристап е децата да ја препознаат песната, која влијае на нивните детски акустични перцепции;

- слушање на репродукција на музички фрагменти. Во оваа постапка се слуша програмска детска музика со конкретна содржина, пр. „Кокошки и петел“, дел од композицијата Карневал на животните од К. Сенс Санс. Во воведниот дел на активноста откако воспитувачката ќе ги воведе децата во делото што ќе го слушаат (со кратка приказна за случувањата во селскиот двор). Откако приказната е раскажана интересот веќе е голем, а очекувањата кај децата неизвесни.

*Големата група,* дава поголеми можности, со оглед на подолгото временско слушање до десет минути, а целата активноста се продолжува до триесет минути. Композициите кои се слушаат се подолги и посложени, а разговорот со децата пожелно е да биде поактивен. Покрај слушање музика за поедини инструменти и веќе познати поими со кои се сретнале во претходните возрасни групи, сега децата можат да се запознаат со поголеми музички состави, како на пример со хор (детски, машки или женски), а секако и со оркестар. Активноста може да се исполни со слушање на две кратки композиции, со контрасен карактер. Во анализата поставените прашања имаат за цел подобро запознавање со делата и развивање на максимално внимание при слушање на музиката, особено кога се повторува. Постапката на повторно слушање на иста композиција се разликува, односно е пократка, од постапката за слушањето на нова композиција. Покрај препознавање на карактерот на музиката, музичката форма, темпото и динамиката, децата се запознаваат и со имињата на музичките инструменти кои ги слушаат, како и со нивните карактеристики и со други основни поими од музичката култура, (хор, оркестар, диригент, балет, концерт и друго).

Како во претходните возрасни групи и во оваа возрасна група слушањето на музика е поделено на три видови: вокална, инструментална и вокално – инструментална музика.

При слушање вокална музика се применуваат истите постапки од претходната возрасна група, односно интерпретација на претходно изучени песни изведувани од воспитувачката или од друго лице, без придружба на музички

инструмент, со избор на едноставни детски композиции од детски или еднородни хорови.

При слушање на вокално – инструментална музика за оваа возрасна група, се применува слушање на претходно работена песна со пеење, но исполнета од воспитувачката или од друго лице со слободна придружба на музички инструменти. Во оваа група на слушање музика се слушаат и познати и популарни песни, што децата моментално ги слушаат и ги слушале, односно се актуелни во еден временски период. Тоа се песни со поширок мелодиски дијапазон (опсег), со посложена мелодија и карактеристична ритмичка пулсација. Овде спаѓаат народни песни, народни песни обработени во современи – синтетизирани изведби („Билјана платно белеше", „Ој девојче, девојче", „Јовано, Јованке" и др.

Со активноста слушање вокално – инструментална музика, се влијае спонтано, односно индиректно, врз детските емоции и чувства, а преку слушање на народните песни кај децата се развива љубов кон народното музичко творештво, а воедно се запознаваат со нашиот национален фолклор.

При слушање инструментална музика во оваа возрасна група сѐ уште се практикува слушање на програмска музика и музички илустрации, додека за слушање на апсолутна музика се практикува да се слушаат репродукции на кратки музички фрагменти од познати композиции.

Музичките илустрации посебно се интересни, бидејќи претставуваат комбинација на слушање музика и прераскажување на содржината на музичкиот текст. Поточно, воспитувачката ја раскажува содржината со зборови, а потоа истото го потврдува со слушни примери. Тоа се одвива континуирано, односно се раскажува – се пушта музика.

Музичките фрагменти претставуваат кратки композиции со програмски карактер, каде што се планира да се насочи детското внимание, преку музичките тонови на разните видови музички инструменти да се претстават разни доживувања: годишни времиња, животни, птици, инсекти и слично со воведување на контрасни елементи преку кои децата ќе ги воочат разликите на темпото и динамиката.

## *ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ*

Свирење на детски музички инструменти претставува посебно омилена и посакувана активност кај децата од предучилишна возраст.

За развојот на детските музички способности, свирењето на детските музички инструменти има значајна улога. Свирењето со детски музички инструменти е голема желба, бидејќи е едноставно, односно не е потребна претходна техничка подготовка, а начинот на свирење е едноставен, се стекнуваат основни, првични сознанија за музичките инструменти, се развива љубов за свирење, љубов за колективно музицирање и воопшто љубов кон музичката уметност. Со активно музичко учество децата ги развиваат чувствата за личните вредности и вредностите за успехот во колективното музицирање. Со музичките инструменти децата импровизираат ритами, придружуваат изучени песни што ги пеат, погодуваат и пребаруваат по слух познати мелодии или свират лесни и познати песни, доживуваат создавање на музичкиот тон, се зголемува љубопитноста и интересот за истите.

Тематската активност свирење на детски музички инструменти, се практикува кај поголемите возрасни групи. Оваа активност има посебни цели и задачи, од кои ќе издвоиме:

*Возрасна група од 4 до 5 години.*

Цели и задачи за оваа возрасна група се:

- запознавање со детските музички инструменти;

-запознавање со техниката на свирење со дел од детските музички инструменти;

- оспособување за правилно држење и ракување со ДМИ;

- оспособување за следење на мелодијата на изучената песна со ДМИ (ритмички);

- развивање на чувството за заемната поврзаност меѓу ритамот и мелодијата;

- развивање на творечките способности за слободно и спонтано изразување;

- развивање и збогатување на претставите за музичките изразни средства;

- развивање на чувството за ритам.

Со реализација на оваа активност се очекуваат следните резултати: децата ги истражуваат и откриваат звучните каракте-

ристики на дел од детските музички инструменти (барабанче, стапчиња, чинели, триангл и ѕвончиња); децата да препознаваат и именуваат најмалки два детски музички инструменти.

*Возрасна група од 5 до 6 години.*

Цели и задачи за оваа возрасна група се:

- запознавање со техниката на свирење со дел од детските музички инструменти;
- оспособување за правилно држење и ракување со ДМИ;
-оспособување на децата за изработка на музички инструменти од природни материјали;
- оспособување за следење на мелодијата на изучената песна со ДМИ (ритмички);
- развивање на чувството за заемната поврзаност меѓу ритамот и мелодијата;
- развивање на творечките способности за слободно и спонтано изразување;
- развивање и збогатување на претставите за музичките изразни средства;
- развивање на чувството за ритам;
- поттикнување на интерес за изведување на звучни ефексти со музички инструменти.

Преку активноста свирење на детски музички инструменти од децата се очекуваат и одредени резултати: децата да препознаваат и именуваат четири детски музички инструменти; да се вклопат во заедничко музицирање на детските музички инструменти.

## ***Поделба на детски музички инструемнти***

Застапеноста на детските музички инструменти има важна улога во музичкиот развоен процес кај децата од предучилишна возраст. Детските музички инструменти, во музичката литература познати се под името Орфови музички инструменети. Името го добиле по германскиот композитор и музички педагог Карл Орф, кој има значајна улога во развојот на современиот музичко – педагошки систем, со посебно внимание на детското музицирање, односно пеење и свирење. Детските (Орфови), музички инструменти создадени се, со поедноставување на некои музички инструменти од симфонискиот оркестар и од народните инструменти. Тоа се различни видови на удиралки, прилагодени за детската возраст со можност за

краток временски период приспособување и свирење на истите. Во неговиот концепт преовладува систем на синкретизам во музичките активности, поврзувајќи го гласот, говорот и пеењето, односно поимите: движење, пеење, свирење – во една целина. Карл Орф, музичкото изразување го гледа во индивидуалните детски откривања, кои треба да бидат скромни, едноставни и наивни, со цел за заедничко музицирање. Свирењето на детските музички инструменти не претставува самостојна активност, таа е активност поврзана со сите други музички содржини, како пеење, слушање музика, музика и движење, основи на музичката писменост.

Групата на ДМИ, кои денес се употребуваат е доста голема, каде што тонот се добива на различни начини. Поради тоа во педагошката литература по Музичко воспитание, детските музички инструменти се поделени на два дела:

1. Во првата поделба спаѓаат музички инструменти во зависност од видот на изработка, односно од составот на материјалот и начинот на кој се добива звукот, а тоа се: идиофони и мембрафони.

- *идиофони музички инструменти* – наречени самозвучни, бидејќи целиот корпус (инструмент) трепери, односно вибрира и на тој начин настанува звукот. Таквиот звук може да биде со одредена, или со неодредена висина на тонот, а настанува на неколку начини: со механичко удирање, затегнување – отпуштање, тресење и др. Во оваа група спаѓаат: стапчиња, триангл, чинели, ѕвона, металофон, ксилофон, ѕвончиња, кастањети, тропалки.

- *мембрафони музички инструменти* – основа за добивање на тонот е оптегната мембрана од кожа или пластика. Звукот може да се добие со удирање, триење, и резонантно вибрирање.

2. Во втората поделба спаѓаат музички инструменти со неодредена висина на тонот и музички инструменти со одредена висина на тонот.

- *музички инструменти со неодредена висина на тонот се*: тапан, добош, даире, стапчиња, тропалки, кастањети, дрвен добош, чинели, триангл, прапорци;

- *музички инструменти со одредена висина на тонот се:* ксилофон, металофон, ѕвончиња, тимпани, блок флејта.

## ***Музички инструменти со неодредена висина на тонот***

Во ритмички музички инструменти со неодредена висина на тонот се вбројуваат: стапчиња, штракалки, тропалки, кастањети, дрвен тапан (дрвена кутија), дајре, прапорци, чинели, триангл, барабанче и тапан.



*Стапчиња*- тоа се наједноставни музички инструменти изработени од тврдо дрво, валчести по форма, со должина од 15 до 20 см. Со удирање едно стапче од друго, се добива кратот звук, сличен на звукот на дрвената кутија или кастањети. Од динамичко нијансирање може да се примени тивко и гласно свирење, а посебно убаво звучи кратко (stacato). Стапчињата се држат со врвовите на прстите меѓу палецот (првото членче) и показалецот (второто и третото членче). Најчесто се застапени во оркестри со детски инструментариум, со нив се изведуваат различни и сложени ритмички комбинации. Се нотира на една линија.

*Тропалки (маракас),* се најстари ритмички инструменти. Поради едноставната употреба често се застапени и се употребуваат во пар. По форма можат да бидат: топчести, цилиндрични, крушкасти, правоаголни, исполнети до половина со зрнести материјали или производи (ориз, грав, пченица, пченка, грашок, камчиња, ситни метални топчиња), изработени од пластика, дрво, метал. Се држат за дршката помеѓу палецот и показалецот на второто членче. Со тресење се добива изедначен звук – тремоло, кое се користи за подолги траења, ритмички завршетоци на песни, но исто така со енергично ритмично движење на рацете може да се добие исполнет звук. Со кратки и отсечни движења



успешно се изведуваат нагласени делови и staccato (кратко), како и динамичките нијансирања крешендо(*crescendo)* (премин од потивко во посилно), и ддекрешендо(*de crescendo)* (премин од посилно кон потивко).





*Кастањети-* *се* популарни ударни инструменти од шпанско потекло и Јужна Италија. Инструментот е составен од две вдлабнати дрвени плочки, кои наликуваат на школки. Со удирање една од друга се добива специфичен силен, продорен звук. Во музичката пракса се користат два вида на кастањети. Едниот вид се користи во танц – прицврстени се на палецот и средниот прст и во текот на играта се





произведува саканиот ритам, а другиот вид се користи во оркестар – двете школки лабаво се прицврстени на една рачка, со тресење се добива звук со едноставни ритмички комбинации. Во детскиот инструментариум најчесто се користат оркестарските кастањети, а нотоцијата е на една линија.

*Дрвен тапан (дрвена кутија),* има форма на кутија, со различна форма, со прорез во средината кој служи како резонатор, се удира со дрвени стапчиња, или дрвени стапчиња обложени со гумена или пластична



глава. Добиениот звук е краток, но многу продорен. Поради пријатниот звук и едноставното ракување, дрвениот тапан е соодветен за децата. Нотирањето е на една линија, но ако се користат два со различна висина, тогаш бележењето на едната е погоре, а на другата подолу.



*Дајре,* или тамбурин е народен инструмент, кој нај-често се користи во источните земји, но исто така и во Шпа-нија, Италија, кај нас и во други европски земји. Дајрето е направено од тенок дрвен или матален обрач, со ширина од 6 до 8 см. На едната страна е затегната кожа, а на обрачот има отвори на кои се поставени метални месингени плочки во парови. Во музичката пракса се користат разни варијанти, како на пример, рамка само со метални плочки, или рамка само со затегната кожа. Звукот од дајре се добива на повеќе начини: со тресење, со удирање на прстите по кожата или рамката, удирање со дланката на затегнатата кожа и други начини. Инструментот се држи со левата рака, а звукот се произведува со десната рака, но исто така, звукот може да се добие и со удар со дрвени стапчиња или дрвени стапчиња обложени со гумена или пластична глава. Нотирањето е во рамките на една линија, со тоа што ударот со дланка се бележи со ноти со надолни нотните вратови, а ударот со прсти, нотните вратови се бележат нагорно. Долгите нотни вредности се изведуваат со тремоло, а посебно ефектно звучи динамичкото нијансирање крешендо и декрешендо. На дајрето можат да се изведуваат многу сложени ритмички комбинации.





*Прапорци,* се во форма на мали месингани шупливи топчиња со мал отвор, кои во себе содржат метално зрно, кои при движење или тресење, даваат светол и ѕвонлив звук. Месинганите топчина во средината имаат мали засеци (отвори), за подобро пробивање на звукот. Изработени се во разни форми, како гривни, венче или тропалки. Звукот на прапорците е многу тивок и нежен, се добива со тресење, а нотирањето е во една линија.



Ч*инели*, се стари музички ритмички инструменти, кои потекнуваат од Азија, но исто така се употребувале во древниот Египет. Чинелите имаат форма на чинија, изработени од месингова и бакарна легура, со ширина од 40 -50 см. Со напомена чинелите кои ги користат децата се во помала форма. Средниот дел е испакнат со отвор, низ кој се провлекува кожен ремен, кој служи за држење на инструментот. Најчесто се користат во пар, звукот се добива со удирање една со друга, звукот е продорен и трае долго, се користат во нагласениот тактов дел, звукот се прекинува со допир на рака или со телото. Има примена во комозиции со маршов карактер и пошироко. Може да се користи и една чинела, поставена на метална постава, а тонот се добива со удирање со дрвено стапче.



*Триангл,* составен од два дела, од метален триаголник и метална прачка. Триаголникот е рамнострано свиткана метална прачка, со дебелина од околу 1 см, страните со должина околу 35 см, и на едниот агол е отворен, за да може прачката слободно да трепери. Инструментот се држи со една рака обесен на конец, звукот се добива со удирање на метална прачка која се држи со палецот и показалецот со

второто членче, со должина од околу 6-7 см, а дебелина од околу 3-4 мм. Добиениот звук трае долго, многу е висок со светло метална боја и многу енергична резонанца. Најчесто се користи во одделни удари, во подолги нотни вредности, поради карактеристичниот звук често се користи како тремоло. За да бидат одбегнати долгите звучни траења, звукот на инструментот се прекинува кога ќе се допре со раката.

*Барабанче* (мал тапан), по форма е слично како тапанот, но во помала форма. На едната страна во делот од затегнатата кожа, има затегната жица со што се добива карактеристичен звук. Звукот се добива со удирање со две дрвени палки. Во оркестарот се користи во комбинација со тапанот, и на него можат да се изведуваат многу сложени ритмички комбинации. Во детскиот инструментариум се користи барабанче со помали димензии. Како кај тапанот, и кај барабанчето не е можна изведба на долги нотни вредности (цела, половина, половина со точка), но има голема можност за успешно тремоло и динамичките нијансирања крешендо(*crescendo)* и декрешендо( *de crescendo).* Се нотира на една линија.




*Тапан,* е најстар и најпознат инструмент од групата на ударни инструменти. Составен е од дрвен или метален широк цилиндричен обрач, преку кои од двете страни е оптегната кожа или тврда пластика. Звукот се добива со удирање со палка, по можност обложена со филц, или со дланка. Соодветен е за истакнување на нагласените тактови делови, како и повеќенаменска примена, создавање разни звучни ефекти. Во детскиот инструментариум се користи тапан во помала форма. Се нотира како и останатите инструменти со неодредена висина на тонот, во рамките на една линија.



## ***Музички инструменти со одредена висина на тонот***

Во оваа група спаѓаат: блок флејта, ксилофон, металофон, ѕвончиња (глогеншпил), тимпан.



*Блок флејта,* е дувачки музички инструмент, кој се користи во современата музичка пракса во наставата. Тоа е стар дувачки музички инструмент, поради слабиот и благ звук исчезнува од музичката пракса во текот на XVIII век, кога се појавуваат нови, технички звучни и моќни инструменти. Меѓутоа, можностите на овој инструмент за музицирање се големи и од сите орфови мелодиски инструменти има најголема примена, а тоа се одразува со траење на тонот, фразирање, динамичкото и артикулационо формирање на мелодијата, која се споредува со убавото изразно пеење. Првите примери се изработени од коски, трска и дрво, додека денес се изработени претежно од пластика во цилиндрична или конусна форма, има шест главни отвори и усник. Со отворање и затворање на отворите и со интензитетот (јачината) на дување, се добиваат тонови со различна висина. Сепак, потребно е да нагласиме дека блок флејтата е еден од посложените детски инструменти, но сепак начинот на свирење лесно се совладува со редовна и правилна постапка на часовите по Музичко воспитување.

На блок флејтата се изведуваат сложени мелодии, се користи како солистички инструмент, во оркестар од еднородни музички инструменти на блок флејти, или во разни оркестри.

Со левата рака, показалецот, средниот и до малиот прст се покрива горниот дел, а палецот го покрива отворот кој се наоѓа на долната страна на инструментот. Прстите на десната рака, кои се поставени под левата рака, ги покриваат преостанатите четири отвори, редоследно показалецот, средниот, до малиот и малиот прст, а палецот се потпира на долната страна.

Рацете се одделечени од градниот кош, така што инструментот со градниот кош се во агол од 30 степени.

Тонот се добива со дување воздух во усникот, а со отворање и затворање на отворите се менува должината на воздушниот столб во цевката и се произведуваат тонови со различна висина.

Квалитетот на тонот зависи од техниката на дишење, начинот на дување и покриеноста на отворите. Дишењето треба да биде мирно, рамномерно како пеењето, а доволната количина на воздух овозможува правилно фразирање.

Во музичката пракса во наставата по музичко се користат неколку вида на блок флејти: сопран, алт, тенор и бас.



*Ксилофонот,* потекнува од далечниот исток. Во европската музика се користи од XVI век, во прво време како народен инструмент во Германија, Австрија и во некои словенски земји. Поширока примена на овој инструмент започнува во XIX век, кога технички се усовршува. Денес има голема примена во симфониската и забавната музика, со можност за достигнување на висока виртуозност. Составен е од низа наредени дрвени плочки (орев, јавор), наредени на дрвена подлога, различни по должина од кои зависи висината на тонот, со подредена точна интонација. Звукот се добива со удирање по плочките со две палки, кои можат да имаат дрвена, гумена или филцована глава. Техниката на свирење е многу усовршена и на него можат да се свират многу виртуозни композиции. Тоновите на ксилофонот звучат кратко и меко.

Има два вида на ксилофони, а во детскиот инструментариум се користи хроматски и дијатонски, но со помали димензии. Најчесто се користат три различни големини на ксилофони, за длабоките тонови бас ксилофон се нотира во бас клуч, тенор за средните тонови и сопран за високите тонови и се нотираат во виолински клуч.



*Металофон,* е музички инструмент кој има доминантна употреба во доменот на детските инструменти, во хроматска и дијатонска варијанта. Ксилофонот и металофонот во овие варијанти се исти, со таа разлика што ксилофонот има дрвени, а металофонот метални плочки. Затоа звукот кај ксилофонот е краток и послаб, а кај металофонот звукот е подолг и појак. Кај металофонот често се користи палка со филц и гумена глава, отколку со дрвена глава, со тоа што тонот е светол, отворен и поостар. Ксилофонот и металофонот, во детскиот инструментариум имаат двојна улога, како прво се носители на мелодијата, а исто така имаат и акордска (хармонска) придружба на мелодијата.



*Ѕвончиња (глогеншпил),* по конструкција многу не се разликуваат од ксилофонот и металофонот, со тоа што металните плочки се со помали димензии и сместени во дрвена кутија, која е резонатор. Во прво време на местото од плочките се користеле ѕвончиња со различна големина и од таму овој инструмент го добил името ѕвончиња. Овој инструмент може да се сретне и со клавијатура.

Има светол, метален и долготраен тон, кој се добива со удар по плочките со стапче. На него, многу успешно се користат звучните ефекти глисандо и тремоло.



*Тимпани,* се ударни инструменти со менување на тонската висина. Нивната историја е далечна, се сретнуваат разни видови на тимпани кои луѓето ги користеле уште во првобитната заедница. Тимпаните во Европа се донесени од Арапите во IX век, но во XV век почнуваат да се применуваат како војнички инструменти. Во втората половина на XVII век, францускиот композитор Жан Батист Лили, тимпаните ги

употребува во оркестарската музика, а својата значајна и голема улога ја имаат во симфониската музика кај виенските класичари (Моцарт, Хајдн и Бетовен). Големината на тимпанот и затегнатоста на кожата влијае на висината на тоновите. Основни делови на тимпанот се: тело во вид на котел, изработен од бакарен и месингова легура која има улога на резонатор, на горната страна има оптегната кожа или пластика, а на долната страна е отворена. Звукот се добива со дрвени палки со топчест завршеток обложена со филц, со тапа, со кожа, во зависност каков звук е потребно да се добие. Поставен е на посебна подлога (ногари). На тимпанот се изведуваат сложени ритмички комбинации, полесни ритмичко – мелодиски фигури (тремоло, глисандо), разни динамички нијансирања и друго, а во зависност од ударот на кожата (средина или на крај), се добива различна силина и квалитет на тонот.

Во детскиот инструментариум се користат тимпани во помала форма и без штимање.

***Подготовка за свирење***

Со цел децата да се подготват за ракување со детски ударни музички инструменти, потребно е да се испланира временски период, каде што ритмичките вежби ќе бидат практикувани со помош на рацете и нозете, поточно се прават вежби со рацете и нозете, како да се свири на вистински инструменти. Со овие вежби покрај што се откриваат, осознаваат, негуваат музичките способности, исто така се постигнуваат моторните кординации, кои претставуваат појдовна основа за движењето на рацете и нозете. Ритмичко – звучните вежби се добар пример кои ја докажуваат потребата на поврзаноста на музичките со телесните активности.

Децата со рацете можат да изведат разни видови плескање, тропање и движења со нозете. Плескањето и тропањето се изведува мирно, лесно, елегантно, слободно, без знаци на вкочанетост. Има повеќе начини на плескање, ќе спомeнеме неколку кои ќе придонесат за полесно совладување на техниките на свирење на музичките инструменти, како на пример:

- со плескање дланка со дланка со испружени прсти на двете раце, се добива звук со светла боја;
- со плескање дланка со дланка со испакнати дланки (собрани прсти), плескајќи дланките ја затвораат празнината и настанува звук со темна боја;

- плескање со кружни движења. Пред да плеснеме со рацете, се прави кружно движење одозгора надолу. Овој начин на плескање се практикува кога на прво тактово време има пауза, а на второ време нотна вредност. Исто така овој начин на плескање може да се употреби и кога на првото тактово време има нотна вредност, а на второ време пауза, при што прво се удира, а потоа со рацете се прави кружно движење одоздола нагоре. Овој начин на вежба може да послужи како подготовка за свирење со чинели;

- плескање со една пасивно поставена рака со отворена дланка и составени прсти, се плеска со прстите од другата рака;

- плескање во парови, децата се свртени лице во лице, плескаат дланка со дланка, а потоа во дланките на партнерот;

- со стегната дланка се удира по тврд предмет, се добива силен динамичен ефект;

- тропкање со прсти на клупа или по некој тврд предмет;

- тропкање со нозете по под, се изведува на разни начини, наизменично (лева, десна), со лесен замав на целото стапало, удари со врвовите од прстите, или со петата, или со марширање.

***Свирење на детски музички инструменти***

Големиот избор на детски музички инструменти и нивната едноставност за свирење, создаваат можност за краток временски период истите да се совладаат. Посебно се однесува на ритмичките инструменти, кои во предучилишните институции се често застапени. Користејќи ги детските инструменти, потребно е да се обрне внимание на постапно внесување на секој инструмент, како и нивното комбинирање.

Децата треба индивидуално да ги запознаат музичките инструменти и нивните карактеристики и да се обидат да свират на истите. Со цел да се постигне координација на движењето, потребно е сите деца едновремено да користат повеќе инструменти од ист вид, пример сите свират на дајре, или сите свират на стапчиња. На тој начин сите учат да ракуваат на ист инструмент, полесно се контролира вештината на свирењето, работната дисциплина е на повисоко ниво, отколу секое дете да свири на различен инструмент, при што се случува одземање на вниманието.

Во групното музицирање, свирејќи, децата „разговараат" изразувајќи ги своите емоции кон карактеристиките на ритамот и мелодијата, внесувајќи лични ставови и сопствени креации.

Првично се запознаваат со техниката на свирење на стапчињата, тропалките, кастањетите, трианглот, дајрето, а потоа и со мелодиските музички инструменти.

Заедничкото музицирање на пејачи и свирачи во групата создава пријатна атмосфера, а со тоа музичките инструменти стануваат омилени, популарни и децата ги прифаќаат со радост. Во почетокот треба да се применуваат едноставни ритмички придружби на бројалки, а потоа инструментите можат да се користат и во музичките игри, како и за ритмичка основа за песни со пеење.

Во интерес на изборот на музички инструменти и нивната застапеноста во практичната работа, потребно е воспитувачката да ги знае карактеристиките на сите музички инструменти, како на пример:

*Ритички музички инструменти*

- *тапан* – носител на основниот ритам, карактеристичен исполнет звук;
- *барабанче* – со пократки нотни вредности го потврдува и дополнува основниот ритам на композицијата заедно со тапанот, но исто така со кратки ритмички фигури на крајот на музичката целина, разубавува и ритамот го прави интересен;

- *стапчиња* – често се применуваат, едноставни за употреба со карактеристичен остар и краток звук;
- *чинели и триангл* – носители се на нагласените (акцентирани) делови во композицијата, истакнувајќи го почетокот и крајот на помали музички целини, со нив се истакнува кулминацијата во делото, односно придонесуваат за динамичка градација, со подолги траења на звукот;
- *дајре* – го истакнува танцовиот дел во композицијата, (песната), а со тремоло (тресење) се истакнува динамичкото нијансирање, крешендо(crescendo–постепен премин од потивко кон посилно);декрешендо(decrescendo–постепен премин од посилно кон потивко).
- *тропалките* – го поддржуваат танцовиот ритам и со својот необичен звук создаваат необични звучни ефекти, се карактеризираат со краток звук;
- *кастањети* – се практикуваат во истакнување на ритамот, разиграноста и во композиции со весел карактер, имаат краток и продорен звук;

- *прапорци*–повремено се употребуваат, бидејќи со својот звук можат да звучат монотоно.

*Мелодиски музички инструменти*

- *блок флејта* – носител на основна мелодија, се користи за легато (поврзано) свирење, се бележи во сите нотни вредности, а се применува за изведување на украси;

- *ксилофон* – звукот е краток, погоден за изведба на брзи и кратки тонови, (за стакато – кратко), за тремоло и глисандо, се бележи со осмини нотни вредности;

- *металофон* – за тремоло и глисандо, се бележи во подолги нотни вредности (половини, половина со точка и цела нота);

- *ѕвончиња* – за тремоло, бележењето на нотните вредности е исто како кај металофонот.

Унисоно (едногласно) свирење се практикува кај еднородните инструменти, поради штимањето, пример едногласно свирење на повеќе блок флејти, или едногласно свирење на повеќе ксилофони.

*Задачи на воспитувачката*

Секое дете има желба низ играта и движењето да ги изразува своите чувства, со тоа што пред воспитувачката се поставува задача за реализирање на дидактичките принципи на предметот музичко. Со оглед на тоа што музичките сознанија децата ги прифаќаат многу рано, нивните способности и можности за музика се манифестираат многу брзо. Предметот Музичко воспитание треба да преставува радосна игра проследена со музика, а воедно да се поттикне интерес за активно учество во решавање на поставените задачи. Кога станува збор за свирење на музички инструменти, кај воспитувачката се поставуваат повеќе задачи:

- да обрне внимание на различните вежби со кои рацете и нозете имаат улога на музички инструмент;

- да ги поттикнува децата за изнаоѓање разни предмети од кои можат да изработат едноставни музички инструменти и како истите се изработуваат;

- да создаде услови за запознавање и откривање на звучните карактеристики на музичките инструменти;

- да создаде интерес за користење на ритмичките музичките инструменти, во придружба на бројалки, песни со пеење и музички игри;

- да ги научи децата да свират на Орфовиот инструментариум и да се поттикне солистичко и колективно музицирање;

- да им помага во развивањето на детското творештво, обезбедувајќи им простор и време децата да експериментираат, создаваат, измислуваат со помош на ритмички музичките инструменти, внесувајќи сопствени креации и интерпретација на музичките достигнувања;

- да ги поттикнува, да создава интерес, да ги запознае и да им помогне на учениците во поврзување на музичкото изразување со останатите активности на креативно слободно изразување: говорно, ликовно и телесно.

*Примери со примена на детски музички инструменти*

*Ритмичко ехо.* Претставува поторување на кратки ритмички мотиви, прво отсвирен од воспитувачката, потоа повторен од децата со еден вид на инструмент. Во повторувањето нема пауза, односно да нема прекин на тековниот ритам меѓу наставникот и повторувањето на учениците:




Кај најголемата група повторувањето може да биде и со двојно ехо (поделени во две групи), воспитувачката гласно (силно), првата група средно силно, а втората група тивко:




Мелодиско ехо, отсвирено или отпеено од воспитувачката, а децата го повторуваат со ритмички инструменти:




*Ритмички мотиви.* Ритмичките мотиви, слични на ехото, со поголема должина од ехото, сепак претставуваат кратки ритмички примери во рамките на еден, два или неколку такта. Мотивот првично го свири воспитувачката, а децата повторуваат. Ритмичките мотиви треба да бидат кратки, за да можат децата да ги запомнат, а потоа да ги повторат. Примерите се свират со повеќекратно повторување на различни ритмички инструменти.










*Придружба на песна со ритмички ударни инструменти.*

Се применуваат ритмички ударни инструменти како придружба во изведба на бројалки, пеени песни, или музички игри. Во вокално-инструменталните аранжмани, пеењето обично го следат две до три групи на ударни инструменти и секоја група има посебен ритмички дел.

Овој начин на ритмичка придружба има повеќе можности, од кои ќе наведеме неколку:

а) придружба со ритмички мотив. Во примерот што следи, во песната „Мајка“, ритамот го сочинуваат: една четвртина и две осмини:



МАЈКА

*Муз. И. Талевска*
*Текст. В. Куновски*




Мотивот потекнува од песната, додека изборот на инструментот кој ќе се примени, зависи од карактерот на песната и содржината на литературниот текст.

б) придружба на нагласени тактови времиња. Ритмичката поддршка на песната се практикува со еден вид инструмент, со разни начини и постапки на изведба. Возрасната групата поделена е на два дела. Првата група пее, а втората придружува со ритмичките музички инструменти, потоа се менуваат улогите. Сите заедно пеат и придружуваат на ритмички ударни инструменти, пример со песната „Во Новата година“.

ВО НОВАТА ГОДИНА

*Муз. З. Запров*
*Текст. Б. Смаќовски*







*Изработка на детски аражмани.*

Покрај доброто познавање на секој детски музички инструмент, воспитувачот потребно е да знае да изработува аранжмани, како и методско – дидактичка постапка за практичната примена на детските музички инструменти.

Во изборот на песната за изработка на аражман, потребно е да се обрне внимание на:

-песната или играта да одговара на детските предзнаења;

- ритамот и мелодијата да се едноставни, да одговараат на возрасната група;

- тематската содржина да одговара на психофизичките способности на возрасната група, како и местото и времето на обработката;

- литературниот текст да биде едноставен, со уметничка вредност, по можност со порака;

- во почетната работа да се изберат бројалки и едноставни песни.

Примерот што следи, со песната „Есен“, претставува претходно работена активност, децата песната ја имаат научено да ја пеат. Нагласениот дел од тактовото време (прво време) се свири со триангл, а може и со чинели, додека прво и второ време се свири со тропалки.

Се пристапува кон совладување на ритамот на првиот инструмент (триангл): сите деца се активни, додека пеат

плескаат со раце (замена за триангл), а воспитувачката ги контролира тоа да го прават изедначено, да одржуваат континуирано темпо. Потоа се преминува кон обработка на вториот инструмент (тропалки), постапката е иста како кај првиот инструмент, плескање со раце. Откако ќе се совлада ритамот за вториот инструмент, се делат на две групи. Сите заедно ја пеат песната, а секоја група го изведува ритамот за својот инструмент со плескање на рацете. Потоа се делат во две групи и секоја група пеејќи, плеска со дланките го следи ритамот за својот инструмент.

- откако ќе се совладаат претходните две етапи, се преминува на следната, односно трета етапа. Првата група пее и свири со триангл, истото го прави и втората група со тропалки;

- откако двете групи одделно ќе ја совладаат песната со пеење и придружба со инструментите, сите деца пеат и секоја група пеејќи го следи ритамот на својот инструмент. На почетокот се појавуваат одредени потешкотии, односно несигурност во ритамот, преминување од едната во другата група, но сепак со повеќекратно повторување (вежбање) истото ќе биде надминато.

Во понатамошниот тек на активноста, се пристапува кон замена на инструментите, за да ги почувствуваат физички, но исто така и нивната примена, така што уште повеќе се зголемува и развива чувството за правилно ритмичко движење.

На крајот од активноста, откако ќе се научи песната со пеење и придружба, може да се сними, а после тоа да следи анализа и коментар, со можност за поправање на грешките. Со оваа постапка се внесува мотивација во работата, децата се ангажираат за постигнување на максимално изведувачко ниво на музицирање. Со оваа методска постапка треба да се применат повеќе дидактичките принципи.

ЕСЕН

*Музика: Т. Радевски*
*Текст: С. Маневски*






Молчи птица крај два бора,
а по поле трактор ора.

Бразди, бразди, песна пее,
сејач в нива семе сее...

Простор шири мал и тесен,
дошла Есен златна Есен.

Аранжман со три различни ритмички музички инструменти: стапчиња, барабанче и тропалки.

Првата група на инструменти (стапчиња) го поддржува основниот ритам, односно претставување на основната единица на броење, преку која се вежба рамномерноста на изведувачките движења. Втората група на инструменти (барабанче) го истакнува нагласениот дел во тактот (тезата), додека третата група (тропалки), претставува интересна ритмичка пулсација– носител на ненагласениот тактов дел (арзата).

Откако песната ќе биде совладана интонативно и со литературен текст, следи етапна реализација, совладување на ритамот на првиот инструмент (стапчињата), потоа барабанчето и на крај стапчињата.

## ЕСЕН

*Муз. И. Талевска*
*Текст: И. Талевска*






*МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ*

Развојот на психичките сособности проследен е и со развојот на физичките способности кај децата од предучилишна возраст. Паралелно со примена на музичко – ритмички движења, се развиваат музичките способности, танцовалноста и емоционалните доживувања. Своите емоции детето ги изразува со движења, таквите движења претставуваат спонтано изразно средство, кое се карактеризира со мелодиски – ритмички движења. Негувањето на развој на мелодиско – ритмичките чувства, чувствата за темпо, чувството за музичка форма, како и формирање на умеења и знаења, треба да бидат застапени од најрана возраст. На тој начин кај децата се развива концентрацијата на вниманието и набљудувањето, се развиваат емоционалните чувства кон музиката, се подобрува музичкиот слух и музичката меморија, се поттикнува визуелната и моторната меморија. Во ваквото заемно делување, важна улога има музичкото образование.

Заедничко помеѓу музичкото и физичкото воспитание, е во тоа што со танцувањето се развиваат музичките способности кај децата, како и психичките и физичките способности и творечките активности. Движењето со музика се користи за поттикнување и активирање на нивната имагинација, спонтаната идеја, емоционалната реакција, насочување на вниманието кон восприемање на музичкото дело, со цел создавање на баланс меѓу емоционалниот и интелектуалниот фактор. Во совладување на знаењата децата имаат потреба и од емоционално, естетско доживување, а преку движењето со музика, детето чувствува творечка индивидуалност, ги задоволува потребите од движење и создава креативна слобода.

Стекнатите знаења од музичките активности, како и знаењата од физичкото воспитание и танцување, треба да им

овозможат на децата започнување и завршување на различни движења и мимики, како и развивање на чувство за ориентација во просторот. Во таа насока, потребно е да се обрне внимание на индивидуалните способности, нивниот темперамент, интелектуалните способности, физичката конструкција, полот и друго. За да се забележат специфичностите на секоја индивидуа, потребно е вешто да му помогнеме „самостојно“ да ги развиваат своите вештини. Кога има потреба да коригира (поправи), неправилно или неритмичко движење на некое дете, воспитувачот го прави и помага, со него танцува применувајќи пофални зборови. Успешна реализација на поставените задачи со музика и движење се постигнува со примена на веќе изучени песни или слушана музика.

Кординацијата меѓу музиката и движењето претставува една целина во естетска насока, но многу значајна во воспитно – образовната работа со деца од предучилишна возраст.

Почетните елементи на движење се природните движења на детето, како што се одење, трчање, плескање со раце, тропкање со нозе, а подоцна истите се надоградуваат прераснувајќи во едукативни воспитно–дидактички активности.

Во музичкото воспитание кај децата од предучилишна возраст се поставуваат соодветни цели и задачи, и истите треба да се реализираат преку активноста музика и движење. Во зависност од возрасната, поделени се во неколку групи:

*Возрасна група од 2-3 години*

Цели и задачи на оваа возрасна група се:

- децата да се оспособат за изведување движења со делови од телото и едноставни движења со целото тело; со придружба на музика детето изведува движења со раце, глава, нозе, тело;
- да се создадат умеења и способности, со едноставни движења да го изразуваат карактерот на музиката, посебно кај маршот;
- да се оспособат за изведување на имитациони движења, придружени со музика (пример: полжав, зајаче, врапче);
- имитацијата на животински гласови, ќе преминат во ритмички мотиви;
- имитација на разни звуци од природата, ликови од приказни;
- да се оспособат за изведување движења со придружба на тропалка;

- поттикнување и активно учество во музички игри и традиционални игри („Оди мачка покрај тебе“; „Топчето ми падна“);

- да се оспособат да го прифатат темпото на музичката содржина и со движење да се вклучат во промена на умерени и брзи темпа.

За реализација на поставените задачи најчесто се користат научени песни или инструментални минијатури, во кои има елементи за изразување на музиката преку движење, како на пример: „Снешко, снешко“, „Вака, така сите деца“, „Јаболчице црвено“, „Перачки“, „Тивко, тивко паѓаат“, „Мјау, мјау мачиња“, „Квачка и полиња“, „Кокиче“и голем број други.

Со реализација на поставените цели и задачи се очекуваат и одредени резултати. Со придружба на музика децата можат да имитираат движења на зајаче, полжав, врапче. Можат да ги усогласуваат движењата со темпото на музиката бавни и брзо.

Изразните движења во помалите возрасни групи, потребно е да бидат конкретни, едноставни и кратки.

Активноста музика и движење потребно е да се применува во комбинација со друга содржинска акитивност, односно со пеење и слушање музика.

*Возрасна група од 3-4 години*

Во оваа возрасна група целите и задачите на музика и движење се:

- оспособување на децата со движење да го изразуваат карактерот на музиката (танцовална, со маршов карактер, спокојна);

- оспособување на децата да ги усогласат движењата со брза и бавна музика;

- да се оспособат со музика и движење да ги означуваат почетоците и краевите на посочените активности;

- воочување на разликите меѓу мирување и движење;

- оспособување за изведба на движења со музика во место, во движење и комбинирано;

- поттикнување на децата слободно да се изразуваат со движења на едноставни кратки музички содржини;

- создавање навика за активно учество во приредби и прослави.

Овие поставени цели и задачи се реализираат преку разни активности, како на пример: слушаат музика и изведуваат

движења во просторот (лазење, потскокнување со една нога, потскокнување со две нозе, тркалање); изведба на движења на музика со приспивен карактер (приспивни песни со пеење и инструментална музика); изведба на движења на музика со маршов карактер; изведба на музика со контрасни темпа брзо – бавно (пр. „Мачка и зајаче“); слушање музички приказни и учество во истите (пр. „Полжавче и зајаче“).

Со реализација на поставените задачи, за оваа возрасна група се очекуваат и следните резултати: децата да можат да се движат и да застанат на даден знак на музиката; да можат да ги усогласат движењата со карактерот и темпото на музиката (приспивна и маршова).

*Возрасна група од 4-5 години*

Цели и задачи на оваа возрасна група се:

-развивање чувство за ритам;

-оспособување на децата за изведување на движења со претходно замислена едноставна кореографија;

-оспособување за изведување на движења според карактерот на музиката;

-оспособување на децата со движење да го изразуваат: мелодискиот регистар (високо, ниско), и темпото (брзо , бавно);

-оспособување за еднаквост (усогласување) преку движењето да ги изразуваат почетоците и краевите на музичките творби;

-запознавање со народниот музички фолклор преку едноставни песни и народни ора.

Претходно споменатите цели и задачи се реализираат преку следните активности: изведба движења со песни (игри со песни); изведба на движења со ритмички содржини (чекорење, плескање, тропкање, потскокнување); изведба на движења слушајќи инструментална музика (со кореографија и без кореографија); изразување на движења во брзо темпо; изразување на движења во бавно темпо; вежби со своите движења да ги започнуваат почетоците и краевите на игрите; учество во музички игри; учество во приредби и прослави; набљудува и воочува различни форми на движења (оро, балет); учество во активности поврзани со традиционални празници и обичаи.

Со реализација на активностите се очекуваат следните резултати: децата своите движења да можат да ги усогласат на едноставна музика; да можат да земат активно учество во

едноставни музички игри; се вклучуваат во изведување на активности поврзани со традиционални празници и обичаи;

*Возрасна група од 5-6 години*

Во оваа возрасна групи преовладуваат истите цели и задачи, што на своевиден начин претставуваат повторување (утврдување) на поставените цели и задачи во претходна развојна фаза. Исто така тоа се однесува и на активностите, односно на очекуваните резултати.

## ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИГРИ

Детските игри, како слободна активност, се многу актуелни донесувајќи големо задоволство и првични животни радости дополнети со одредени сознанија, кај децата од предучилишна возраст. Содржината, формата и функцијата на играта секогаш биле во корелација со материјалните и социјалните услови на општеството. Најзначајна функција на играта е подготовка за живот, кој започнува со самото раѓање. Игрите често можат да се сретнат на места каде што и не се очекуваат, а се создаваат таму каде што истите треба и да бидат. Денес во потполност, луѓето сѐ што работат има можност да се нарече игра, а точна определеност, односно граница што е игра, а што не е игра нема.

Под поимот музички игри подразбираме такви видови на игри во кои музичката мисла е двигател и носител на сите активности кои се случуваат во играта.

Главно и основно, во музичките игри потребно е да дојдат до израз основните задачи на музичкото воспитание, а движењата се средства за побрзо меморирање на детското задоволство со игра и движење.

### ***Значење на музичките игри***

Музичите игри придонесуваат за сестраниот развој на личноста и интелектот кај децата, го збогатуваат психичкиот живот, придонесуваат за збогатување на естетското воспитание и разни водови на движења, придонесуваат за работата на значајни функции на организмот и низа на други способности неопходни за секојдневниот живот. Значењето на музичките игри е во развивањето на способностите кај децата преку

движењето да ја изразуваат музиката. Движењата кај децата се ритмизирани и складни, доколку произлегуваат од музиката и доколку истите се прилагодени со неа.

За да децата ги прилагодат своите движења со музиката, потребно е внимателно слушање музика, со што ќе го почувствуваат нејзиниот пулс, а со тоа добиваат соодветни импулси.

Со музичките игри се развива способноста за забележување, доживување и издвојување на убавото во музиката и на тој начин се влијае на музичкиот вкус, истовремено за развојот на психофизичките, говорните и музичките способности кај децата.

Со музичките игри се развива детската моторика, што се манифестира со контрола на мускулите за време на одење, трчање или скокање. Движењата станување точни, што е добра основа за постепено учење на пословжени вештини.

Музичките игри придонесуваат за развојот на правилното држење на телото и развивање на кординирани движења на рацете и нозете, бидејќи движењето се изведува точно како музиката им налага – складност во ритамот на музиката.

Посебната улога на музичките игри се гледа во развојот на чувството за ритам, како едно од изразните средства на музиката, покрај движењето, говорот, поезијата, сликарството или секојдневните работни активности. Ритамот помага за правилна промена на моментот на работа со моментот на одмор, напнатоста со опуштеноста, забрзување или успорување. Кога ќе се најде правилен однос меѓу сето тоа, потрошената енергија е минимална, а движењата убави и складни. Движењето кое се изведува во одреден ритам, помалку е заморно, и многу брзо преминуваат во автоматизам, бидејќи е во склад со внатрешните и надворешните услови во кои се одвива.

Детето, ритамот и движењето го доживува уште од најрана возраст. Тоа слуша различни приспивни песни изведувани со одредени движења, а исто така ги забележува сите случувања во непосредната близина.

Ритамот претставува природен, физички начин на реагирање на детето во непосредната средина во најрана фаза, па со тоа и првите чекори во музичкото воспитание детето ги започнува со ритам, движење и игра. Одењето и застанувањето во одредени моменти, промената на темпото и интезитетот на движењето, сознанието за нагласените и ненагласените тактови делови, сето тоа доведува до создавање на потреба за ритмичка

свест, која со правилна постапка доведува до позитивни резултати кај детето. Потребно е детето да ја почувствува музичката целина со своите карактеристики, и сè што слуша, ја прикажаува (трансформирано), во игра и во движење. На тој начин интересот за музика се зголемува, имајќи можност сестраниот развој да се одвива со поголем интезитет.

Музичките игри претставуваат почетна основа во работата на секој воспитувач. Од играта и начинот на реализација зависи целокупниот развој на детската личност. Детето од предучилишна возраст секогаш бара игра и има потреба од игра, а воспитувачот е тој што овозможува услови за реализација, го насочува, го поттикнува, дава одредено значење и ја користи за воспитно – образовни цели. На тој начин се задоволуваат потребите на детето за игра, а воедно се приближуваат одредени наставни постапки и принципи кои делуваат во реализација на активностите во предучилишните установи.

Запознавајќи се со вредностите и значењето на музичките игри, како и организација за нејзина реализација, потребно е секоја предучилишна установа да располага со богата збирка на сите музички детски инструменти, ЦД снимки, ДВД снимки и други технички надглесни средства.

Во реализацијата на музичките игри најчесто се применува фронталната и групната форма на работа, додека индивидуалната почесто е застапена со талентираните деца и со посрамежливите деца.

Постојат повеќе музички игри, а нивната поделба зависи од тематските содржини и од поврзаноста на активностите. Во таа насока можат да се реализираат следните музички игри: *игри со пеење, игри со инструментална музика, игри со народни ора и песни, творечки игри (танцови импровизации) и музички драматизации.*

Правиот патоказ во изборот на игрите се дидактичките принципи, музичките способности на децата, нивната заинтересираност и вештината на изведбата на движењата. Секоја игра има свој почеток, тек и крај, а бројалките претставуваат почеток и увод во голем број на детски игри.

***Бројалки***

Децата ја сакаат музиката, емотивно реагирајќи, прават обиди да потпевнуваат, да изведуваат ритмички елементи со движење, да имитираат, да реагираат на интонацијата на

говорот и на правилното слогово нагласување, кое води кон рамномерно ритмизирање на текстот.

Бројалките претставуваат музички игри актуелни кај децата во нивната секојдневна детска активност. Тоа се текстови со весела и ведра содржина и нагласен ритам, а понекогаш на мелодиска подлога од два – три тона, првични музички искуства кои децата ги стекнуваат уште во најрана возраст. Слушајќи го мајчиното пеење, децата уште од најрана возраст ја доживуваат музичката содржина на разни бројалки, плескалки, брзозборки, а во секојдневната игра со своите другарчиња несвесно учествуваат во изведување на едноставни мелодиско – ритмички мотиви. Почитувајќи ги принципите на музичките активности, развивање и оформување на музичките способности на децата од предучилишна возраст, тргнувајќи од поблиски, попознати, едноставни, лесни по содржина, се наметнува идејата за слично организирани игри, а со тоа потребно е првично да се искористат таквите музички доживувања и искуства на своите воспитаници. Бројалките (зборови изговорени во одреден ритам), со мелодија или без мелодија со рамномерно движење, имаат значајна улога во развивање на чувството за ритам и интонација.

Со оглед на значајната улога, бројалките претставуваат омилени детски игри кои се застапени како вовед за играта што следи, а како такви имаат значајна улога за развој на ритамот и негување на воспитните особини на личноста. Исто така, бројалките имаат влијание за развитокот на говорот, збогатување на речникот и поголема сигурност во говорната комуникација со средината. Бројалките, во однос на развитокот на говорот и ритмичките способности на децата, се третираат како средство и како цел. Потребно е да се поттикнува активноста, да ги повторуваат точно интонативно, ритмички точно да ги изговараат, да ги повторуваат фонетски правилно, и да ги помнат.

Според начинот на изведба и целта која се постигнува со нивната изведба, бројалките се делат на говорни и певливи. Меѓутоа и кај едните и кај другите, доминантна улога има ритамот. За подобро доживување и правилна изведба на различните ритмички траења, потребно е текстот да се изговара певливо, поделен на слогови со задолжително движење.

Досегашното искуство кажува, децата најмногу сакаат разновидни игри со бројалки и со ист интезитет се застапени кај сите деца во целиот свет. Тоа посебно се однесува за возрасната

група од три до пет години, но со задоволство ги користат и повозрасните учениците од основните училишта. Со оглед на тоа што со задоволство ги применуваат во нивните игри, според карактеристичниот изразит ритам, бројалките спаѓаат во областа на музички игри. Во нивните текстови најчесто се зборува за тоа што децата најмногу го сакаат: животните, сонцето, ѕвездите, цвеќето, овошјето, зеленчукот, за членови од семејството и сѐ она што ги опкружува.

Бројалките овозможуваат реализација на воспитните, образовните и практичните задачи на музичкото воспитание.

Воспитните задачи се реализираат со почитување на правилата на играта која важи за сите деца, по одреден редослед, бидејќи тоа го бара текстот.

Во рамките на образовните задачи, бројалките овозможуваат доживување на тонските траења, развивање на способност за рамномерна изведба на ритмизираниот текст, разликување на бавно, умерено и брзо темпо, како и способност за задржување на интонацијата на тонот со одредена висина, во текот на изведбата на бројалката.

Практичните задачи се гледаат во корелацијата за развивање на говорот, бидејќи бројалките придонесуваат за правилно изговарање на зборовите и поделбата на слогови. Нивната практична примена е потврдена во организирано учество на разни активности на телото.

*Избор на бројалки*

Во изборот на бројалки мора да се земе предвид возрасната група и просечните можности на децата. Тоа првенствено се однесува на зборовите кои ги содржи бројалката, кои треба да бидат познати и лесни за изговарање, а доколку има и непознати зборови, потребно е истите да се објаснат.

Покрај текстот, потребно е да се обрне внимание и на ритамот на бројалката. Во поголем број на бројалки ритамот е едноставен, но појавата на паузите има можност да создадат нејасности (конфузија), затоа во процесот на обработката потребно е да се посвети посебно внимание.

Кога станува збор за тактот, наједноставни се бројалките во двачетвртински такт. Во поголемите групи може да се применуваат бројалки во четиричетвртински и тричетвртински такт.

*Методска постапка за обработка на бројалка*

Прва задача на воспитувачот за обработка на бројалка, е изборот на бројалка да одговара на соодветната возрасна група, со што се создава можност за полесно совладување. Исто така, потребно е добра подготовка на воспитувачот и примена на соодветни методи, форми и средства за нејзина реализација.

Воспитувачот активноста ја започнува со приказна, рецитирање или разговор, на тој начин во подготовката ги запознава децата со содржината на бројалката.

Како успешно мотивациско средство во воведниот дел, може да се применат илустрации од сликовници, фотографии, куси раскази, стихови или кратки строфи. Конкретно во малата група, воспитувачот прави избор на позната бројалка или користи делови од едноставна песничка.

Воспитувачот ја одредува висината на тонот со кои ќе ја презентира бројалката, а тоа се неколку тонови од првата октава ($e^1$, $f^1$, $fis^1$). Воспитувачот бројалката ја презентира неколку пати во бавно или умерено темпо (во зависност од возрасната група и карактерот на бројалката), со јасна дикција, со точен и нагласен ритам. Потоа следи заедничко пеење на воспитувачот со децата. Во тековните повторувања се обрнува внимание на точното изговарање на зборовите (дикција), на точна ритмичка изведба, како и на точна интонација. Откако децата по повеќекратно повторувања ќе ја совладаат истата, се преминува на групна и индивидуална презентација. По совладување во целост, доколку овозможува литературниот текстот, може да се адаптира во игра.

За успешно совладување, секоја бројалка задолжително да биде проследена со соодветна апликација, цртеж, слика и друго. Како пример ќе посочиме неколку ритмички бројалки, а дел од нив можат да се реализираат со имитација или ономатопеја.

Пример, како ѕвони ѕвончето:




како лае кучето:




како скока зајачето:



предење на маче: 


мјаукање на маче: 


летање на пчелка: 


имитација на воз: 


Примената на бројалките има двојна улога, како прво за релаксација и смирување посебно во помала детска возраст, како што кажавме претходно за развивање на говорот, но сепак потребно е да се нагласи основната цел на бројалките е развивање на чувството за ритам и стремежот за чиста интонација. Со бројалките може да се формира една ритмичка непрекината низа, создавајќи динамична атмосфера и инвентивност, доколку во нив се применуваат елементи на игра или имитација, со што се поттикнува детската самостојност и се развиваат творечките потенцијали. За таа намена се користат фрагменти, ритмички мотиви создадени во народен дух.

Следат примери од бројалки со различна содржина:





Пожелно е да се користат различни визуелни помошни средства, како цртежи, апликации и друго, истите претставуваат *ритмички слики*. Таквите ритмички слики се презентираат на хамер хартија, проектор и слични, на кои претставените предмети треба да бидат јасно видливи, по можност во природни бои.

Пример, во следната бројалка, приказ на ритмичка игра на тема „часовник“. Воспитно-образовната цел на оваа ритмичка игра е развивање на чувството за ритам, споредбена разлика на темпото. За реализација на активноста од дидактички материјали потребни се апликации на ѕиден часовник, будилник и рачен часовник.

Ѕиден часовник (со половини ноти):






Будилник (со четвртини ноти):






Рачен часовник (со осмини ноти):






Откако ќе се совладаат трите различни темпа, се организира ритмичка игра, односно имитација на чукањето на часовниците со различен редослед. На тој начин децата се воведуваат во темпото и ритамот.

Во поголемите групи можноста е поголема за примена на литературен текст составен од повеќе зборови:




Работа со „модели“, се реализира со литературен текст со истакнат ритам, истите создаваат интерес кај децата и спонтано реагирираат на нив. Вербалните бројалки можат да послужат за разбројување во играта, пример:




Бројалките имаат широка примена и со активно учество во движења на телото (рацете, нозете – марширање).




Ритмички мотиви со плескање и тропање со нозе, без литературен текст. Воспитувачот со плескање на дланките го презентира мотивот, а децата го имитираат, истите се изведуваат и со тропкање на нозете:

1. 

2. 

3. 

Ритмички модел за чекорење и скокање:




Ритмички модел за имитација на труба:



Ритмички модел за воз:




***Игри со пеење***

Игрите со пеење, како дел од музичките активности се најчести и најпопуларни форми на активности кај децата од предучилишна возраст. Во нив освен движење, од децата се бара соодветна текстуална, ритмичка, мелодиска и динамичка изведба на песната. За да се реализираат сите поставени задачи, најважен момент е изборот на песната да одговара на соодветната возрасна група, литературниот текст да биде краток едноставен и јасен, со јасна прифатлива содржина и пристапна едноставна мелодија, која децата брзо ќе ја научат и без напор ќе ја пеат.

Во игрите со пеење потребно е да се обрне внимание за детските можности за изведување на движења, а претежно се користат слободни движења, лесно трчање, потскокнувања, движење на телото и рацета, кој постепено преминуваат во сложени движења слични на пантомима и импровизација. Содржините на песните за игри со пеење, да се блиски за децата, како на пример за животни, за цвеќе, за годишно време, за превозни средства (автомобил, авион, брод и слично), за играчки, за предмети и појави од блиската околина, работата на луѓето и друго.

За активно учество во играта потребно е децата претходно добро да ја научат песната (текст, ритам и мелодија). На тој начин песната ќе влијае на изведување на складни изразени ритмички движења, а играта, покрај движењата, како дополнување на песната, овозможува правилна ритмичка, мелодиска и динамичка изведба.

Литературната содржина на голем број песни дава поттик за игра и јасна претстава за движењата кои децата треба да ги изведуваат. Песната станува игра во оној момент кога детето почнува да се движи, да плеска со рацете или свири на ударни инструменти, уживајќи во мелодиската линија, во ритамот и движењето.

*Методска постапка за обработка на игра со пеење*

Во изборот на игри со пеење, воспитувачот потребно е да се раководи како од музичките можности на децата, така и од нивните вештини за изведба на движења. Потребно е да се посвети големо внимание на содржината на песната, на барањата на останатите воспитно–образовни задачи, како и интересот на децата.

Песната со која се изведува играта, потребно е да ги има карактеристиките на права детска песна. Обемот на мелодијата треба да биде помал од обемот на гласовните можности за соодветната возрасна група, бидејќи играта бара и одередено физичко ангажирање. Сложениот ритам, создава одредени потешкотии во изведувањето на играта, како и долгите тонски траења децата потешко ќе ги отпеат, бидејќи немаат доволно развиени пејачки способности за издржување на подолги тонови.

Во почетокот изборот на музичките игри се во бавно (умерено) темпо, за да може да се развиваат вештините на детските движења. Од големо значење е текстот на песната, бидејќи текстот помага да се разбере содржината на играта.

Најнапред, потребно е воспитувачот добро да ја осмисли играта, што подразбира точно и изразно интонациско–текстуална изведба на песната, со потполна синхронизација на движењата. Покрај тоа, потребно е да ги знае правилата на играта и од првиот контакт со играта зависи дали ќе им се допадне играта и дали изведувањето ќе им претставува задоволство. Во подготвителната фаза во изборот на играта, воспитувачот утврдува дали во содржината на играта има ново, во музиката и движењата, а потоа одредува дали играта ќе ја учат истовремено со песната или одделно.

За успешно усвојување на игрите, потребно е кај децата да се поттикне интереси за добра мотивација. Тоа се постигнува со приказни, куклена претстава, или драматизација со соодветни нагласени средства.

По соодветната мотивација, со повторување децата ја учат песната, од која зависи правилната изведба на движењата. Кога децата ќа ја усвојат мелодијата и текстот, воспитувачот ја демонстрира играта во целина, внимавајќи сите деца добро да го набљудуваат. Во некои случаи потребно е воспитувачот повеќе пати да ја повтори изведбата, во зависност од сложеноста на музичката игра. Кога ќе процени дека децата ќе можат играта да

ја повторуваат, најпрво прави избор за група на деца кој се поснаодливи, а потоа ги вклучува и останатите. Дали станува збор за вокална или вокално – инструментална музика, пожелно е да се збогати со звучна перцепција, како на пример со мал тапан, чинели, добиш, тропалки, триангл, со задача за истакнување на ритамот на мелодијата и карактерот на композицијата.

Големо значење има совладувањето на точна интонација, бидејќи тогаш играта со музиката има потполна смисла. Децата се заморуваат додека играат, при што се создаваат потешкотии во пеењето. Со можност за комбинирана изведба со две групи, едната група може да пее, а другата да ги изведува движењата и обратно. Исто така може да се формира трета група – оркестар. Најважно е сите деца од групата активно да учествуваат во реализација на активноста.

Игрите со пеење можат да се изведуваат само со пеење, без инструментална придружба, а за нивната реализација потребен е пријатен глас на воспитувачот (интонација, дикција).

Методската реализација на игрите со пеење, започнуваат со кратка содржина, од која спонтано произлегува мелодијата. Како пример ќе ни послужи песничката „Буба мара“. Самиот поим „Буба мара“, кај децата асоцира на пролет, сонце, топлина, расположение, цвеќе и сл. Значи активноста започнува со разговор и прашања за пролетта и сите нејзини карактеристики, со тенденција и објаснување на инсектите, вклучувајќи ја и буба марата. Песничката „Буба мара“, веќе е научена во претходните активности, односно децата ја имаат научено да ја пеат и веќе се имаат запознаено со карактеристиките на овој инсект. Воспитувачката објаснува како една застанала на нашата рака, и брзо лази по неа. Лазејќи се движи кон прстите, ќе ги рашири крилцата и ќе одлета.

БУБА МАРА




Се имитира лазењето на бубачката со десната рака со показалецот и големиот прст, почнувајќи од подлактицата на

левата рака кон прстите, со неколку повторувања. Потоа летањето се имитира со движење на раширени раце во круг. Групата се дели на два дела, од кои првата група стои во круг, втората се движи во круг, а потоа се заменуваат улогите.

***Игри со инструментална музика***

Реализација на игра со инструментална музика, претставува сложена активност. Инструменталната музика не содржи литературен текст, каде што можноста за перцепирање на играта е минимална, движењата исклучиво се изведуваат во придружба на еден или повеќе музички инструменти. Музиката може да ја изведува и воспитувачот, доколку солидно владее некој музички инструмент, или репродукција со ЦД.

Приоритет треба да се даде на живата изведба, повеќе погоден за вежбање на пооделени делови, посебно ако во кореографијата учествуваат два воспитувачи, така што еден има можност да ги коригира движењата, а другиот да свири на инструмент.

Детските игри со инструментална музика се реализираат според карактерот на композицијата. Детските движења ги следи детската мисла, синхронизирана со музиката, која претставува извесна музичка зрелост на децата. Пред сѐ, се мисли на детското искуство, кое се гради постепено и систематски преку детските песни, игрите со пеење и слушањето музика. Детските движења со инструментална музика можат да бидат многу едноставни, но исто така и сложени, што зависи од возрасната група, како и од изборот на инструменталната композицијата.

Игрите со инструментална музика можат да бидат со тематска содржина или без. Во игрите со содржина децата со одушевување ја преземаат улогата на кученце, маче, коњче, пеперутка, цвет, изведуваат движење кои одговараат на ликовите од музиката која ја слушаат. Во игрите со инструментална музика без содржина, движењата се изведуваат во склад исклучиво со музика, во зависност од темпото, динамиката, ритамот и мелодијата.

Временското траење во совладување на игрите со инструментална музика имаат подолг процес. Тие бараат добра подготовка на воспитувачот, како и изборот на композицијата да биде соодветен за возрасната група. Композицијата треба да

биде кратка, јасна по форма, ритам и динамика, додека мелодијата треба да биде едноставна, разбирлива и лесна за помнење.

Ако воспитувачот знае да свири на музички инструмент, како прво потребно е композицијата да ја отсвири коректно, потоа во зависност од музиката, ги одредува движењата кои децата ќе ги применат во композицијата и начинот на кој ќе ги пренесе.

При покажувањето на движењата, децата ја запознаваат композицијата со која ќе ја исполнат играта. Доколку музиката им се допадне, тие ќе посакаат и понатаму да ја слушаат. Покрај мотивацијата и правилното изведување на композицијата, совладувањето на играта ќе придонесе кратко содржинско излагање. Децата композицијата ја слушаат во целина. Кога ќе ја слушнат и ќе се запознаат со музиката, работата се насочува на слушното забележување, потоа на разликување и препознавање на поедини делови.

Кога децата ќе стекнат сигурност, слушно ќе ги разликуваат деловите на слушаната композиција, се поставуваат прашања, а со тоа се проверува дали разликуваат во што се состојат таквите разлики, дали во карактерот, динамиката, или темпото. Во композиции каде што разликите се минимални, не се воочливи, за да може со збор да се објаснат, тогаш доволно е со слушни препознавања да се разликуваат поедини делови. Откако ќе се запознаат децата со музичката содржина се преминува на движењето.

Пред почетокот со активноста, воспитувачот е потребно да има точна констатација за степенот на знаења за предметите, појавите со кои децата располагаат, како би можел врз база на таквите претходни искуства да се поттикне интересот. Тоа се постигнува со перменентно следење на нивниот развој, а исто така и со разговор и прашања во зависност од содржината што се работи, како на пример: Како скока зајакот? Како се движи мечката? Што прават дрвата кога ветерот дува? Како се движи слонот? итн. Слушаните композиции децата треба да ги распознаваат со изразните средства на музиката – тоновите, поточно ситни нотни вредности во брзо темпо укажуваат на брзи движења, додека долги нотни вредности со бавно темпо укажува на бавни и тромави движења – начин за доживување на движењата. На тој начин се развива разликата во движењата и разбирањето на врската меѓу музиката, содржината и

движењето. Движењата се повторуваат редоследно, сукцесивно кои се јавуваат во играта.

Реализација на овие музички игри преставува сложена активност, бидејќи воспитувачот истовремено треба да свири на музички инструмент, да ги набљудува и поттикнува децата, а понекогаш и да учествува во играта. Поради тоа пожелно е заедничка соработка на два воспитувачи, или механичка репродукција на музика (ЦД, аудио касета), со цел поголема посветеност на децата.

### *Игри со народни ора и песни*

Познато е, нашата татковина има големи богатства на народни ора и песни. Секој крај на нашата земја располага со свои карактеристични народни игри, различни по карактер и содржина. Тие го изразуваат духот на народот, нивните разбирања и наклонетоста врз основа на материјалната и духовната култура.

Овој вид на детски игри се реализираат со пеење или со инструментална музика. Основна карактеристика е почесто повторување на ритмичките комбинации (кореографија). Движењата се претходно одредени и систематизирани, а децата треба да се придржуваат на правилата на играта. Претежно се применува кај деца кои имаат стекнато самостојност и снаодливост во изведување на движења поврзани со музика.

Движењето на народните игри се состојат во чекори со ороводен карактер, во кои има потскокнување во место или во движење, потоа движење околу себе или околу друг, ритмичко движење од десно кон лево, напред и назад.

Во процесот на изучување на играта најчесто се применува фронтална форма на работа. Како прво потребно е да се повтори порано изучената мелодија и текст. Воспитувачот децата ги распоредува во полукружна форма, демонстрирајќи ја играта во целина. Потоа следи детален опис на играта, ја одредува соодветната формација која децата треба да ја заземат, начинот на држење и изведбата на поедини чекори. Едноставните игри се изучуваат во целина, додека малку потешките во делови.

Доколку треба да се реализира игра во делови, потребно е прво да се покаже и научи првиот дел на играта, а кога и вториот дел малку ќе се научи и извежба, веднаш се поврзува со претходниот и се вежба во целина. Откако ќе се совлада играта,

воспитувачот повремено коригира, објаснува, демонстрира за правилно држење на телото и со музичка придружба продолжува вежбањето. Посебно внимание треба да се обрне на синхронизација на играта на поединци во орото, за колективно изразување на движењето.

Со престојот во детските градинки, пожелно е децата да се запознаат со неколку народни ора и народни песни.

***Креативни музички игри (танци, импровизации)***

Творечките игри, танцовалните импровизации или креативните игри, се активности во кои децата сами создаваат движења со музика. Ваквите активности се организираат само за деца, во рамките на физичките активности, кои имаат совладано разни начини на природни форми на движења, како што се одење и трчање во место, движење напред, назад и бочно, потоа движење со обичен чекор, со привлекување и премин, потскокнување на една или на две нозе, потскокнување, вртење и различен начин на движења на поедини делови на телото, како и одржување на рамнотежа во различни положби. За да можат овие движења да се применат во танцување, потребно е децата претходно да се оспособат за ритмичка, стилизирана и фигуративна изведба, во која форма, истите се применуваат. Потребно е преку специјални задачи воспитувачот да ги оспособи децата на пример чекорењето и трчањето да се движат кон тонските вредности (траења) на зададената музика, поедини делови на телото да ги движат брзо, бавно, рамномерно или со променлива брзина, конкретно изразување на карактерот и содржината на музиката, која може да биде силна, нежна, шеговита или тажна.

Децата најпрво ги создаваат движењата на позната песна или претходно слушана музика, а подоцна се воведува нова, која е непозната, но за танцување соодветна. Со нова музика децата создаваат и нови движења, комбинирајќи ја со веќе познатата и само тогаш доаѓа до полн израз детското танцовално творештво.

Танцовите импровизации се иницираат со литературна содржина и соодветна музика. Кога децата ќе ја ислушаат музиката, следат творечките изразни движења. Воспитувачот има важна улога за реализација на активноста со тоа што применува соодветни методи за поттик, како на пример - да покажат движења на она што музиката им зборува. Соодветниот

избор на музика, ќе ги поттикне децата на движење, а посебно ако избраната музика е весела и енергична.

Творечките активности кај децата во ниту едно подрачје на активност не настанува само од себе. Пред сѐ тоа е резултат на добра организација, постапност и систематичност во работата.

Дидактичките принципи се постојано присутни, некои повеќе, некои помалку застапени, во зависност од потребата, содржината на активноста, но принципот на постапност во оваа активност има неприкосновена улога, а до реализација на креативната иницијатива патот е долг. На тој пат има многу елементи кои треба да бидат запознаени и практикувани.

Бидејќи децата ги имаат совладано вештините на движењата на своето тело со музика, ги воведуваме во танцот со разни предмети (јаже, топка, обрачи и друго), или некои од музичките ритмички инструменти (тропалки, прапорци, кастањети и друго). Така, создавајќи движења изведувачите добиваат поддршка со ритмичката придружба. На детското творештво потребно е да се даде што повеќе слобода, а нивните желби, можностите и интересот треба да се прифатат како значајна особина во процесот на усвојување на знаењата и разбирањето на музиката како уметност.

***Музички детски драматизации***

Музичките драматизации се популарна форма на детски креативни игри. Тоа се сложени игри, во комбинација со приказни, со пеење на одделни улоги, танц, поткрепен со инструментална музика. Целта на музичките драматизации е развојот на говорот, пеењето и синхронизирани движења со музика.

За музичките драматизации воспитувачот прави избор на интересна приказна, проследена со музика, во која сите деца ќе земат активно учество. Едната група ќе пее – ќе го претставува хорот, другата група ќе свири на ударни детски музички инструменти – ќе претставува оркестар, а одреден број на деца во соодветни костими со едноставни движења со зборување или пеење – претставници на глумци. Важна улога во музичките драматизации има раскажувачот, кој има улога да ги поврзе сите делови на играта во една целина. Раскажувачот во прво време секако е воспитувачката, а потоа улогата ја презема дете.

За реализација на музичка драматизација неопходен е подолг временски период за совладување на играта. Потребно е децата да се запознаат со цела приказна, а потоа да се поделат

улогите. Улогите не се учат со вежбање поединечно со секое дете, туку сите деца заедно со повеќекратно вежбање–повторување.

Текот на совладување и вежбањето на драматизацијата може да се подели на делови, кои одделно ќе се вежбаат, а потоа се спојуваат во помали или поголеми целини.

Во овој вид на музички активности има можност во потполност да дојде до израз тематската поврзаност со останатите воспитно – образовни подрачја. Така на пример, во рамките на активностите за развојот на говорот, децата треба да го совладаат текстот на драматизацијата и карактеристиките на дадените улоги. На активностите по музичко воспитување децата учат песни или слушаат музика, на основа на која ќе се организира музичката драматизација. Телесните активности ќе се искористат за вежбање на движењата, а ликовната подготовка на декорот со маски и костими, неопходни за сценска изведба.

Богатата содржина, адекватната декорација и реализацијата на добрата осмислената драматизација, создава ефектна слика, а кај децата остава длабока трага во детската меморија.

## *ОСНОВИ НА МУЗИЧКОТО ТВОРЕШТВО*

Основните поими од областа на музичкото творештво децата можат да ги запознаат низ музичките игри кои треба да бидат интересни, едноставни, пред сѐ, во начинот на нивната изведба. Таквите игри потребно е добро да бидат осмислени и испланирани, за децата на едноставен начин да се запознаат со видови на звуци, тонските карактеристики, мелодија, ритам, динамика.

Анализирајќи ги состојбите на музичката педагогија и практика, кај нас и во светот, се доаѓа до констатација дека развојот на детското музичко творештво и неговите способности имаат важна улога во сестраниот развој на детската личност.

Уште пред повеќе години, Ј. Х. Песталоци (1746 – 1827), истакнува дека уште во раната детската возраст потребно е да се започне со активирање на творечките способности со децата. Потребно е децата да почувствуваат природен стимул не само за восприемање и репродуцирање на уметничките творби, туку во истите да внесат нешто ново, нешто свое, различно од претходните.

Познатите светски композитори и музички педагози, Е. Ж. Далкроз 1865 – 1950; К. Орф 1895 – 1982; З. Кодаљ 1882 – 1967; Д. Б. Кабалевски 1904 – 1987 и други, прашањето за оспособување на детското музичко творештво и изразување, го гледаат уште во предучилишна возраст. Една од појдовните задачи за естетското воспитание е поврзано со раното откривање и развивање на секое дете, со развојот на уметничките способности, со подготовка за емоционална чуствителност, мислењето и имагинацијата. Детското музичко творештво на некој начин може да ја отсликува социјалната и националната претстава на децата, која од своја страна има водечка улога на фолклорот во воспитанието и образованието на младите генерации. Тоа не значи дека современите деца ќе бидат изолирани од интернационалното воспитание и образование, напротив активностите треба да бидат проследени со идеи за мир и дружење меѓу децата од соседството и пошироко.

Од најрана возраст децата спонтано импровизираат мелодии, танци, ора и друго, а веќе на поголема возраст, над пет и шест години почнуваат активно да прават одредени комбинации од истите, компонираат, односно се стремат да создаваат нови песни поткрепени со игри. На прв поглед таквите спонтани реагирања изгледаат како вообичаено, како природно за родителот и за воспитувачот, но на таквите реагирања потребно е да се обрне поголемо внимание, кое придонесува за интелектуалниот развој на децата. Во својата работа воспитувачот може да забележи како децата пројавуваат интерес и потреба за импровизација. Смислата за импровизација е поголема кога детето е здраво и во добро расположение.

Со развитокот на творечките способности, децата се стремат кон усовршување на стекнатите знаења, умеења и навики, преовладува слобода на мислењето, чувствуваат неопходност од самостојни сознанија.

Музичката импровизација по својата специфика дава можност за потполност и компактност во развојот на творечките способности на децата. Со неа се разоткриваат сите страни на музикалноста, кои се неоходни за сите музички дејности: емоционалната чувствителност, музичкиот слух, вниманието, мислата и зборот, музичката меморија, имагинацијата, самостојноста и друго. Со импровизацијата децата добиваат можност за „вежбање“ на музичкиот слух и меморија, врз основа на музичко –акустични претстави, придобиени главно од пејачката и

инструментална активност. Слушањето музика, исто така укажува на позитивно делување на детето во активирањето на самостојна иницијативност по индиректен пат – влегува во музичките изразни средства. На тој начин го активира своето внимание, чувства, меморија, волјата и имагинација.

Самостојната активност кај децата вклучува и творечка активност. Детето ги користи научените знаења и умеење во сознанието, ги користи истите, внесува нешто свое за да го промени другото, за да создаде нешто ново (поразлично од претходното). Таквите деца со богата имагинација, со чувства и со доверба во себа, посакуваат да поставуваат најразлични прашања. Тоа се љубопитни деца, внимателни и деца со аналитички став. На тој начин и одговорноста на воспитувачот е поголем, од причина што на сите тие барања потребно е да даде одговор.

Реализацијата на детското музичко творештво може да се подели во неколку групи:

- *во првата група* спаѓаат репродукција и реализација на пеењето и свирењето со детски музички инструменти. Детето внесува елементи на сопствена интерпретација, но главно се поткрепува на репродуктивно мислење. Таа фаза има големо значење за малото дете, а тоа бара од воспитувачката и семејството да посветуваат посебно внимание, да го поттикнуваат, да го стимулираат за лична интерпретација на песната, независно од тоа дали се разликува од замислата на композиторот.

Импровизација на музичка активност кај децата создава опуштеност и конкретно мислење. Кога кај нив се содадени навики за самостојна работа – во предучилишните установи или во семејството, децата не само што репродуцираат песни и мелодии, исто така прават обиди за комбинации со сопствени размислувања. Како што е познато, детските песни се создаваат и се исполнуваат од децата. Тоа е детско творештво, пренесувано, изменето и дополнувано од колено на колено, како што е фолклорот кај возрасните. Многу од тие песни се сретнуваат во различни варијанти, во зависност од местото на создавање и од индивидуата која презентира. Тоа зборува дека варијантата е резултат на детската активност и инвентивност. На овие факти потребно е посебно да се обрне внимание, бидејќи голем број на воспитувачи, не ги забележуваат, а исто така и не ги користат таквите форми на варијанти. Тие сметаат, дека најкорисно е она воспитание, во кое се реализираат секогаш точно детските песни, или песни од композитори, но сепак важна улога има

примената на слобода во начинот на изразување т.е. придобивките од примена на можни варијанти, како начин за творештво кај децата.

- *во втората група* спаѓа импровизација на движења при слушање на музика, музички разговор – прашања и одговори при пеење, ритмички импровизации со различни детски музички инструменти. Овие активности придонесуваат за развојот на творечките активности. Така на пример, кај музичките разговори (прашање – одговор), детето се потпира на интонацијата и ритамот, кои се поставени од воспитувачот или од друго дете.

Хеуристичката самостојна работа се потпира на творечките барања. Во текот на реализирањето на когнитивната дејност вниманието на децата е насочено кон рашавање не само на поставените барања, организирана од страна на воспитувачиот, туку реализацијата на таквите хеуристички задачи е поврзано со решавањето на сите проблеми или на само на оддлелни проблеми. Како резултат на така организираната самостојна работа, децата се стекнуваат со искуство за творечката активност преку барањето, т.е. преовладување на нови елементи во творештвото.

- *во третата група* се застапени самостојно импровизирање со помош на детските музички инструменти со музиката, која децата ја слушаат, пеење – импровизација со претходно научен текст од децата, литературен текст со мелодија со свирење и пеење и друго. Со такви активности вниманието на децата се карактеризира како продуктивна, додека нивните активности како творештво.

Импровизација на песничка претставува емоционално доживување на детето, поврзана со неговата склоност да ја прикаже содржината на литературниот текат, да избере најдобра мелодија и ритам. Тоа открива дека децата имаат изградени многубројни слушни претстави и тие му овозможуваат слободно да се изразува со нив, да ја развива творечката имагинација, да ги открива сопствените знаења.

За да се одбегне во извесен степен стихијноста на детското музичко творештво, децата коишто „компонирале“ пред групата треба да бидат повторно застапувани, во иста или слична содржина. Таквата постапка ги поттикнува да користат некои од компонираните мотиви/фрази, да ги запомнат и истовремено да ја збогатат својата песничка. Така во одредени

моменти на емоционалната состојба детето се навраќа кон замислата на својата творечка задача, создавајќи можност за совладување на тешкотиите, а во извесна мера и влијанието на моменталната состојба.

Затоа, музиката којашто децата активно ја слушаат, станува основа за активирање на слушните музички претстави и основа за творештво. Потребно е да се истакне и влијанието на средината во којашто детето живее и се равива, пред сè семејството и блиската околина.

Наједноставното детско изразување, во замена на говорот, е музичкото изразување преку пеење, музика и движење, музичкото творење, музичките импровизации.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Абдулин, Е., (1976) *Началният етап на музикално възпитание в общшообразователните учичища в Япония*. В сб.: Светът и музикалното възпитание, Народна просвета, София.

Andre, L., (2009) *Pedagogija Muzičkog konstrukta*, Zadužbina Andrejević, Beograd.

Andrilović, V., (1987) *Metode i tehnike istraživanja u psihologiji odgoja i obrazovanja*, Školska knjiga, Zagreb.

Bognar, L., (1999) *Metodika odgoja,* Pedagoški fakultet Osijek, Osijek.

Bogunović, B., (2008) *Muzički talenat i uspešnosti,* Institut za pedagoška istražuvanja, Beograd.

Brdarić, R., (1986) *Pripremanje nastavnika za nastavu glazbene kulture*, Školska knjiga, Zagreb.

Vuković, N., & Komnić, (1981) *Muzičke igre,* DEČJE NOVINE, Gornji Milanovac.

Запров, З., & Талевски, В., (2007) *Основи на музичкото образование со методика I,* Скопје.

Запров, З., & Талевски, В., (2008) *Основи на музичкото образование со методика II,* Скопје.

*Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007) Биро за развој на образованието, Скопје.

Koren, I., (1989) *Kako prepoznati i identificirati nadarenog učenika*, Školske novine, Zagreb.

Огненоска, Н., (1995) *Теория и методика на музикалното възпитание*, ВИСШ Педагогически институт „Неофит Рилски„ Благоевград.

*Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки,* Министерство за труд и социјална политика, Сл. Весник бр. 125, 2007.

Manasteriotti, V., (1982) *Muzički odgoj na početnom stupnju, Školska knjiga*, Zagreb.

Mužič, V., (199) *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja*, EDUCA, Zagreb.

Novak, I dr. (1987) *Glazbena kultuta u prvom, drugom, trečem razredu osnovne škole*, Školska knjiga, Zagreb.

Požgaj, J., (1988) *Metodika nastave glazbene culture u osnovnoj školi*, Školska knjiga, Zagreb.

Попдучевски, В., (1983) *Детето, музиката и ние,* Прирачник за работа со деца од предучилишна возраст, Просветно дело, Скопје.

Plavša, D., Popovič, B., Erič., (1960) *Muzičko vaspitanje, zavod za izdavanje udžbenika*, Beograd.

Радевски, Т., & Радевска, Н., (1995) *Песната како едукативна комуникација во наставата по музика во основното образование*, ИРНЕЛ, Скопје.

Радевски, Т., & Радевска, Н., (2004) *Модели на креативна музичка настава, методски прирачник по музичко образование за наставници за I дделение*, ИРНЕЛ, Скопје.

Radoš-Marković, K., *(1998) Psihologija muzičkih Sposobnosti, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva,* Beograd.

Смокварски, Ѓ., (1997) *Музичко воспитание за III и IV одделение*, Просветно дело, Скопје.

Станковић, Г., (1996) *Настава музичке културе, приручник за учитеље и студенте учитељског факултета*, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.

Habermejer, Š., (2001) Prava muzika za vaše dete, igt, Čačak.

Čudina-Obradović, M., *(1990) Nadarenost,* Školska knjiga, Zagreb.

Đorđe, L., (1991) *Metodika razredne nastave*, Nova prosveta, Beograd.

Шуплевски, Д., (1999) *Уметноста на хорското пеење*, Сојуз на композиторите на Македонија, Скопје..

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание:
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41